ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# ИДЕНТИТЕ НА СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2015

ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ:

**Раководител на проектот**
проф. д-р Ганка Цветанова

**Автори и истражувачи:**
проф. д-р Ганка Цветанова
проф. д-р Петар Атанасов
вон. проф. д-р Горан Јанев
вон. проф. д-р Маријана Марковиќ
вон. проф. д-р Елеонора Серафимовска
доц. д -р Бојана Наумовска
доц. д-р Анета Цекиќ

**Рецензенти:**
проф. д-р Мирјана Борота Поповска
проф. д-р Емилија Симоска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.35-053.6(497.7)(082)

ИДЕНТИТЕТИТЕ на студентската популација во Република Македонија / [автори и истражувачи Ганка Цветанова ... и др.]. - Скопје : Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2016. - 112 стр. : граф. прикази ; 21 см

Библиографија кон трудовите

ISBN 978-9989-633-46-1
1. Цветанова, Ганка [автор]
а) Млади - Идентитет - Социолошки аспекти - Македонија - Зборници
COBISS.MK-ID 101019914

## Содржина

ПРЕДГОВОР ........................................................................................................ 5

ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА ............................................................................ 7

*Петар Атанасов, Бојана Наумовска*
МЛАДИТЕ ПОМЕЃУ КОЛЕКТИВНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ И ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈАТА ...................................................................... 11

*Горан Јанев*
ЛОКАЛЦИ ИЛИ ГРАЃАНИ НА СВЕТОТ ........................................................ 35

*Анета Цекиќ*
ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ .............................. 45

*Ганка Цветанова*
РЕЛИГИЈАТА И СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ......................................... 67

*Маријана Марковиќ, Елеонора Серафимовска*
САМОПЕРЦЕПЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ЗА НИВНАТА ЛИЧНОСТ, ФАКТОРИ И ПОСЛЕДИЦИ ........................................................................ 89

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........................................................................ 107

## Предговор

Монографијата „Идентитетите на студентската популација во Република Македонија" произлезе како резултат на истражувањето во рамките на проектот наречен „Реални и виртуелни идентитети кај студентската популација во Република Македонија", спроведено од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) во Скопје. Проектот беше реализиран со финансиска помош од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Истражувањето го реализираше истражувачкиот тим на ИСППИ и тоа во следниов состав: проф. д-р Ганка Цветанова, проф. д-р Петар Атанасов, вон. проф. д-р Горан Јанев, вон. проф. д-р Елеонора Серафимовска, вон. проф. д-р Маријана Марковиќ, доц. д- р Анета Цекиќ и доц. д-р Бојана Наумовска.

Авторите на текстовите содржани во оваа монографија се осврнуваат на аспектот на идентитеската определба на студентската популација во Република Македонија во услови на актуелните општествени и политички констелации.

Имено, според определени политички индикатори македонското општество сè уште го минува својот пат на демократска транзиција[1], што во голема мера влијае на и онака ранливата општествена и политичка реалност која секојдневно ја живееме. Од друга страна, пак, како резултат на новите информатичко-комуникациски технологии кои овозможуваат непречен пристап до информацијата како и нејзина брза дисеминација, изложени сме на глобалните трендови кои неминовно го диктираат и креираат начинот на нашето секојдневно функционирање и комуницирање. Во таа смисла, основната цел на оваа монографија е да се прикажат актуелните состојби во однос на идентитетската определба на студентската популација во Република Македонија како и на нивните ставови поврзани со граѓанските и политичките активности во услови на горе споменатите општествени констелации.

Поконкретно, монографијата содржи 5 (пет) тематски целини со кои кај студентската полулација во Република Македонија се анализирани следниве аспекти: студентите помеѓу колективните идентитети и индивидуализацијата; студентите како локалци или граѓани на светот; ставовите на студентите во врска со нивната политичка партиципација; студентите и нивниот однос кон религијата; како и самоперцепцијата на студентите за нивната личност.

Во првата тематска целина насловена како „*Студентите помеѓу колективните идентитети и индивидуализацијата"*, направен е обид да се квантификуваат процесите и состојбите во однос на идентитетите на студентската популација во Република Македонија. Истовремено, авторите на оваа тематска целина го истражуваат односот на студентите кон она што се нарекува колективен идентитет наспроти потребата од индивидуализација, притоа, идентификувајќи ги главните трендови и односот на младите кон овие феномени.

---

[1] Според Линц и Степан (1996) демократската транзиција е завршена тогаш кога е постигнат значителен договор во врска со политичките процедури за да се произведе избрана влада, кога владата се формира како резултат на непосредни слободни и народни избори, кога оваа влада de facto го има авторитетот да генерира нова политика и кога извршната, законодавната и судската власт, генерирани од страна на новата демократија, не ја делат власта de jure со другите тела во државата.

Авторот, пак, на второто поглавје насловено како „Л*окалци или граѓани на светот”* го истражува влијанието на дигиталниот свет врз идентитетските определби на испитаниците на континуумот помеѓу локалното и космополитското, ставајќи акцент на перцепциите на вклученоста и засегнатоста на младите испитаници со прашањата и проблемите од локално, регионално, до интернационално знаечење.

Делот од монографијава, насловен како „*Ставови околу политичката партиципација на студентите*" го истражува граѓанскиот ангажман и политичката партиципација на македонските студенти и тоа: интересот за политика, идеолошкото позиционирање, ставовите кон неколку форми на политичка партиципација, како и членството во доброволни асоцијации.

Религискиот идентитет е централниот аспект на истражувањето во рамките на тематската целина со наслов:

„*Религијата и студентската популација во Република Македонија”.* Поконкретно, во фокусот на ова истражување се наоѓаат местото и улогата на религијата кај студентската популацијаа во Република Македонија, како и степенот на нивната религиозност.

Делот насловен како „*Самоперцепција на младите за нивната личност, фактори и последици”* имаше за цел да истражи како младите се перципират себеси, со кои карактеристики се опишуваат себеси, како и да дознае кои се факторите кои ја определуваат таа самоперцепција. Овој дел од истражувањето, всушност, е во доменот на психологијата на личноста и се базира на циркуларниот модел на интерперсоналното однесување (оригинално circumplex model of interpersonal behavior).

Истражувањето беше спроведено на четири државни и два приватни универзитети, и тоа: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола, Државниот универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Државниот универзитет Тетово, Универзитетот на Југоисточна Европа и Универзитетот ФОН.

Во таа смисла, истражувачкиот тим на ИСППИ сака да ја искаже својата благодарност до сите Универзитети кои ни овозможија пристап и можност да го спроведеме и реализираме истражувањето во рамките на проектот „Реални и виртуелни идентитети во Република Македонија’’.

Проф. д-р Ганка Цветанова
Раководител на проектот

# ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувачката методологија за проектот е утврдена од страна на членовите на истражувачкиот/експертскиот тим на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје.

## Временска рамка

Теренскиот дел на истражувањето се одвиваше во периодот од 1. 9. 2012 до 1. 7. 2013 година, додека активностите од останатите фази неопходни за изработување-токата на студијата „Реални и виртуелни идентитети во Република Македонија“, се одвиваше во текот на 2014 и и првата половина на 2015 година.

## Методолошки пристап

За реализирање на истражувачката цел беше конструиран анкетен прашалник поделен во логички целини. За целите на истражувањето се спроведе анкетно истражување (лице в лице) на пригоден примерок, составен од категорија на испитаници - претставници на студентската популација во Република Македонија.

Добиените податоци се анализирани на квантитативно ниво, со примена на соодветни статистички постапки и техники.

За финалниот извештај, кој подразбира подлабока анализа и интерпретација на резултатите од страна на истражувачкиот тим, се применија посложени статистички постапки, карактеристични за квантитативната обработка на податоците. Имено, податоците покрај тоа што се анализирани на униваријантно ниво, тие се анализирани и на биваријантно и мултиваријантно ниво и тоа преку користење на соодветни параметриски (во определени случаи и непараметриски) постапки, како што се: кростабулации, (споредба на) средни вредности и корелации, со проверка на статистичка значајност (Chi-square, Independent T sample test, ANOVA, Post Hoc test, Bivariant correlation, Bynary logistic regression). Вака добиените резултати можат да генерализираат сознанија кои во 95% (ниво на значајност $p<0,05$) ќе важат за студентската популација во Република Македонија.

## Истражувачки инструмент

За потребите на истражувањето беше креиран прашалник од страна на истражувачкиот тим на ИСППИ, кој имаше за цел да ги измери и да ги испита карактеристиките, ставовите, вредностите и убедувањата на младите во Република Македонија во однос на повеќе области:

- Изложеноста на глобалните комуникациски текови;
- Вклученоста во компјутерски посредувана комуникација;

- Информираност;
- Интерес за политички и општествени прашања од глобално и локално значење;
- Ставовите за учеството во политички и граѓански активности;
- Важноста и значењето на културниот, етничкиот, националниот,
- граѓанскиот и религискиот идентитет;
- Степенот на религиозност;
- Самоперцепцијата за нивната личност.

Покрај прашањата од осумте тематски целини, прашалникот содржи и дел посветен за демографските податоци.

## Опис на примерокот

За истражувањето е употребен пригоден примерок, како најсоодветен за специфичната таргет популација - студентската популација во Република Македонија.

Критериум за дизајн на примерокот е: активен/а студент/ка запишан/а во трета или четврта академска година на прв циклус на универзитетски студии во Република Македонија. Истражувачкиот примерок е со големина од вкупно N=707 испитаници, студенти на повеќе државни универзитети, еден јавно-приватен и еден приватен во земјата.

**Табела 1:** Приказ на примерокот на испитаниците според пол изразен во проценти



**Табела 2:** Приказ на примерокот на испитаниците според универзитет изразен во проценти




**Табела 3:** Приказ на примерокот на испитаниците според етничката припадност изразен во проценти



**Табела 4:** Приказ на примерокот на испитаниците според религиозната припадност изразен во проценти



Проф. д-р Петар Атанасов
Доц .д-р Бојана Наумовска

# МЛАДИТЕ ПОМЕЃУ КОЛЕКТИВНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ И ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈАТА

## Вовед

Едно од основните теоретски прашања за тоа како да ги интерпретираме општествените феномени и институции е поврзано со човековата акција и социјалната структура. Имено, се работи за тоа колку сме ние како субјекти креативни актери или колку ние активно ги контролираме или менуваме условите во нашиот живот. Спротивно на ова, се наметнува прашањето дали голем дел од она што го правиме е резултат на веќе создадените социјални сили кои се надвор од нашата контрола. Класичните автори различно се произнеле за оваа дилема. Макс Вебер и симболичките интеракционисти ја нагласуваат активната и креативната компонента на човечкото однесување. Емил Диркем, пак, ја нагласува природата и влијанието на социјалните структури врз нашите акции. Модерните теоретичари, исто така, истражуваат и се обидуваат да објаснат кој е помоќен во креирањето на општествените феномени. На пример, Ентони Гиденс и Улрих Бек се обидуваат своите учења да ги насочат кон индивидуализацијата и креативноста на современиот човек. Според Гиденс, постојат социјални структури – традиции, институции и морални кодови, како етаблирани начини на кои се прават нештата. Но, ова може да биде променето ако луѓето почнат да ги игнорираат овие структури, да ги заменуваат или да ги репродуцираат различно. Една од категориите на што сакаме да ја испитаме и да ја анализираме оваа дилема е идентитетот. Дали и на кој начин се менуваат идентитетите кои се чинат цврсти и вечни како гранитен столб на современите нации?

Студиите за идентитетот во општествените науки во изминатите години станаа многу популарни. Потрагата по корените и суштината на колективните идентитети ги донесе теоретичарите до современото општество кое е нестатично и се наоѓа во постојана промена. Во модерниот свет се претпоставува дека човекот почнува да се ослободува од општествените и традиционалните стеги и се обидува да го креира сопствениот идентитет според сопствените убедувања и потреби. Ако оваа дилема ја аплицираме во македонското општество, тогаш постои простор за анализа што се случува со нашите колективни идентитети, но и до каде е процесот на индивидуализација кај младата генерација. Истражувачките прашања се дел од едно поширока студија за студентската популација изработена од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. **Со овој труд се обидовме да ги квантификуваме процесите и состојбите со идентитетите во однос на студентската популација во Република Македонија и нивните чувства за колективен идентитет наспроти потребата од индивидуализација.** Покрај тоа, се обидовме да ги идентификуваме главните трендови и односот на младите кон овие феномени. Најпрво се задржавме на теоретската основа за идентитетот.

## За идентитетот воопшто

**Идентитетот ни дава идеја за тоа кои сме ние** и како се поврзуваме со другите и со светот во кој живееме. Идентитетот ги одбележува начините на кои ние сме исто со другите кои ја споделуваат таа позиција и начините на кои ние сме различни од оние кои тоа не се (Woodward, 1997). Оттука, може да се извлече заклучок дека **идентитетот зависи од припадноста на некоја група или колективитет**, наспроти некоја друга група. Важноста на групниот идентитет ја потенцираат и многу теоретичари од културните студии. Аргументирајќи, пак, дека концептот на „идентитетот" е централен во многу современи социолошки анализи, Бендл истакнува дека иако идентитетот е витален и проблематичен во модерноста, тој сè уште е недоволно теоретизиран и неспособен за аналитички придонес каков што бара современата ситуација (Bendle, 2002). Затоа, истражувачите се обидуваат да ја пополнат оваа празнина.

За многумина, пак, **идентитетот е перцепција.** Доколку некој идентитет не значи ништо за популацијата за која се расправа, оваа популација го нема овој идентитет (Greenfeld, 1992). На пример, идентификаторите на етничноста не генерираат автоматски „идентитет", бидејќи клучно е како поединецот ќе одбере да се идентификува со овие карактеристики. Значи, за некого идентитетот е едноставно усвоена перцепција. Сепак, културните идентитети доаѓаат од некаде, имаат историја. Но, како и сè што е историско, тие доживуваат константна трансформација. Далеку од тоа, тие да се вечно фиксирани во некое есенцијализирано минато, **идентитетите се субјект на континуирана „игра" на историјата, културата и моќта**. (Hall, 1990). Шоплин истакнува дека ние сите имаме и индивидуални и колективни идентитети, дека ние сме членови на многу групни колективни идентитети и дека индивидуалните и колективните идентитети се во некоја форма на реципрочно зајакнување. Исто така, нагласува тој, **идентитетите, заедно со сите човекови активности, се конструирани**. (Schoplin, 2003) Дека идентитетите се конструкција, како за поединците, така и за колективите, е веќе општ заклучок во науката.

Многу истражувачи тврдат дека **постои неизбежна врска меѓу културата и идентитетот**. Се претпоставува дека културите го создаваат идентитетот. Кога луѓето размислуваат за идентитетот, тие не ретко имаат ги имаат во предвид: јазикот, етничноста, религијата, симболите. Културата и идентитетот не се само апстрактни поими за нив, туку живи концепти што се блиску поврзани со нивните животи. Исто така, **културите се појавуваат и се менуваат со текот на времето**. Тие содржат конфликтни елементи и конфликтни интерпретации. Со културите, заедно, се менуваат и идентитетите. Но, **идентитетите се делумно субјективно детерминирани и делумно објективно наметнати,** а миксот на овие две позиции се разликува од еден до друг контекст. Луѓето понекогаш го доживуваат својот идентитет како фиксен, некогаш како избран, а понекогаш како комбинација од двете. Значењето и истакнатоста на определен идентитет се разликува од една до друга личност кои делат ист идентитет и кој може да се промени со текот на времето, како за групата така и за поединецот. (Carens, 2000) Од досега кажаното, како за единечен поим, имаме работа со сложена општествена и културна реалност – со идентитетот.

## За колективните идентитети

Најпрвин за националниот идентитет. Според Фишман, селаните имале конкретна свест: нивниот идентитет бил повеќе поврзан со ова село, со оваа долина, отколку со поапстрактната идеја за нацијата. Светот, во кој е природно да се има национален идентитет, го пресретнуваше и го надминуваше, постариот свет. И сега се чини чудно дека пред четири генерации имало луѓе кои ниту знаеја, ниту сакаа да ја знаат, својата националност. Светот со фиксирани граници и јасно раздвоени идентитети, го замени овој постар свет (Billig, 1995). Покрај ова, за една нација да егзистира не е потребно целата популација да мора така да се чувствува, или однесува, ниту е можно да се постави догматски минимум процент од населението, што мора да биде погодено од неа. Кога значајна група верува во тоа, тогаш таа поседува национална свест. Хендлер, исто така, пишува дека многу поретко се истакнува дека државите ги создале нациите можеби многу почесто отколку нациите државите, додавајќи дека во класичните нации-држави на Западна Европа изградбата на државата го создаде националниот идентитет. (Handler, 1988)

Да се има национален идентитет е да се поседуваат начини на говорење за нацијата (nationhood). Да се има национален идентитет, подразбира да се биде ситуиран физички, правно, социјално, како и емоционално. Значи да се биде ситуиран во татковина (homeland). И само доколку луѓето веруваат дека тие имаат национални идентитети, таквите татковини ќе бидат репродуцирани (Billig, 1995). Држава којашто не може да истакне некој вид национален идентитет за своите граѓани се чини е предодредена да не успее во една од своите примарни функции, создавање на дистинктивна колективно заснована лојалност и согласност, (Smith, 1999). Чувството на националниот идентитет обезбедува моќно средство за дефинирање и за лоцирање на поединечните себства во светот, преку призмата на колективното членство и неговата дистинктивна култура. Од сите колективни идентитети кои човековите битија ги имаат денес, националниот идентитет е можеби најфундаментален и најинклузивен. (Smith, 1991) Ете, таква е важноста на овој колективен идентитет.

Гиберно аргументира дека националниот идентитет е модерен феномен од флуидна и динамичка природа, при што заедниците делејќи бројни заеднички карактеристики, имаат субјективно верување дека нивните членови се поврзани со претците. Националниот идентитет има пет димензии: психолошка, културна, територијална, историска и политичка. (Guibernau, 2004) Гиберно не пропушта да забележи дека силата на национализмот произлегува над се од неговата способност да создаде чувство на идентитет. Се разбира, национален. Но, спротивно на националниот дискурс, нацијата не е унитарен ентитет, во кој сите членови мислат, чувствуваат или дејствуваат како еден.

Милер, пак, тврди дека националноста е примарен извор на идентитетот за граѓаните во современите демократски држави. Според него, националноста се разликува од другите колективни извори на личниот идентитет според следниве пет елементи: таа е заедница конституирана преку заедничко верување, проширена во историјата, активна по својот карактер, поврзана со определена територија, и се мисли дека е маркирана од другите заедници според дистинктивните особини на членовите. (Miller, 1995), Од политичко стојалиште, имагинарниот аспект на националноста може да биде извор на сила. Им овозможува на луѓето со различно политичко убедување да делат политичка лојалност. Националноста, бидејќи има за

цел да биде инклузивен идентитет, може да ги апсорбира субгрупите на овој начин без да бара тие да се откажат од сè што сметаат дека им е драго. Но, она што е најважно кај Милер, е тоа што тој тврди дека и каква терминологија да употребуваме, можеме да ја прифатиме идејата дека националниот идентитет може да егзистира на повеќе од едно ниво. Оваа констатација е интересна и за егзистенцијата на мултикултурните општества, какво што е впрочем и македонското.

Во таа насока, Меккрон тврди дека промените во политичката, општествената и културната содржина на општествата се толку фундаментални што социолозите треба да изнајдат термини за нив и да создаваат нови рамки на разбирање. Трите концепти на општество, држава и нација полека се разделуваат. Така што, во дваесет и првиот век тензиите меѓу нив ќе станат поочигледни. Ќе се покаже јасно дека националноста и државјанството, всушност, припаѓаат на различни сфери на значење и активност. Претходниот термин (националност) е во суштина културен концепт што ги поврзува луѓето врз основа на заеднички идентитет, додека државјанството е политички концепт што произлегува од односот на луѓето кон државата. Националноста и државноста немаат потреба да бидат и сè повеќе не се врзани. За да бидеш граѓанин, значи да се членува на бројни политички нивоа: национално, државно, наддржавно. Сè повеќе ќе живееме во политичкиот свет над суверената држава во која дали апсолутизмот е од етнички-национален или од граѓански вид, нема повеќе да е оперативно (McCrone, Kiley, 2000).

Шоплин тврди дека нацијата е над сè политичка категорија. Ова не значи дека нациите немаат културни, социолошки, антрополошки или други димензии. Ако државноста е за нешто, таа е за политичката моќ. Дискурсот за државноста е редифиниран на таков начин за да создаде отворен пристап до моќта за сите жители на таа територија, оттука евентуално трансформирајќи ги од субјекти во граѓани. Тие сите можат да бидат дефинирани како членови на нацијата. Продолжувајќи ја на некој начин мислата на Гелнер, Шоплин констатира дека политичката моќ и етничкиот идентитет не можат да се одвојат, и дека државата секогаш ќе има улога во културната репродукција, правејќи ја контролата на државата клучна цел на политичката акција (Schoplin, 2003).

Политичкиот аспект на националниот идентитет, кај нациите-држави, се фокусира на оние стратегии – често наречени изградба-на-нацијата – со намера да се поттикне кохезивно, лојално и до извесен степен хомогено граѓанство. Некои тврдат дека решението лежи во генерацијата на повеќекратни идентитети, иако тие никогаш не зборуваат за повеќекратни национални идентитети. Повеќепати се алудира на етничките, регионалните, националните и транснационалните идентитети, притоа имплицитно претпоставувајќи дека различните типови на идентитети се компатибилни точно заради тоа што дејствуваат на различни нивоа (Guibernau, 2004).

Во истражувањата за идентитетот многу е тешко да се разграничат одговорите за тоа кој идентитет на испитаникот преовладува, колективниот или индивидуалниот. Секогаш некој елемент од идентитетот ќе доминира и ќе ги покрива или ќе ги вклучува другите елементи. Повеќеслојноста дури и на колективните идентитети и нивните модалитети е неспорна. Не ретко доаѓа и до амалгамизација на колективните идентитети во еден идентитет кој ги покрива државниот или културниот аспект. Но, ова не е едноставно да се истражи, уште помалку да се докаже.

## За индивидуализацијата

Светот каков што е денес е оној каде луѓето немаат стабилна позиција или структура. (Gellner,Smith, 1996) Во раниот дваесет и први век, предизвикот доаѓа од една многу поширока тенденција во социологијата која ја истакнува промената и движењето, релативноста на границите, мултиплицираноста на идентитетите и внатрешната различност, жртвувајќи ја кохезијата, стабилноста, хомогеноста и структурата како клучен концепт (Eriksen, 2004). Хобсбаум, пак, тврди дека националната идентификација и сето она што се верува дека имплицира, со времето се менува, дури и во куси временски периоди. Накусо речено, новото време носи нови процеси и создава нови идентитети.

Наједноставно кажано, веќе не можеме да претпоставуваме дека постои нешто многу фиксно, есенцијално или непроменливо околу идентитетот, туку дека поединците усвојуваат различни идентитети во различно време кои дури и не мора да бидат фокусирани околу кохерентното чувство на себството. (McCrone, 1998) Се поставува друго прашање: станува ли социјалниот живот, како резултат од оваа фрагментација, повеќе отворен, според терминот на Гиденс, нудејќи можности и избор за поединците во рапидно променливиот свет, како избор на животен стил што е поважен во конституирањето на идентитетот. Според социолозите, тоа е повторување на класичното социолошко прашање, односот меѓу структурата и акцијата: дали нашиот идентитет се создава од страна на социјалните и политичките структури што се рамки во кои ние дејствуваме, или имаме ние поголем капацитет да избираме од овие рамки и да се движиме меѓу нив?

Модерниот идентитет како теориска матрица и како производ на доцниот дваесетти век, се изнедруваше некаде во спојот меѓу традиционалното и новото време, како и во просторот на влијанието меѓу структурите и човековата акција. Претпоставката, веројатно беше дека се создава нешто ново, нешто модерно. Веќе неограничени во фиксните, културно дадени позиции, модерните субјекти, можеби за првпат, се соочуваат со одговорноста и ослободувањето во конструирањето на своите идентитети – ние немаме избор, освен да избереме какви да бидеме и како да дејствуваме. (Giddens, 1994), Сферите на автономија и контрола се наводно отворени за поединецот. Ние може сè повеќе да ја одредуваме природата на нашите идентитети преку свесни избори (Giddens, 1991). Гиденс овој процес го гледа како проширена улога на рефлексивноста во процесот на себе-дефинирањето.

Кастелс, во неговото мрежно општество (network society), идентитетот го гледа како активно организиран од страна на поединецот, тврдејќи дека за повеќето социјални актери значењето е организирано околу примарниот идентитет, дека идентитетот се карактеризира преку висока рационалност, калкулации и телеологија. (Castells, 1997) Бек, пак, се задржува на де-традиционализацијата и индивидуализацијата во контекст на неговото ризично општество (risk society). Индивидуализацијата на животните ситуации и процеси значат дека биографиите стануваат себе-рефлексивни, социјално припишаните биографии се трансформирани во биографии кои се себе-продуцирачки и продолжуваат да се продуцираат. (Beck, 1992) Индивидуите се ослободени од ригидните, припишани социјални позиции како што се родовите улоги и мора да изградат сопствен живот, изготвувајќи ги сопствените биографии, пишува Бек (Beck, Beck-Gersheim,

1995). Овие автори тврдат дека рефлексивноста е со растечка способност за модерните субјекти, што им овозможува можност за конструирање на себството и себе-односот одново. Рефлексивната себе-свест, докажуваат тие, обезбедува за поединецот можност за конструирање на себе-идентитетот без стегите на традицијата и културата, што порано создаваа релативно ригидни граници во опциите за нечие себе-разбирање.

Но, исто така, себството не е соголено од културните значења и изложено на избелен и необликуван терен. Туку, тоа се создава во интеракцијата или во дијалогот (или конфликтот) каде што и себството и културата постојат, каде идентитетот се оживотворува, константно засилен и редефиниран. Поединецот не може да стои надвор од неговото социјално и културно потекло и да ги употребува, транспарентно, како различни опции со кој би го ресурсирал индивидуализираниот себе-идентитет. Од каде и да тргнете, од почетокот или крајот, културата е еден од детерминирачките агенси на идентитетот. Значи, повторно имаме работа со социјалните структури кои го детерминираат или директно влијаат врз идентитетот преку социјалната и културната општествена матрица.

## „Борба" меѓу колективното и индивидуалното

Како што беше кажано во воведот, оваа статија ќе се обиде да ги квантификува и да ги анализира процесите и состојбите во однос на студентската популација во Република Македонија и нивните ставови за колективниот идентитет, но и потребата од индивидуализација. Оваа тема ќе се разгледува преку следниве истражувачки прашања:

1. Каков е односот на студентската популација кон **различните колективни идентитети**? Дали ставовите на младите имаат **поврзаност со ставовите на нивните родители** во однос на колективните идентитети?
2. Каква е **сопствената доверба** и **довербата кон другите** кај младите луѓе? Дали постојат **услови за развој на нивната индивидуалност** или повеќе размислуваат за напуштање на овој простор?
3. Како младите го гледаат општеството во кое живеат и што мислат за **општествениот контекст**? Дали во општеството владее хармонија или **доминираат конфликтни односи** меѓу заедниците? Какви се **перцепциите за „другите" групи**?
4. Како студентите го доживуваат **плурализмот на општественото живеење**? Какви вредности почитуваат и дали повеќе прифаќаат **традиционален или современ начин на живот**?

## Колективните идентитети и генерациската разлика

Централна тема во ова истражување претставува односот на студентите кон индивидуалниот и колективните идентитети. На почетокот ќе бидат прикажани податоците од кои ќе може да се види кој идентитет е најважен на испитуваната популација. Генерално, убедливо е најчест одговорот дека најважен е личниот идентитет (74%). Бидејќи постои статистички значајна разлика во однос на етничката припадност на студентите, податоците ќе бидат прикажани одделно.

**Табела бр.1:** Кој идентитет е најважен за тебе?

| | Личен | Државен | Граѓански | Етнички | Верски | Без одговор | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мак.** | 375<br>85.8% | 12<br>2.7% | 16<br>3.7% | 11<br>2.5% | 7<br>1.6% | 12<br>2.7% | 4<br>0.9% |
| **Алб.** | 120<br>52,6% | 8<br>3,5% | 8<br>3,5% | 22<br>9,6% | 59<br>25,9% | 8<br>3,5% | 3<br>1,3% |
| **Вкупно** | 512<br>74,1% | 21<br>3,0% | 25<br>3,6% | 36<br>5,2% | 66<br>9,6% | 24<br>3,5% | 7<br>1,0% |

Како што може да се види од Табелата, најдоминантен идентитет кај македонските студенти е личниот со високи 85,5% а додека сите останати идентитети имаат помала фреквенција на одговори. Кај албанските студенти личниот идентитет е, исто така, на прво место со 52,6%, а потоа следи верскиот со 25,9% и етничкиот со 9,6%.

За да може да се направи анализа на поврзаноста на идентитетите кај студентите со чувствата на припадност кај нивните семејства, истото прашање беше поставено и за нивните родители. Тука веќе може да се забележат сличностите или разликите во процесот на идентификација со колективните чувства на нивните родители.

**Табела бр.2:** Кој идентитет е најважен за твоите родители?

| | Личен | Државен | Граѓански | Етнички | Верски | Без одговор | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мак.** | 320<br>73,4% | 16<br>3,7% | 25<br>5,7% | 16<br>3,7% | 11<br>2,5% | 41<br>9,4% | 7<br>1,6% |
| **Алб.** | 81<br>35,5% | 11<br>4,8% | 7<br>3,1% | 27<br>11,8% | 84<br>36,8% | 14<br>6,1% | 4<br>1,8% |
| **Вкупно** | 410<br>59,4% | 29<br>4,2% | 34<br>4,9% | 47<br>6,8% | 97<br>14,1% | 62<br>9,0% | 11<br>1,6% |

Од презентираните одговори може да се види дека 73,4% од македонските студенти сметаат дека на нивните родители најважен им е личниот идентитет, додека граѓанскиот идентитет сметаат дека е најважен само за 5,7% од испитаниците (не знаеле да одговорат на ова прашање 9,4%). Од друга страна, пак, Албанците за нивните родители сметаат дека најважен идентитет им е верскиот со 36,8%, веднаш после него следи личниот со 35,5% а потоа е етничкиот со 11,8%.

Кога би ги споределе податоците од веќе прикажаните табели, **генерален заклучок** е дека личниот идентитет кај младите генерации е поважен во однос на нивните родители. Што се однесува, пак, до компарирање на податоците за секоја етничка заедница посебно, можеме да забележиме дека кај Македонците трендот е ист, а разликите се однесуваат на интензитетот. Поголеми разлики се забележуваат кај албанските студенти во однос на нивните родители. Личниот идентитет кај студентите е за, речиси, 18% повисок од нивните родители, а од друга страна, интензитетот на верскиот идентитет е понизок. Од анализата на овие податоци може да се заклучи дека постојат поместување во однос на колективните идентитети кон личниот идентитет, но, исто така, може да се каже дека сè уште односот кон колективните идентитети студентите го наследуваат од своите родители.

Делот посветен на идентитетите, продолжува со прашања преку кои се мереше степенот на значајност на секој колективен идентитет одделно. За секој од наведените идентитети, студентите го определуваат степенот на нивната важност. Од испитаниците беше побарано да одговорат во колкав степен се согласуваат со важноста на секој идентитет поединечно. Одговорите на сите прашања се прикажани во графиконот кој следи.

**Графикон бр.1:** Личниот/Државниот/Граѓанскиот/Етничкиот/Верскиот идентитет е многу важен




Од прикажаниот графикон може да се види дека убедливо најмногу студенти целосно се согласуваат со важноста на личниот идентитет, потоа следува верскиот, како трет е етничкиот, а најмал процент целосно се согласуваат со важноста на граѓанскиот и државниот идентитет. Бидејќи постои статистички значајна разлика во однос на етничката припадност и чувството за важност на секој идентитет посебно, во табелата што следи ќе бидат прикажани процентите на дадените одговори „целосно се согласувам" со важноста на дадените идентитети, рангирани за секоја етничка заедница одделно.

**Табела бр.3:** Рангирање на важноста на идентитетите

| | **Македонци** | | **Албанци** |
|---|---|---|---|
| 1 | Личен идентитет 90,2% | 1 | Личен идентитет 81,5% |
| 2 | Граѓански идентитет 41,9% | 2 | Верски идентитет 65,5% |
| 3 | Државен идентитет 37% | 3 | Етнички идентитет 56,1% |
| 4 | Етнички идентитет 32,9% | 4 | Граѓански идентитет 33% |
| 5 | Верски идентитет 30,9% | 5 | Државен идентитет 24.8% |

Доколку ги разгледуваме колективните идентитети, забележлива е разликата на процентите во двете колони. За Македонците (освен личниот) важни идентитети се граѓанскиот и државниот, а дури потоа со помал интензитет следат етничкиот и верскиот идентитет. Кај Албанците состојбата е спротивна, од колективните идентитети најважен е верскиот, а блиску до него следи етничкиот идентитет, додека значително помалку важни се граѓанскиот и државниот идентитет. Од Табелата произлегува дека 65,5% и 56,1% од Албанците се поврзуваат со верската и етничката припадност, додека од друга страна, Македонците со помала честота или со 41,9% и 37% се поврзуваат со граѓанскиот идентитет и припадноста кон државата.

## Општествениот контекст и индивидуализацијата

Преку следнава група на прашања ќе бидат прикажани ставовите на студентите за нивната самодоверба и довербата кон другите луѓе, како и нивните ставови за живеењето во Македонија. Притоа, ќе ги анализираме мислењата за тоа какво би сакале да биде нашето општество и каде се гледаат себеси во иднина. Но, најпрво за довербата кон себе.

„Имам голема самодоверба во себе како личност“, е првиот став за кој студентите го изразија својот степен на согласност. Целосна доверба во себе имаат 64,1% од испитаниците, 27,1% делумно се согласуваат со овој став, а само 4,6% не се согласуваат, (Графикон бр.2).

**Графикон бр.2**: Имам голема самодоверба во себе како личност




Следниов став се однесува на имањето голема доверба во другите луѓе. Со овој став целосно се согласуваат 11,3% од респондентите, додека најмногу студенти делумно се согласуваат (40,3%) или не се согласуваат со истиот (42,6%), (Графикон бр.3).

**Графикон бр.3:** Имам голема доверба во другите луѓе




За ставот „Секогаш ќе останам да живеам овде“, постои статистички значајна разлика кога податоците ќе се вкрстат со етничката варијабла. Како што може да се види и од Табелата во прилог, процентот на согласност со овој став е поголема кај студентите Албанци, (Табела бр.4).

**Табела бр.4:** Секогаш ќе останам да живеам овде

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 52<br>11,8% | 130<br>29,5% | 179<br>40,7% | 79<br>18% |
| **Албанци** | 70<br>30,4% | 50<br>21,7% | 57<br>24,8% | 53<br>23% |
| **Вкупно** | 126<br>18,1% | 184<br>26,4% | 248<br>35,6% | 138<br>19,8% |

Сосема очекувано, и за следниот став „При прва прилика ќе ја напуштам државата“ постои статистички значајна разлика кога податоците се вкрстуваат со етничката припадност на студентите. Процентот на согласност со овој став е повисок кај испитаниците Македонци, (Табела бр.5).

**Табела бр.5:** **При** прва прилика ќе ја напуштам државата

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 108<br>24,5% | 146<br>33,1% | 111<br>25,2% | 75<br>17,2% |
| **Албанци** | 41<br>17,6% | 48<br>20,6% | 99<br>42,5% | 45<br>19,3% |
| **Вкупно** | 159<br>22,7% | 200<br>28,6% | 215<br>30,8% | 125<br>17,9% |

Следниве два става имаа за цел да ги лоцираат можните причини за желбата кај младиот академски кадар да ја напушти државата. Со ставот „Во Македонија нема услови за вработување и напредување според способностите", се согласуваат 58,1% од студентите, делумно се согласуваат 27,5%, а не се согласуваат 9%, (Графикон бр.4).

**Графикон бр.4:** Во Македонија нема услови за вработување и напредување според способностите




Она што најмногу треба да не загрижи претставува концентрацијата на одговорите на студентите во однос на ставот „Во Македонија се почитуваат вредностите како чесност, искреност и трудољубивост". Според општата дистрибуција на одговори со овој став се согласуваат само 8,6% од испитаната студентска популација, со истиот делумно се согласуваат 29,9%, а не се согласуваат високи 52,5%, (Графикон бр.5).

**Графикон бр.5:** Во Македонија се почитуваат вредностите како чесност, искреност и трудољубивост



## Македонското општество и поделбите

На прашањето: „Што мислиш за општеството во кое живееме?“ „Добро е“, сметаат 14,6% од студентите, „за едни е добро, а за други не“, одговориле 72,6%, а 12,8% го заокружиле одговорот „за никого не е добро“, (Графикон бр.6). Овие одговори зборуваат за постоење перцепција за некакви поделби или неправилности во општеството според анкетираните студенти.

**Графикон бр.6:** Што мислиш за општеството во кое живееме?




И во однос на ова прашање постои статистички значајна разлика кога податоците се интерпретираат од аспект на етничката варијабла, па така студентите Албанци со повисок процент одговориле дека општеството во кое живееме е добро, (Графикон бр.7).

**Графикон бр.7:** Што мислиш за општеството во кое живееме? (етничка варијабла)



„Какво би сакал/а да е нашето општество?" е следното прашање кое ќе биде разгледувано. Според општата дистрибуција на одговори 45,7% од испитаниците одговориле граѓанско, 39,5% би сакале да биде мултикултурно, 2,4% сметаат дека треба да биде биетничко и 12,3% одговориле "не знам". Најголема статистички значајна разлика постои кога ова прашање се анализира од аспек на етничката припадност. За граѓанско општество се изјасниле во повисок процент студентите Македонци, додека за мултикултурно процентот е повисок кај студентите Албанци, (Графикон бр.8).

**Графикон бр.8:** Какво би сакал да е нашето општество? (етничка варијабла)




Преку следниве прашања истражувањето имаше за цел да добие слика за етничката дистанца на младите кон другите етнички заедници, како и да се утврдат стереотипите кои тие ги имаат за другите. Етничката дистанца во Република Македонија се мери со стандардната Богардусова скала за социјална дистанца.

За да се измери етничката дистанца поставена е скала од 1 до 7 каде што 1 (да стапам во брак) претставува одговор кој ја исклучува дистанцата, а 7 (не сакам никаков контакт) претставува одговор кој покажува највисок степен на постоење на етничката дистанца. Во графиконот кој следи, се прикажани одговорите на студентите Македонци во дадениот соодност. За дополнителна прегледност на податоците во Табелата бр.6, се прикажани истите одговори изразени во бројки.

**Графикон бр.9:** Етничка дистанца-Македонци




**Табела бр.6:** Етничка дистанца-Македонци

| | Мак. | Алб. | Тур. | Срби | Роми | Власи | Бош. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да стапам во брак** | 89,3% | 3,2% | 3,2% | 11,6% | 2,2% | 4,6% | 3,2% |
| **Да бидам близок пријател** | 7,4% | 19,2% | 27,5% | 51,2% | 13,7% | 26,3% | 22% |
| **Да бидам комшија** | 0,7% | 5,8% | 18,7% | 15,2% | 5,9% | 12,4% | 12,2% |
| **Да работам/учам во иста организација** | 0,7% | 10,2% | 13,4% | 7% | 7,8% | 13,2% | 13,9% |
| **Да бидам подалечен пријател** | 1,2% | 18% | 19,7% | 7% | 16,9% | 17,8% | 16,3% |
| **Да живеам во ист град** | 0,7% | 6,6% | 8,3% | 5,6% | 22% | 15,9% | 20% |
| **Не сакам никакви контакти** | 0% | 37,1% | 9,2% | 2,4% | 31,3% | 9,8% | 12,4% |

Како што може да се види од прикажаните податоци, највисока етничка дистанца од страна на македонските студенти постои кон Албанците со високи 37,1% кои „не сакаат никаков контакт“, потоа следат Ромите со 31,3%. Етничката дистанца е најмала кон Србите.

Во продолжение следат податоците од одговорите на студентите Албанци.

**Графикон бр.10:** Етничка дистанца-Албанци




**Табела бр.7:** Етничка дистанца-Албанци

| | Мак. | Алб. | Тур. | Срби | Роми | Власи | Бош. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да стапам во брак** | 2% | 78% | 7,8% | 0,5% | 1% | 2,1% | 2,1% |
| **Да бидам близок пријател** | 15,7% | 12,4% | 39,2% | 3,1% | 4,2% | 5,3% | 14,4% |
| **Да бидам комшија** | 21,6% | 1,4% | 17,6% | 3,6% | 3,6% | 4,8% | 24,6% |
| **Да работам/учам во иста организација** | 20,6% | 2,4% | 11,3% | 6,6% | 4,7% | 4,8% | 12,8% |
| **Да бидам подалечен пријател** | 10,3% | 4,3% | 7,8% | 13,8% | 19,3% | 16,6% | 21% |
| **Да живеам во ист град** | 15,2% | 1% | 10,8% | 5,6% | 19,3% | 16,6% | 12,3% |
| **Не сакам никакви контакти** | 14,7% | 0,5% | 5,4% | 66,8% | 47,9% | 49,7% | 12,8% |

Од Табелата може да се види дека етничката дистанца кај албанските студенти е најголема спрема Србите, но и спрема Власите и Ромите. Најмала е дистанцата во однос на Турците.

За да се утврдат стереотипите кои студентите ги имаат за другите етнички заедници, пред нив беа поставени 16 карактеристики, 8 позитивни и 8 негативни, од кои испитаниците определуваа кои две карактеристики најмногу ја опишуваат секоја етничка заедница одделно. Стереотипи се „слики“ во нашата глава за другата група. Тие повеќепати немаат рационална основа, но се сепак усвоени ставови за карактеристиките на другите групи околу нас и тешко се менуваат. Не се толку тврдокорни како прерасудите, но ни даваат слика за односот или перцепцијата кон

другите групи. Тие можат, за разлика од предрасудите кои се исклучиво негативни, да бидат и позитивни.

Од Табелата дадена во прилог, може да се види дека Македонците за себе најмногу сметаат дека се вредни, мирни и добри. За Албанците сметаат дека се агресивни, непријатели и лоши. Турците ги карактеризираат како добри пријатели, добри и вредни. Србите ги перцепираат како друштвени, добри пријатели и добри. За Власите сметаат дека се алчни, снаодливи и мирни. Лажливи, мрзливи и снаодливи се карактеристиките кои доминираат за Ромите. За Бошњаците сметаат дека се добри, мирни и скромни.

Од издвојувањето на најчестите одговори може да се види дека кај Македонците доминираат негативните карактеристики кога ги опишуваат Албанците и Ромите. Македонските студенти најмногу Албанците ги доживуваат како непријатели.

**Табела бр.8:** Карактеристики кои најмногу ги отсликуваат етничките заедници (според Македонците)

| | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Роми | Власи | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вредни** | **139** | 65 | **86** | 42 | 36 | 76 | 42 |
| **Мирни** | 113 | 8 | 72 | 49 | 22 | 77 | 75 |
| **Храбри** | 59 | 37 | 42 | 90 | 11 | 21 | 34 |
| **Добри** | **95** | 14 | **89** | **108** | 21 | 68 | 81 |
| **Скромни** | 46 | 10 | 80 | 32 | 27 | 66 | 69 |
| **Добри пријатели** | 41 | 32 | **109** | **131** | 13 | 31 | 54 |
| **Друштвени** | 86 | 16 | 81 | **146** | 14 | 43 | 64 |
| **Снаодливи** | 43 | 82 | 67 | 44 | 76 | 82 | 40 |
| **Мрзливи** | 48 | 10 | 9 | 15 | 139 | 35 | 43 |
| **Агресивни** | 3 | **209** | 20 | 17 | 21 | 10 | 24 |
| **Плашливи** | 39 | 6 | 7 | 10 | 46 | 19 | 36 |
| **Лоши** | 2 | **89** | 18 | 15 | 30 | 16 | 18 |
| **Алчни** | 32 | 28 | 20 | 12 | 37 | 105 | 23 |
| **Непријатели** | 3 | **108** | 5 | 4 | 6 | 8 | 9 |
| **Лажливи** | 15 | 8 | 14 | 10 | 182 | 25 | 15 |
| **Подмолни** | 21 | 56 | 23 | 17 | 50 | 29 | 28 |

**Табела бр.9:** Карактеристики кои најмногу ги отсликуваат етничките заедници (според Албанците)

| | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Роми | Власи | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вредни** | 9 | 80 | 27 | 2 | 3 | 7 | 11 |
| **Мирни** | 19 | 9 | 48 | | 18 | 28 | 57 |
| **Храбри** | | 136 | 17 | 5 | 2 | 2 | 7 |
| **Добри** | 20 | 43 | 60 | 4 | 12 | 22 | 58 |
| **Скромни** | 9 | 27 | 57 | 5 | 11 | 13 | 31 |
| **Добри пријатели** | 12 | 31 | 69 | 2 | 9 | 8 | 60 |
| **Друштвени** | 23 | 28 | 49 | 5 | 16 | 17 | 65 |
| **Снаодливи** | 23 | 25 | 39 | 12 | 22 | 32 | 33 |
| **Мрзливи** | 13 | 6 | 6 | 14 | 71 | 35 | 11 |
| **Агресивни** | 34 | 10 | 8 | 67 | 8 | 25 | 7 |
| **Плашливи** | 55 | | 6 | 15 | 25 | 22 | 3 |
| **Лоши** | 48 | 1 | 3 | 98 | 27 | 31 | 7 |
| **Алчни** | 17 | 6 | 5 | 6 | 52 | 21 | 13 |
| **Непријатели** | 38 | | | 99 | 4 | 17 | 3 |
| **Лажливи** | 41 | 5 | 2 | 41 | 63 | 23 | 7 |
| **Подмолни** | 47 | 5 | 5 | 26 | 36 | 44 | 12 |

Од Табелата и издвојувањето на најчестите карактеристики може да се види дека Албанците за себе сметаат дека се храбри, вредни и добри. Македонците ги доживуваат како плашливи, алчни и подмолни. За Турците сметаат дека се добри пријатели, добри и скромни. Србите ги карактеризираат како непријатели, лоши и агресивни. За Ромите сметаат дека се мрзливи, лажливи и алчни. Власите ги доживуваат како подмолни, мрзливи и снаодливи луѓе. Друштвени, добри пријатели и добри сметаат дека се Бошњаците.

Од издвојувањето на најчестите одговори може да се види дека кај Албанците доминираат негативните карактеристики во перцепцијата на Македонците, Србите и Ромите. Албанските студенти најмногу Србите ги доживуваат како непријатели.

## Младите и општествените промени

Оваа група на прашања имаше за цел да допре подлабоко во секојдневното живеење на студентите и нивната отвореност, како кон искажување на нивните мислења, така и кон прифаќање на спротивставените размислувања. Исто така, беше мерена и нивната отвореност кон различните стилови на живот кои отстапуваат од традиционалното живеење.

„Младите не можат ништо да променат во државата“ е став што ќе биде прв анализиран во оваа група на прашања. Со овој став се согласуваат 37,8%, односно сметаат дека не можат ништо да променат, додека 43,7% не се согласуваат со истиот, односно веруваат дека младите можат да влијаат врз промените во државата. Од аспект на независната варијабла пол постои статистички значајна разлика во одговорите на ова прашање. Машките студенти во повисок процент сметаат дека не можат ништо да променат, додека студентките во повисок процент од машките, ја заокружиле опцијата „без одговор“, (Табела бр.10).

**Табела бр.10:** Младите не можат ништо да променат во државата (варијабла пол)

| | Да | Не | Без одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Машки** | 111<br>43,5% | 114<br>44,7% | 30<br>11,8% | 255<br>100% |
| **Женски** | 155<br>34,6% | 195<br>43,5% | 98<br>21,9% | 448<br>100% |
| **Вкупно** | 266<br>37,8% | 309<br>44% | 128<br>18,2% | 703<br>100% |

„Сакам јавно да говорам и да учествувам во дебати“ е вториот став за што ќе биде прикажан степенот на согласност на студентите. 36,6% од студентите целосно се согласуваат со истиот, 38,2% делумно се согласуваат а не се согласуваат 18,8%. Според дистрибуцијата на одговорите може да се заклучи дека студентите се отворени во искажувањето на своите мислења и ставови.

60,5% од студентите целосно се согласуваат со ставот „Отворен/а сум за спротивни мислења и аргументи“, со овој став делумно се согласуваат 28,5%, а не се согласуваат 6% од испитаната студентска популација.

Со ставот „Различните стилови на живот се нешто прифатливо“, целосно се согласуваат 57,4% од испитаниците, делумно се согласуваат 28,9%, а не се согласуваат со истиот 8,1%.

Иако од прикажаното последно прашање може да се види дека за 86% од студентите целосно или делумно се прифатливи различните животни стилови сепак, со ставот „Хомосексуалноста е прифатлив начин на живот“, целосно се согласуваат само 18,5% од студентите. Исто така, има разлика кога ова прашање се интерпретира од аспект на етничката варијабла и местото на живеење на студентите. Процентот на согласност е значително повисок кај студентите Македонци, исто како што е за повисок кај студентите кои живеа во градовите, (Табели бр.11 и 12).

**Табела бр.11:** Хомосексуалноста е прифатлив начин на живот (етничка варијабла)

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 101<br>23% | 117<br>26,6% | 180<br>40,9% | 42<br>9,5% |
| **Албанци** | 21<br>9% | 15<br>6,4% | 169<br>72,2% | 29<br>12,4% |
| **Вкупно** | 129<br>18,5% | 135<br>19,3% | 361<br>51,6% | 74<br>10,5% |

**Табела бр.12:** Хомосексуалноста е прифатлив начин на живот (место на живеење)

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **Село** | 18<br>9,1% | 24<br>12,1% | 137<br>69,2% | 19<br>9,6% |
| **Град** | 111<br>22,2% | 111<br>22,2% | 223<br>44,7% | 55<br>11% |
| **Вкупно** | 129<br>18,5% | 135<br>19,3% | 360<br>51,6% | 74<br>10,5% |

Студентите беа прашани колку се согласуваат со ставот „Правото на абортус треба да е законско право“. Поради постоењето на статистички значајна разлика во однос на местото на живеење и етничката припадност на студентите, и за ова прашање податоците ќе бидат прикажани од споменатите аспекти, (Табели 13 и 14).

**Табела бр.13:** Правото на абортус треба да е законско право (етничка варијабла)

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 165<br>37,6% | 110<br>25,1% | 103<br>23,5% | 61<br>13,9% |
| **Албанци** | 20<br>8,5% | 24<br>10,2% | 166<br>70,3% | 26<br>11,0% |
| **Вкупно** | 194<br>27,7% | 136<br>19,4% | 281<br>40,1% | 90<br>12,8% |

**Табела бр.14:** Правото на абортус треба да е законско право (место на живеење)

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| **Село** | 27<br>13,6% | 33<br>16,6% | 118<br>59,3% | 21<br>10,6% |
| **Град** | 167<br>33,4% | 103<br>20,6% | 162<br>32,4% | 69<br>13,8% |
| **Вкупно** | 194<br>27,7% | 136<br>19,4% | 280<br>40,1% | 90<br>12,8% |

Од прикажаните податоци може да се заклучи дека со овој став повеќе се согласуваат студентите Македонци и студентите кои живеат во градовите, додека значително помалку со истиот се согласуваат студентите Албанци, како и студентите кои живеат во селата. За овој став нема статистички значајна разлика кога податоците се анализираат од аспект на варијаблата пол.

Како за крај на овој дел, ќе бидат прикажани одговорите на студентите на прашањето: „За што сонуваш?“. На студентите им беа понудени 7 можни одговори за кои според општата дистрибуција се добиени следниве податоци, (Графикон бр.11).




**Графикон бр.11:** За што сонуваш?

Од презентираниов Графикон може да се види дека најголем број од студентите сонуваат да ги завршат своите студии и да се вработат (45,5%), а потоа следат студентите кои сонуваат да создадат свое семејство (18,5%).

## Заклучок

Истражувањето покажа дека **личниот идентитет** кај студентската популација е многу изразен и станува важен дел од личноста на младите луѓе. Кај младите Македонци личниот идентитет има силен интензитет, додека кај младите Албанци, освен личниот идентитет силно е изразен и верскиот, но и етничкиот идентитет. Интересно е кога ќе се споредат чувствата на студентите и нивните родители во однос на колективните идентитети, станува јасно дека **има големо поместување кон личниот идентитет кај Албанците** во однос на нивните родители, за кои најважен идентитет сè уште е верскиот идентитет. Значи, **има генерациско придвижување** и промени во однос на колективните и индивидуалниот идентитет.

Во однос на општествениот контекст, **доминира чувството на голема недоверба кон другите луѓе**, иако сè уште личната самодоверба е доста изразена. Но, недовербата кон другите луѓе во комбинација со немањето услови за вработување и напредување според способностите, како и непочитувањето на вредностите, како што се: чесност, искреност и трудољубивост, придонесуваат **младите многу повеќе да размислуваат за напуштање на државата** при првата можна прилика. Очигледно долгогодишната општествената криза, ако така може да се нарече, недостатокот на развој во општеството, не создава претстава дека овој простор нуди некаква светла иднина за младите. Притоа, **има големо незадоволство кај младите Македонци** што се пресликува во поизразената желба за заминување од Македонија. Овој став кај младите Македонци е многу посилно присутен, отколку кај Албанците. Можностите кои Албанците ги стекнаа со измените на Уставот и правичната застапеност во институциите, отворија поголема перспектива за нив. Затоа желбата за заминување од Македонија кај нив е помалку изразена. Ако нема шанса, пак, за напредок или поголем избор во однос на квалитетот на животот, чувствата за општествениот контекстс се негативни, а **индивидуализацијата не е во позитивна корелација со современиот начин на живот дома**, туку се случува бегство „онаму каде што е подобро“ и можеби има подобри услови за подобра егзистенција.

Наспроти овие негативни трендови кај младите, **етничкиот јаз** е сè уште многу присутен меѓу припадниците на различни заедници во државата. Најизразен е етничкиот јаз меѓу Македонците и Албанците, но постојат негативни ставови и кон други помали групи од страна на членови на поголемите заедници. Ова се гледа од одговорите на прашањето дека **општеството е за едни добро, а за други не е добро**. Исто така, македонското општество не се перцепира доминантно како граѓанско, туку сè уште интерференци прават културните разлики кои имаат свои политички влијанија. Овие „етнички јазли“ многу посилно можат да се идентификуваат преку социјалната (етничка) дистанца и присутноста на негативни стереотипи за другата група. Овде поделбите и односите се силно изразени. Највисока етничка дистанца од страна на македонските студенти постои кон Албанците со кои „не сакаат никаков контакт“, но и во однос на Ромите. Етничката дистанца на младите Македонци е најмала кон Србите. Највисока етничка дистанца од страна на Албанските студенти постои кон Србите, но и спрема Власите и Ромите. Најмала е дистанцата во однос на Турците. Младите Македонци за Албанците имаат многу негативна перцепција, ги сметаат за агресивни, непријатели и лоши. Постојат негативни стереотипи и за Ромите. Позитивни стереотипи македонските студенти имаат за Србите, Турците и за Бошњаците. Младите Албанци имаат негативни стереотипи за Македонците,

Србите и за Ромите. Македонците ги доживуваат како плашливи, лоши и подмолни. Албанските студенти Србите ги доживуваат како агресивни и непријатели. Позитивни стереотипи албанските студенти имаат за Турците и за Бошњаците.

Ако **нема општествен развој** и ако нема промени кои би создале поголема перспектива и побогат начин на живот каде што индивидуалните разлики би дошле до израз, младите нема да имаат можност за поголема индивидуализација. Изборот на сопствена животна траекторија е попречен со социоекономска криза при што припадниците на групите ги зајакнуваат своите културни бариери и „размислуваат" етнички или колективно, борејќи се за поголеми ресурси за својата група. Во однос на религијата и влијанието на верскиот идентитет, нештата се посложени, затоа што овој идентитет има повеќе димензии во однос на самата индивидуа. Сепак, трендот на поголема урбанизација и намалување на семејството влијае врз развојот на културните вредности својствени за современото општество. Особено кога граѓаните делат ист начин на живот и слични вредности. За жал, во Македонија имаме поделено општество, каде живеат групите кои имаат разлики според религијата, културни вредности и јазик. Во однос на тоа дали во општествен контекст се можни промени, кои би ги зајакнале индивидауалните наспроти колекетивните идентитети, тоа е прашање кое заслужува поголемо внимание. Истражувањето покажа дека студентите се поделени кога се изјаснуваат дали можат да променат нешто во државата. Сепак, сакаат јавно да говорат и дебатираат. Исто така, за младите се прифатливи различни стилови на живот. Но, кога се поставуваат прашања за прифатливоста за хомосексуалноста и за правото на абортус, искажуваат конзервативни ставови кои се поблиски до општествените норми на традиционалното општество. Тука нема голем простор за индивидуален маневар и искажување мислење различно од доминантното во општеството. За крај разочарува одговорот на прашањето за тоа што сонуваат како иднина, при што скоро за половината од анкетираните е „идеал" да завршат факултет и да се вработат. Очигледно, младите во македонското општество живеат во контекст во кој колективните идентитети проследни со социоекономска криза не дозволуваат поголема дистанца на младите и создавање на сопствен личен идентитет, како особина на современите западни општества. Доколку нема развој во државата, владеењето на колективните идентитети е доминантно, особено на културниот (етнички) и на верскиот идентитет. Тука место за компромис нема!

## Библиографија

**Beck**, U. (1992) *Risk Society: Towards a New Modernity*, London: Sage.

**Bendle**, M.F. (2002) 'The Crisis of „Identity" in High Modernity', *British Journal of Sociology*, 53(1): 1-18.

**Billig**, M. (1995) *Banal Nationalism,* London: Sage Publications.

**Carens**, J. (2000) *Culture, Citizenship and Community: A Contextual Exploration of Justice as Evenhandedness,* Oxford: Oxford University Press, citirano vo **Sergiu**, C. and G. **Rautz**, (2003) 'Culture and Identtity', *European integration,* Vol. 25 (3), September, pp. 189-205.

**Castells**, M. (1997) iThe Information Age: Economy, Society and Culture*, Vol. II:The Power of Identity*, Oxford: Blackwell.

**Eriksen**, T.H. (2004) 'Place, kinship and the case for non-ethnic nations', *Nations and Nationalism,* 10(1/2): 49-62.

**Gellner**, E. and A.D. **Smith** (1996) 'The nation: real or imagined?: The Warwick Debates on Nationalism.', *Nations and Nationalism,* 2(3): 357-370.

**Giddens**, A. (1991) *Modernity and Self-Identity: Self and Society in the late Modern Age*, Cambridge: Polity Press.

**Giddens**, A. (1994) 'Living in a Post-Traditional Society', in U. Beck, A. Giddens and S. Lash, *Reflexive Modernization*, Cambridge: Polity Press.

**Greenfeld**, L. (1992) *Nationalism: Five roads to Modernity*, Cambridge and Massachusetts: Harvard University Press.

**Guibernau**, M. (2004) 'Anthony D. Smith on nations and national identity: a critical assessment', *Nations and Nationalism,* 10 (1/2), ASEN, 125-141.

**Hall**, S. (1990) 'Cultural Identity and Diaspora', in Jonathan Rutherford (ed.) *Identity: Community, Culture, Difference*, London: Lawrence & Wishart.

**Handler**, R. (1988) 'Nationalism and the Politics of Culture in Quebec', in George, E., C.J. Marcus (eds.) *New Directions in Atropological Writing: History, Poetics, Cultural Criticism,* Madison: The University of Wisconsin Press.

**McCrone**, D. (1998) *The Sociology of nationalism,* London and New York: Routledge.

**McCrone**, D., **Kiley**, R. (2000) 'Nationalism and Citizenship', *Sociology*, 34(1): 19-34.

**Miller**, D. (1995) *On Nationality,* Oxford: Clarendon Press.

**Schoplin**, G. (2003) 'Identities, Politics and Post-Communism in Central Europe', *Nationas and Nationalism*, 9(4): 477-490).

**Smith**, A.D. (1991) *National Identity*, Reno and Las Vegas: University of Nevada Press.

**Smith**, A.D. (1999) *Myths and Memories of the Nation*, Oxford: University Press.

**Woodward**, K. (ed.) (1997) *Identity and Difference*, London: Sage.

Вон. проф. д-р Горан Јанев

# ЛОКАЛЦИ ИЛИ ГРАЃАНИ НА СВЕТОТ

Испитаниците опфатени со ова истражување ѝ припаѓаат на дигиталната генерација, дигитални домородци, родени и пораснати со пристапна информатичка технологија насекаде околу нив (Subrahmanyam, Smahel (2011). Во Република Македонија, како и во поголемиот дел од развиениот и делот од светот во развој, дигитализацијата е сеприсутна и неизбежна. Најголемиот дел од испитаниците, опфатени со ова истражување, имаат сопствен персонален сметач, најголем дел има секојдневен пристап до Интернет, најголем дел од нив сите свои информации ги добиваат преку Иинтернет и редовно користат социјални мрежи (најчесто Фејсбук). Во стручната литература се претпоставува дека овие дигитални домородци се глобално вкотвени и со вмреженоста изложени и под влијание на пошироки и глобални трендови (Tapscot, 2008). Иако се појде од претпоставката дека отвореноста и изложеноста на информации и на содржини од целиот свет ќе придонесе за пошироко прифаќање на космополитиските светогледи и заинтересираност за припадност на пошироката заедница, надвор од локалното и надвор од националното. Сепак, обработените податоци укажуваат на обратното. Ова истражување сепак, докажа дека вкоренетоста во нашето општество е посилна од тоа што информатичката технологија го овозможува во смисол на поврзаност и достапност на информации.

Со ова истражување се настојува директно да дознаеме повеќе за влијанието на дигиталниот свет врз идентитетските определби на испитаниците. Истовремено не се настојува да се разреши идентитетската загатка, во смисол на непостоење на единствена и севажечка дефиниција за овој аналитички поим, туку ја прифаќа како тешко дофатлива, но сепак, неизбежна категорија. Поврзаноста и влијанието на сè поприсутната дигитализација и информациските технологогии во современиот свет, а особено во општественото окружување на дигиталните генерации и нивното идентитеско вообличување е веќе разгледувано, се разбира, во научната литература. Но, идентитетот, воопшто, а посебно неговата условеност и/или насоченост од дигитализацијата, посебно кај адолесцентите, не се покажале како лесно дофатливи (Buckingham: 2008). Овој дел од истражувањето затоа се зафати со перцепциите на вклученост и засегнатост на младите испитаници со прашањата и проблемите од локално, регионално, до интернационално знаечење. Така се направи обид да се прииде до оние идентитетски процеси кои иако менливи и миниливи, особено во оваа возраст, сепак, ќе се допрат поконкретно и посуштествено, отколку да се прашаат директно дали се чувствуваат или доживуваат себеси како космополити и граѓани на светот или националисти и локал-патриоти. Беа добиени многу интересни податоци кои повторно повеќе загатнуваат, отколку што одговараат, но со тоа отвораат пат за нови поопсежни истражувања во оваа област.

Поради претходно наведените резерви за можноста директно да се оперира со концептите идентитет, припадност и перцепција, се определивме за приод кој преку осознавањето на светогледот на младите испитаници ќе ни ги приближи

нивните позиции по овие прашања. Светогледот на македонските дигитални домородци, сепак, изгледа доминантно определен од непосредното општествено опкружување, а не од глобалните влијанија. Пресудно изгледа, а останува недоволно истражено, какви се дигиталните навики, со каков квалитет на содржини се користат младите во земјава за да се дојде до повалидни и попрецизни заклучоци. Од она со кое што располагаме, сепак, може да се заклучи дека дигиталниот јаз не може да се дефинира само како пристапност до технологијата и поврзаноста, туку и до квалитетот на нејзиното користење. Колку се користат дигитални и онлајн-алатки во образованието? Каква дигитална наобразба добиваат младите во Македонија опфатени во средно образование и на нашите високо образовни институции? Дали некој воопшто ги насочува и вообличува дигиталните навики на младите во земјава? Од ова истражување ќе останеме без одговорите на овие прашања, но и добиените податоци се силен поттик и показател за неопходноста од идно истражување во оваа насока.

Во ова поглавје ќе бидат обработени неколку прашања на кои требаше да се добијат одговори за тоа колку се силни локалните идентитетски определби, наспроти себепрепознавањето и позиционирањето во космополитските и глобалните текови. Како што може да се се види, невозможно е од ова истражување да се извлече равенката дигатални домородци, Интернет-генерација е еднаква на космополити. Ќе останеме покуси за толкувањето што е тоа што е клучно и одлучувачко за формирањето на идентитетските определби на младите во Македонија, бидејќи тоа сигурно не е лоцирано во сплетот пристапност до податоци и Интернет и информатички технологии, на кои е ограничено ова истражување. Може само да се претпоставува кои се останати поважни влијанија го определуваат иденититетското себепрепознавање на младите во оваа земја.

Поаѓајќи од претпоставката дека определбата за припадноста на дигиталните домородци произлегува од нивната поврзаност и изложеност на глобалните теми и предизвици се покажа како неточна. Иако се појде од претпоставката дека кај овие генерации, родени и израснати во доминантно окружување со персонални сметачи и паметни телефони и постојана поврзаност со поширокиот свет ќе биде зачестена и поизразена перцепцијата за припадност на глобалните општествени феномени, истражувањето покажа дека се работи за далеку посилна поврзаност со локалните и понепосредните прашања од локално значење.

За да се допре до идентитеските позици и определби на испитаниците во ова истражување се користевме со модификувани инструменти од истражувањето спроведено од Халер и Рудометоф (2007). Овие автори посочуваат дека додека забрзано расте интересот за прашањето на космополитанизмот, истовремено се зголемува проблематичноста на неговото операционализирање за емпириско истражување (2007: 2). Делот на истражувањето кое го спроведовме во рамките на проектот „Виртуелни и реални идентитети", а се однесуваа на космополитските наспроти локалните идентитески определби се инспирира и води од овој приод на поставување на тој континуитет, со таа разлика што овдека се ограничивме или се фокусиравме на факторите на влијание на пристапност и достапност на информатичките технологии и компјутерски посредувани информации за да се определи идентитескта определба на испитаниците.

Континуумот од локално до космополитско и негово операционализирање Рудометоф го предлага уште од порано, но се чини дека разрешница без дилеми сè

уште нема (Рудометоф: 2005). Тешкотиите околу операционализацијата на овој континуум, и воопшто на прашањето на космополитанизам ги коментира и Пишлер, кој со преглед на постојната литература наведува дека на космоплитанизмот не може да му се пријде еднодимензионално, односно дека мора да се има предвид дека космополитанизмот во литературата се третира и преку идентитетски и како ориентацииски приод (2009: 725). Оттаму, ова истражување, особено овој мал дел кој се однесува на овој континиум нема амбиција да го разреши тоа прашање. Пред сè, со ова истражување се настојува да се продлабочи и да се збогати нашата анализа на факторите и влијанијата од напливот на информатичките технологии врз идентитетското формирање кај младите испитаници и нема претензии за емпириско разрешување на теоретските импликации на сложеното прашање на операционализација на космоплитанизмот.

Добиените резултати од ова истражување имаат една очигледна и јасна тенденција, но и благи контрадикторности, кои ќе бидат разрешени токму со согледувањето дека Република Македонија не е така директно вклучена во глобалните текови и сем како извор на миграција, не е ниту вклучена во транснационалните феномени кои го карактеризираат современеиот свет. Овие две комплексни прашања, глобализацијата и транснационализмот низ чија призма се разгледуваат прашањата поврзани со космоплитанизмот, очигледно не се значаен дел од нашето битисување. Со други зборови, нашиот релативен изолационизам резултира со ниска космополитска свест и продлабочена локална поврзаност и вкоренетост. Сега следува разгледувањето на конкретните резултати од истражувањето, па во заклучокот ќе се навратиме на разработката на овие теми.

Во овој дел ќе бидат обработени три прашања од спроведената анкета кои се однесуваат на самоопределувањето на испитаниците во однос на засегнатоста и изразената припадност на локалните или глобалните заедници. Овие три прашања се конципирани како една целина која би требало да ја премери поврзаноста на испитаниците на континуумот помеѓу локалното до космоплоитското. Едно од овие три прашања директно се однесува на чувството на припадност, а другите две ги позиционираат испитаниците според нивната засегнатост со локалните или светските проблеми и заедници. Највпечатлива е нивната определеност за локалните прашања и локалните заедници, но пред да ги изнесеме заклучоците, да ги погледнеме едно по едно овие три прашања и одговорите дадени на нив.

На прашањата кои проблеми најповеќе ги засегаат и за тоа каде повеќе се чувствуваат како припадници, испитаниците одговориле прилично конзистентно, давајќи предност на локалниот идентитет.

Мерењето на ставовите на испитаниците за нивната засегнатост со прашања и проблеми во низа од локално до космополитско, односно од сопственоиот град, преку, држава, народ, регион, Европа и светот испитаниците имаа можност да ги рангираат понудените категории според она на кое тие му даваат приоритет. Поконкретно, испитаниците требаше да ги рангираат според својата важност прашањата На Табелата бр. 1. се подредени нивните одговори изразени процентуално според нивниот избор.

**Табела бр.1.** Приоритети на проблеми од локално или глобално значење

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Твојот Град | 35,5 | 29,7 | 22,2 | 5,5 | 2 | 5,1 |
| 2 | Твојата Држава | 23,1 | 27,5 | 29,7 | 8,8 | 5,7 | 5,1 |
| 3 | Твојот Народ | 28,3 | 26,6 | 30,3 | 7,5 | 5,0 | 2,4 |
| 4 | Твојот регион Балкан | 2,2 | 5,1 | 7,9 | 56 | 20,6 | 8,3 |
| 5 | Европската Унија | 2,9 | 7,2 | 6,1 | 13,4 | 46,1 | 24,4 |
| 6 | Светот | 9,2 | 4,2 | 3,9 | 8,6 | 19,6 | 54,5 |

Според највисоките проценти (впишани со задебелни бројки) од ова рангирање се гледа дека испитаниците се изјасниле како најзасегнати за проблемите од поблиско и локално окружување. Ако на највисоко изразените проценти им ги додадеме и второ и треторангираните одговори, тогаш добиваме појасно изнијансирана определност за оваа група модалитети. За проблемите на својот град, тогаш приоритетно се загрижени дури 87,4% од испитаниците, на второ место е грижата за сопствениот народ со 85.2%, а на трето место е грижата за државата со 80,3% рангирања на првите три места. Обратно пропорционално е изјаснувањето за второстепени по значење проблемите од непосредниот регион, Европската унија и светот. Со 56% на четврто место е сместен Балканот, а дополнето со 20,6% на петто место или збирно 76,6% на четврто и петто место регионот е категоризиран како помалку значаен во перцепцијата на испитаниците. Европската унија е сместена на цврсто петто место со 46,1%, а на шесто место со дополнителни 24,4% или вкупно петто и шесто место со 70,5%. Сличен е и збирниот резултат од петто и шесто место на рангирање на светот со 74,1%, но овде на петто место го определиле 19,6% од испитаниците, наспроти убедливо последно место со 54,4%. Овдека единствено малку охрабрува, во поглед на космополитското определување податокот дека светот на прво место како приоритет го рангираат 9,2% од испитаниците.

Слично на одговорите од претходното прашање, испитаниците на понудените опции од следното прашање предност даваат на локалната, наспроти космополитската припадност. Испитаниците требаше да ги рангираат според чувството на припадност следните категории, град, народ, Македонија, Блаканот, Европа и конечно светот. На Табелата бр. 2, се наведени резултатите од ваквото рангирање.

**Табела бр.2.** Приоритети на припадност од локална до космополитска

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **твојот град** | 46,8 | 27 | 13,6 | 3,7 | 3,5 | 3,5 |
| **твојот народ** | 24,8 | 34,6 | 20 | 8,3 | 7,9 | 4,4 |
| **Македонија** | 12,5 | 19,3 | 43,2 | 9,9 | 8,5 | 6,6 |
| **Балканот** | 1,5 | 3,7 | 12,2 | 61,3 | 12,5 | 8,8 |
| **Европа** | 5,5 | 10,9 | 5,7 | 10,7 | 58,6 | 8,7 |
| **Светот** | 9,4 | 4,6 | 5,5 | 6,2 | 9 | 65,3 |

Од Табелата е видливо (впишани со задебелени бројки) дека се создава една скала која природно се накачува кон локалните категории на припадност наспроти

оние глобалните и надвор од границите на локалното живеење. Најповеќе испитаници 46,8%, му дале првично место на сопствениот град како категорија на припадност која најповеќе ја преферираат. Следи, со 34,6% избор на второ место на припадноста на сопствениот народ, па 43,2% од испитаниците се определиле за Македонија како трето рангирана категорија на припадност. Како четврто ранигрaна категорија на припадност се издвојува Балканот кој како таков го препознаваат дури 61,3% од испитаниците. Студентската и средношколска младина, опфатена со ова истражување, сосема јасно го изразува своето непрепознавање во поширокитe категории на припадност како Европа и светот. Европа со 58,6% определени испитаници е најчесто рангирана како петта, а светот дури 65,3% од испитаниците го рангираат на последното место според кое тие најмалку се чувствуваат како припадници на светот како категорија за сопствено препознавање.

Интересно е дека градот предначи пред сопствениот народ. Тоа можеби, со понатамошни испитувања би можело да се покаже како наднационална определба за припадност со оглед дека најголемиот број на испитаници се од Скопје, како изразено мешана средина иако другите универзитетски центри застапени беа од Битола и Тетово, секако, тука се мешани средини, но не така изразено како главниот град. Ако ги искомбинираме прво и второ рангираните категории тогаш за градот се определиле дури 73,8% од испитаниците наспроти 59,4% за својот народ. Македонија е избор за прв ранг на 12,5% испитаници, од втор ранг 19,3% испитаници или вкупно 31,8% ја имаат како примарна категорија. Првото и второто рангирање на Македонија збирно е помалку од поединечното прво рангирање на градот или второто рангирање на народот како втора категорија на припадност.

Оние категории кои излегуваат од локалните и националните граници на припадност како Балканот, Европа и светот соодветно според оддалеченоста се цврсто рангирани како четврта, петта и шеста опција. Сепак, за Европа како втора по рагнирање се определиле 10.9% од испитаниците. За светот како прва категорија на лична припадност се определиле 9,4% од испитаниците. Резултати за овие две категории како примарни кај десетина проценти од испитаниците сепак, укажуваат на тоа дека постои извесно препознавање на поширокитe и поуниверзални категории за определување на припадност. Се разбира, мора да се потенцира дека сите овие податоци повеќе можат да послужат за подобро и поопсежно идно истражување, отколку да дозволат поцврсти генерализации и заклучоци при овој труд.

Вака утврдените насоки од ова истражување ја посочуваат комплексноста и сложеноста на поврзаноста на изложеноста на информации, начините на користење на технологиите и формирањето на идентитетските определби. Доколку од една страна ја имаме постојаната поврзаност со Интернетот, преку достапноста на персоналните сметачи и паметни телефони и распротранетоста на податочните мрежи, тоа, секако, не е доволен показател во која насока ќе се одвива идентитетското определување. Квалитетот, односно содржините и начините на користење на информатичките технологии мора подлабоко да се разработи за да се дојде до попрецизни индикатори за тоа што ја детерминира идентитетската определба. При ова истражуваење тоа не беше баш најостварливо. Сепак, едно од оние прашања кое ни овозможува поточно осознавање на идентитетските определби е следното кое ќе биде обработено во овој текст.

На прашањето: За што треба приоритетно да се реши испитаниците имаа избор од 10 понудени теми и имаа можност да заокружат по три од нив, без да ги ранги-

раат. Еве ги пред се понудените модалитети за кои се изјаснуваа испитаниците дека мора приоритетно да се реши:

1. Исчезнувањето  на животински и растителни видови;
2. Заштитата на животната средина и глобалното затоплување;
3. Глобалната економска криза;
4. Гладот и сиромаштијата во неразвиениот дел на светот;
5. Економската криза во Европската унија;
6.Спориот економски напредок во балканските земји;
7.Економската состојба во Македонија;
8.Подобрувањето на демократските права и искуства во Македонија;
9. Подобрувањето на демократските права и искуства во Европа;
10. Подобрувањето на демократските права и искуства во светот.

Редоследот за приоритетни прашања кои мора да се решат според изборот на испитаниците повторно формира една постепена скала која укажува на силната локална вкоренетост на светогледот на испитаниците опфатени со ова истражување. Тој редослед изгледа вака (во заграда се процентот на гласови кои се дадени за даден модалитет):

1. Економската состојба во Македонија (53%);
2. Гладот и сиромаштијата во неразвиениот дел на светот (46,1%);
3. Заштитата на животната средина и глобалното затоплување (41%);
4. Подобрувањето на демократските права и искуства во Македонија (35%);
5. Глобалната економска криза (34%);
6. Исчезнувањето  на животински и растителни видови (14,1%);
7. Спориот економски напредок во балканските земји (11%);
8.Економската криза во Европската унија (6,6%)
9. Подобрувањето на демократските права и искуства во светот (6%);
10. Подобрувањето на демократските права и искуства во Европа (2%).

При вака зададениот простор за избор, најголем број на испитаници се определил за приоритетно подобрување на економската состојба во Македонија. Дури 53% од испитаниците ова го вброиле во еден од трите приоритети. Ова е приоритет за 40% од македонските испитаници, а 30% од албанските испитаници го оцениле како приоритетен овој проблем. Ова е еден од ретките показатели за постоење на различно поимање на земјата во која живеат испитаниците по етничка основа.

Гладот и сиромаштијата во неразвиениот дел од светот е еден од трите приоритети на 46.1% од испитаниците. Со ова најголемиот дел од испитаниците ги рангира економските услови како приоритетни, но, исто така, покажува освен грижа за сопственото општествено-економско окружување и емпатија за проблемите на луѓето на глобално ниво. Оваа загриженост за глобалните прашања и проблеми се потврдува со изборот на трето место, со 41%, на заштитата на животната средина и глобалното затоплување. Потоа следи на четврто место загриженоста за демократските права и искуства во Република Македонија со 35%, враќајќи нè на домашен терен и отворајќи тема вон економските и еколошките прашања во полето на демократизација на нашето општество. Со висок процент од 34% испитаниците се изјасниле за глобалната економска криза на петто место како приоритетна грижа.

Останатите прашања добиле многу помалку значење. При изборот за три од десетте наведени приоритети испитаниците многу малку покажале загриженост за прашањата кои не ги засегаат директно и се географски подалечни и сразмерно на таа дистанца и покажуваат помала загриженост. Во оваа втора група на помали приоритети се грижата за исчезнувањето на животинските и растителните видови со 14%, па спориот економски напредок во балканските земји со 11%, па економската криза во Европската унија со само 6,6%, па подобрувањето на демократските права и практики во светот со 6%, и најмалку се засегнати со подобрувањето на демократските права и искуства во Европа, со само 2% избор на испитаниците за ова прашање. Последново може да се толкува и како оценка дека состојбите во оваа област се најмалку загрижувачки заради нивното најдобро исполнување, но сепак, упатуваат на тоа колку се далечни овие теми во светогледот на младите испитаници опфатени со ова истражување.

Оваа поделба е дадена на Табелата бр.2 на која географски се дадени определените категории, а со просторна дистанца од местото на живеење на испитаниците, добиле најмалку внимание сепак, ја остварува основната истражувачка цел, а тоа е подобро осознавање на животна вкоренетост на испитаниците со прашања и проблеми кои најмногу ги засегаат, а со тоа и на индиректен начин посочуваат на нивните идентитески определби до кои се доаѓа без директно прашување. Преклопувањето со претходните две прашања кои јасно ја определуваат локалната вкоренетост и загриженост, посочува на тоа дека нашата младина, претставена преку примерокот опфатен со ова истражување, е посилна од глобалните и космополитските определби. Тоа упатува дека е неопходно поопсежно и подобро дефинирано истражување кое би ја анализирало квалитативно употребата на информатичките технологии, но и останатите фактори кои влијаат на формирањето на идентитеските определби кај младите во Македонија.

При идно истражување би морало да се обрне уште повеќе внимание на влијанијата кои не извираат директно од пристапот и употребата на информатичките технологии, како хардвер и податочна поврзаност, и не само на подобро испитување на содржините и искуствата на оваа употреба, туку пред сè политичкиот контекст, влијанието на родителите, училиштето и останатите чинители кои ја формираат сликата за светот кај младите луѓе. Но, тука, секако, огромен фактор има и вклученоста и присуството во глобалните и транснационалните текови, кои како што видовме кај Рудометоф (2005) се определени како одлучувачки.

Вака утврдениот изолационаизам и последиците за космополитското определување дополнително ги потврдуваат некои од теоретските гледишта за тоа како попрецизно да се дефинира или како да се лоцира, да се мери и да се операционализира космополитанизмот. Иако неопфатени со ова истражување, поради намерата да се опфати пред сè влијанието на информатичките технологии врз идентитетските процеси, сепак, на крај е полезно да се искоментираат неколкуте клучни теоретски приоди кои го разгледуваат космополитанизмот и неговото извориште. Според Вертовец и Коен (2002) тоа е резултат, не само на развиени ставови, туку и културни искуства и компетенции. Од тоа произлегува дека младите во оваа земја, поради низа причини се исклучени од светските општествени и културни текови и последувателно немаат развиено космополитиски интереси и компетенции. Ханерц (1996) уште порано го дефинира космополитанизмот како перспектива и како состојба на умот. Но, за да се дојде до таа состојба на умот потребно е да се

биде изложен на надворешните влијанија, како што добро забележуваат Вертовец и Коен. Разгледувајќи го ова прашање при обид да се изготви социолошка аналитчка категорија која е податлива за операционализација Кендал и соработниците (2009: 104), прифаќаат дека космополитанизмот е тенденција индуцирана од околностите, но не се задоволуваат со тоа. Тие го преформулираат космополитанизмот како диспозиција која е културно лоцирана, но предлагаат  точно да се издвојат оние вредности и ставови кои го отсликуваат космополитанизмот и дополнително да се прецизираат кои се структурните услови при кои тој се појавува или не (2009 : 105).

Токму ова истражување на овие структурни услови останува неопфатено со ова истражување, но повторно потенцираме, тоа не беше вцртано како примарна истражувачка цел. Вклучувајќи го комплексното прашање на космополитанизмот во ова истражување, бевме свесни за неможноста да се изготви продлабочена анализа, но сепак, го сметавме за важно покренувањето на ова прашање. Не само заради само тоа што досега кај нас ова прашање воопшто не е третирано во литературата, туку во истражувачка функција да се испита подлабоко во соднос со сложените идентитетски процеси кои беа предмет на ова истражување, а се обработуваа како дел од испитувањето на влијанието на информатичките технологии врз овие процеси. Покрај сите лимтирачки фактори, сепак, сметаме дека се добија валидни и вредни резултати кои се јасен показател за идните истражувачки потфати во оваа насока. А таквите истражувања се неопходни и повеќе од потребни, не само за расчистување на прашањата по однос на космополитанизмот, туку и на идните општествени односи за земја со изразени различитости во која, нажалост тие различитости, пред сè етничката диференцијација се најискористеното оружје за политичка борба, базирана токму на етничката мобилизација. Осознавањето макар и на едно делче во прилог на идентитетските диспозиции и прифатливоста на туѓото е значаен придонес во аналитичкиот и апликативниот аспект на развивање идни кутурни и образовни политики пред сè.

Предлагајќи го постулирањето на критичкиот космополитанизам во општествените теории Деланти (2006) инсистира на лоцирање на космополитизмот во начините на културните размени преку кои се оформува општествениот живот истакнувајчи ги моментите на отвореност кон светот при допирот на локалното со глобалното. Оттаму, станува јасно дека овој дел од истражувањето мора пред се да се продлабочи и да се разработи до најубави детали за да се претендира кон поопфатни и посериозни сознанија. Она што можеше да се дознае и од ваквото површинско скенирање на темата е дека проучувањето на културните искуства, во денешно време предизвикани или, барем, дополнети со пристапот до виртуелниот свет на постојана поврзаност со глобалната мрежа на информации и безгранична размена на комуникација се извнoредно комплексни и побаруваат соодветен третман доколку сакаме да добиеме поиздржани генерализации. Тука, во врска со ова, неопходно е поозбилно да се зафатиме со оваа тема затоа што светот навистина се движи кон космополитанско уредување, како што Урлих Бек упорно не потсетува, а за тоа е неопходно да пристапиме и кон парадигматска промена во општествените науки (2000; 2006). Обработката на овие неколку прашања ја потврдија токму таа потреба од нов пристап за одредување на развојот на идентитетските одредби на младите луѓе кај нас и во светот. Овој текст е само еден мал обид да се посочи на неопходното внимание на овие теми и новите истражувачки пристапи кои тие ги наметнуваат.

## Библиографија

Buckingham, D. „Introducing Identity” in, *Youth Identity and Digital Media*, Buckingham D (ed.), MIT Press, Cambridge, MA, 2008

Beck, U. „The cosmopolitan perspective: sociology of the second age of modernity”, *The British Journal of Sociology,* Vol.51, No.1, pp 79-105, 2000

Beck, U. and Sznaider, N. „Unpacking cosmopolitanism for the social sciences: a research agenda”, *The British Journal of Sociology,* Vol.57, No.1, pp 1-23, 2006

Delanty, G.„“The cosmopolitan imagination: critical cosmopolitanism and social theory”, *The British Journal of Sociology,* Vol.57, No.1, pp 25-47

Haller, W. and Roudometoff, V. *Cosmopolitans and Locals in World Society: Is there a European exceptionalism*, paper prepared for CRONEM conference “Nationalism and National Identities Today”, University of Surrey, June 12-13, 2007

Hannerz, U. *Transnational Connections: culture, people, places,* Routledge, London, 1996

Kendall, G., Woodward, I. and Skbis, Z. *The Sociology of Cosmopolitanism: globalization, identity, culture, and government,* Palgrave Macmillan, Houndmills, 2009

Pichler, F. „’Down-to-Earth’ Cosmopolitanism: Subjective and Objective Measurements of Cosmopolitanism in Survey Research”, *Current Sociology,* 57 (5), 2009, pp. 704-732,

Roudometoff, V. „Transnationalism, Cosmoplitanism and Glocalization”, *Current Sociology*, 53, 1, 2005, pp 113-135

Subrahmanyam, K. and Smahel, D. (eds.) *Digital Youth: The role of media in development* , Springer, 2011

Tapscott, D. *Grown Up Digital: how the Net generation is changing your world,* McGraw-Hill, New York, 2009

Vertovec, S. and Cohen, R. *Conceiving Cosmopolitanism: theory, context, and practice,* Oxford University Press, Oxford, 2002

Доц. д-р Анета Цекиќ

# ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ

## Вовед

Политичката партиципација е класична тема на проучување во политичките науки со која се занимаваат неколку корпуси литература: студиите за политичка култура и социјален капитал, литературата за интересни групи и граѓанско општество, литературата за демократија и демократизација итн. На сите нив заедничко им е тврдењето дека партиципацијата на граѓаните во јавната сфера и политиката е важна, посакувана, и дека го зајакнува квалитетот на демократијата, односно е „еликсир на демократијата во едно општество“ (Van Deth, 2014: 350).

На концептуално ниво, политичката партиципација, особено денес, има прилично широко значење и опфаќа повеќе компоненти: интерес за политика, знаење за политика, учество во формални облици на политичка партиципација (пр. гласање на избори), активност во локалната заедница и волонтерски организации, активност во организации чија цел, освен помош за определени социјални категории граѓани, е и да влијаат врз политиката, како и најразлични форми на протестна политичка активност. Интересот за политика, знаењето за политика и активностите во локалната средина или добротворни организации, се поврзуваат и со концептите за јавен дух (civic spiritedness) или граѓански ангажман (civic engagement), додека во политичка партиципација во потесна смисла спаѓаат: учеството во формалните облици на политичка активност, членството и активност во политички партии, активности за влијание врз претставничката демократија (контактирање на пратеници, потпишување петиции итн.), членството во доброволни асоцијации, како и партиципација во демонстрации, протести и штрајкови.[2]

Во претходните студии, почнувајќи уште од класичната студија на Алмонд и Верба за политичката култура, се утврдени значајни кроснационални разлики во степенот и формите на политичка партиципација на граѓаните од развиените демократии, како и разлики помеѓу партиципацијата на различни категории на граѓани во рамките на националните политички системи. Овие разлики се објаснуваат преку корпус на индивидуални и институционални фактори. Во индивидуалните фактори спаѓаат: *политичката мотивација на поединците* во која се вбројува интересот за политика, знаењето за политика и вредносните ориентации (на пример- оние поднаклонети кон постматеријалистичките и либерални вредности ќе бидат поподготвени да земат учество во разни форми на политичка партиципација), и *личните капацитети и ресурси* со кои располагаат поединците (образование, когнитивни способности, приход, слободно време и сл.) (Morales, 2015). Следејќи ги сознанијата на литературата за општествени движења, институционалните и контекстуални-

---

[2] П. Норис прави разлика помеѓу *граѓански ориентирани акции* поврзани воглавно со изборите и политичките партии, и *акции поврзани со (јавни) цели* како дејствување во врска со специфични проблеми, потпишување петиции и учество на протести (Norris, 2003:4).

те фактори сѐ повеќе се земаат предвид во поновите истражувања (Morales, 2015:9). Нивна цел е да објаснат на кој начин институционалниот контекст го овозможува или го ограничува ефективното учество на граѓаните во политиката. Во нив спаѓаат неколку карактеристики на националните политички системи[3]: структурата на националните политички расцепи, институционалната структура, стратегиите кои вообичаено се употребуваат во политичките процеси, како и неформалните практики на дејствување во националната политика (Kriesi *et al.,* 1995).

Со воведувањето на политичкиот плурализам во 1990-тите години овие истражувачки прашања станаа особено релевантни и за новите демократии на Централна и Источна Европа. Постојните истражувања во оваа област заклучуваат дека, на ниво на генерална популација, во новите демократии од овој регион се бележи пониско ниво на политичка партиципација на граѓаните, како и послабо граѓанско општество во споредба со западните демократии (Howard, 2002, Lane, 2010, Sissenich, 2010). Во земјите од поранешна Југославија пак, макроиндикаторите од компаративните студии покажуваат дека стапките на активност се уште помали, како во споредба со старите демократии, така и во споредба со новите демократии од Централна и Источна Европа (Dolenjec, 2013, Novak and Hafner-Fink, 2015).

## Политичката  партиципација на младите

Политичката партиципација на младите е особено интересна тема во последните неколку децении и е мотивирана од констатираната апатија, па дури и аверзија на младите кон политиката. Во западните демократии е регистрирано опаѓање на интересот на младите за политика, особено учеството во формалните облици на политичка партиципација, во овој временски период. На пример, Хен и Фоард регистрираат тренд на опаѓање на учеството на младите од Велика Британија на изборите кој опстојува низ последната деценија, како и изразито скептичен став кон политичките партии и политичарите (Henn and Foard, 2012). И покрај тоа, тие потенцираат дека не е проблематична вербата на младите во демократијата и демократските институции, туку се работи, воглавно, за разочараност и недоверба кон политичките партии и политичарите. Слично на нивните заклучоци, и други автори сметаат дека, веројатно, не станува збор за апатија на новите генерации, туку за промена на начинот на политичка партиципација кон понеконвенционални и нови форми на политичка активност (Norris, 2003). [4]

Ситуацијата во новите демократии, особено во земјите од поранешниот социјалистички блок, даваат измешана слика во врска со политичката партиципација на младите. Постојните истражувања за демократските вредности и определени форми на политичка активност спроведени од земјите на Источна Европа говорат дека младите имаат конзервативни вредности, не се задоволни од демократскиот развој на нивните општества, не им веруваат доволно на националните институции, и не

[3] Овие концепти се попознати како „структура на можности во политиката“ *(political opportunity structures) (POS).*

[4] Со цел да се зголеми нивото на политичка партиципација на младите во политичките процеси, голем број на влади креирале специфични политики, како на пример, предмети по граѓанско образование во наставните програми за основно и средно образование. Во Стратегијата за млади на Европската унија од 2009та, исто така, се нагласува потребата за поддршка на партиципацијата на младите во формите на претставничка демократија и во граѓанското општество.

се чувствуваат доволно претставени во политиката (Taleski D., Reimbold, H., and Hurrelmann K., 2015).

Од друга стана, скорешниот бран на протести во Македонија и други земји од регионот, во кои главни учесници се младите луѓе, оди во прилог на тврдењето дека новите генерации на млади луѓе можат да се јават како важни актери во политиката и во новите демократии, користејќи ги токму понеформалните форми на политичка партиципација. Особено активноста преку новите медиуми и социјалните мрежи е илустративна за настанатите промени во оваа смисла. Во последно време, младите се едни од најактивните носители на општественото незадоволство поврзано како со сопствените проблеми (на пример во сферата на образованието), така и со пошироките политички проблеми- корупцијата, кршењето на човековите права, национализмот итн.

Во времето на ова истражување, политичката партиципација на младите во Р. Македонија, не беше особено изразена, со неколку важни исклучоци. Протестите против политичката бруталност од 2011 година, како и активностите на неколку левичарски групи предводени од помлади луѓе беа еден од првите знаци на нов граѓански активизам кој зеде замав, особено по 2008 година. Иако граѓаните во овој период успеаја да се самоорганизираат и да мобилизираат значителна поддршка, овие акти на политичка партиципација останаа ограничени пред сé на главниот град Скопје. Како и да е, поради определеното раздвижување кое постоеше, беше интересно да се испитаат ставовите на студентите во врска со овие прашања, па истите станаа дел од анкетниот прашалник.

## Методолошки пристап

Во ова истражување, во согласност со расположливиот простор, беше поставен еден блок-прашања кој имаше за цел да собере податоци за неколку основни параметри на граѓанскиот ангажман и политичката партиципација на студентите и тоа: интересот за политика, една форма на политичко знаење - идеолошкото позиционирање, ставовите кон неколку форми на политичка активност, како и членството во доброволни асоцијации. Целта на анализата е да го испита влијанието на факторите од индивидуална природа врз политичката партиципација на студентите, имајќи го предвид влијанието на некои карактеристики на политичкиот контекст во Р. Македонија.

Примерокот на ова истражување е во голема мера хомоген и исклучува некои од поважните демографски варијабли поврзани со политичката партиципација кои би биле од важност при истражувања на општата популација, или на вкупната млада популација, како што се возраста и степенот на образование. Релевантни за анализа во овој случај можат да бидат неколку варијабли и тоа: полот, приходот/социјалната положба, етничката и религиската припадност, и местото на живеење.

Во однос на полот, истражувачите утврдиле дека постојат разлики во интересот за политика, политичкото знаење и политичката партиципација меѓу мажите и жените, и тоа како меѓу генералната, така и во однос на младата популација. Според повеќе истражувања во САД, мажите имаат поголем интерес и знаење за политика, и почесто земаат учество во разни форми на политичка активност и активности во непрофитниот сектор. Жените, од друга страна, се посклони да бидат активни во специфичен тип на организации поврзани со волонтерски активности: помош на

постари лица, организации за млади и организации кои се поврзани со образовни активности (Portney, Eichenberg and Niemi, 2009: 3). Авторите заклучиле дека иако образовниот статус е подобар предиктор за степенот на граѓански ангажман и политичка партиципација, сепак, и кога тој е контролна варијабла, разликите помеѓу половите остануваат (Portney, Eichenberg and Niemi, 2009). Овие разлики во патријархалните општества на Балканот очекувано е да бидат релевантни, односно да се забележат повисоки нивоа на политичка партиципација на мажите во однос на жените од овој примерок.

Етничката припадност е стандардна варијабла која се зема предвид во истражувањата во мултиетничките општества како што е Р. Македонија, со цел да се испитаат сличностите и разликите во вредностите на припадниците на различните етнички субпопулации кои живеат во рамки на една политичка заедница. Кога станува збор за религиозноста пак, се покажа дека примерокот е многу хомоген, бидејќи само 20 испитанци се изјасниле дека не ѝ припаѓаат на ниту една религија. Дополнително, повеќе од 99% од Македонците и Албанците се изјасниле дека ѝ припаѓаат на православната, односно исламската вероисповест, што значи дека поклопувањето на етничката и религиозната припаност на испитаниците етнички Македонци и Албанци е речиси целосно. Од таа причина, во анализата ја задржуваме само варијаблата етничка припадност.

Во претходните истражувања е утврдено дека повисокиот приходот е поврзан со повисокиот интерес и учество во политиката (Loomis and Cigler, 1998). Социјалната положба на студентите во ова истражување ја утврдуваме преку прашање за месечниот приход на семејството на студентите кој можеа да го оценат кака низок, среден или висок. Местото на живеење на студентите (урбана или рурална средина) е, исто така, често користена варијабла во истражувањата за политичките ставови и партиципација.

За испитување на формите на политичка партиципација, особено значаен е и интересот за политика кај студентите. Оваа варијабла ќе биде третирана и како независна со претпоставка дека студентите кои имаат поголем интерес за политика почесто ќе членуваат во доброволни асоцијации од оние испитаници кои изразуваат помал интерес за политика или воопшто не се интересираат за политика, и дека нивните ставови за некои форми на политичка партиципација кои овде се испитуваат ќе бидат попозитивни.

## Интересот за политика кај студентите

Првото прашање од овој блок имаше за цел да го испита интересот на студентите за политика. Генералната дистрибуција на одговорите покажува дека интересот за политика меѓу младите е прилично висок. Скоро половина од анкетираните студенти (48.8%) одговориле дека делумно се интересираат за политика, додека допонителни 18.2% одговориле дека многу се интересираат за политика. Една третина од испитаниците (33%) одговориле дека воопшто не се интересираат за политика.




Овие наоди кореспондираат и со податоците од две слични истражувања на целокупната младинска популација во Р. Македонија (15-29 години) спроведени малку подоцна - студијата на Фондацијата Фридрих Еберт (канцеларија во Скопје) од крајот на 2013 година (Топузовска и др., 2013), и истражувањето за младински трендови од 2014 година (Цекиќ, 2014).[5] Според резултатите од компаративната студија за осум нови демократии од Централна и Источна Европа (Taleski D., Reimbold, H., and Hurrelmann K., 2015), младите од Р. Македонија имаат највисок интерес за политика меѓу младите од земјите опфатени со истражувањето.

Биваријантната анализа на податоците покажа дека полот, етничката припадност и социјалната положба на студентите се поврзани со нивниот интерес за политика. Момчињата во поголем процент од девојките одговориле дека многу се инрересираат за политика, 28.6% наспроти 12.3%.; додека 40% од девојките одговориле дека воопшто не ги интересира политика, кај момчињата тој процент изнесува 22.4% ($p<0.01$). Околу 49% проценти испитаници од двата пола одговориле дека делумно се интересираат за политика.




[5] Во истражувањето „Младински трендови“ моменталните студентите, како и младите со завршено високо образование се надпросечно заинтересиран за политика и партиципираат почесто како во социјалните, така и во останатите форми на политичка партиципација, во споредба со другите категории на испитаници според степенот на образование- само со завршено основно или средно образование (Цекиќ, 2014).

Во однос на етничката припадност, интересот за политика на студените Албанци е нешто повисок во споредба со истиот кај Македонците ($p<0.01$).




Интересот за политика е различен и помеѓу студентите од различни социјални класи. Студентите од семејства со среден приход во поголем процент (35.3%) одговориле дека воопшто не се заинтересирани за политика, во споредба со студентите од семејства со ниски и високи примања (околу 24%). Најголем процент пак од студентите од висока социјална положба одговориле дека многу се интересираат за политика- дури 29.3% во споредба со околу 17% на студените од семејства со ниски и средни примања.




Следното прашање имаше за цел да види колку политиката и политичките теми се присутни во разговорите меѓу студентите. Ова прашање во определена смисла е контролно/дополнително прашање за интересот за политика, за кое се доби изненадувачки податок. Имено, дискутирањето за политички или општествени теми е поголемо од интересот за политика, дури 80.1% од анкетираните студенти барем понекогаш дискутираат за политички теми, од кои 18% често дискутираат. 20% од студентите одговориле дека никогаш не разговараат за политички теми со своите врсници.




Овој податок говори за висок степен на политизација во нашето општество, за кој, според претходните истражувања, се свесни и самите млади луѓе (длабински интервјуа од Студијата за млади (Топузовска-Латковиќ и др., 2013). Сепак, треба да се земе предвид и фактот дека анкетираните студенти студиираат општествени науки, па имаат особен интерес кон овие теми.

Помеѓу двете варијабли: интерес за политика и дискутирање за политика, постои корелација која е позитивна ($r=0.531$), и е статистички значајна ($p<0.01$). Тоа значи дека повисокиот интерес за политика значи и почесто разговарање со врсниците за политички теми.

Според биваријантата анализа на ова прашање постојат статистички значајни разлики помеѓу различните категории испитаници. Така, слично како и со интересот за политика, машките почесто разговаааат со своите врсници за политички и општествени теми од женските испитаници.




Студентите од семејства со среден приход најмалку дискутираат за општествени и политички теми, особено помалку од студентите кои потекнуваат од семејства со висок приход. Младите од ниска класа пак се со најмал процент одговори кај модалитетот „често“ (12.6%), односно во најголем број одговориле дека понекогаш разговараат за политички или општествени теми (71.5%) ($p<0.01$).




Во однос на етничката припадност, Албанците почесто разговараат за општествени и политички теми од Македонците- 24.9% наспроти 14.4% од нив одговориле дека често дискутираат за општествени и политички теми, иако мнозинството испитаници и од двете етнички групи одговориле дека одвреме-навреме дискутираат за општествени и политички теми ($p<0.01$).




## Знаење за политика

Знаењето за политика, меѓу другото, го опфаќа познавањето на граѓаните за карактеристиките на политичкиот систем, информираноста и ставовите за политичките прашања и проблеми, како и познавањето на носителите на политички функции и избрани претставници. Познавањето на политичките идеологии и идеолошкото позиционирање е една од повисоките форми на политичко знаење. Според истражувањата на општата популација во Р. Македонија, во услови на политички плурализам, голем дел (45.8%) од испитаниците сè уште не знаат да се позиционираат идеолошки (Христова, 2011: 190). Колку младите студенти се запознаени со политичките идеологии и каква е нивната идеолошка профилација?

Високи 46.8% од анкетираните студенти се дистанцираат од политичките идеологии, односно одговориле дека ниту една политичка идеологија не им е блиска, додека 5.5% одговориле дека не знаат што се тоа политички идеологии. Ова е изненадувачки податок, особено ако се има во предвид дека процентот на студенти кои се интересираат за политика е прилично голем, па би било очекувано тој да е придружен со наклонетост кон некоја политичка идеологија.

Најголем дел од студентите кои идеолошки се позиционирале, одговориле дека му припаѓаат на центарот - односно 20% од сите анкетирани студенти. 14% од студентите одговориле дека ѝ припаѓаат на левицата, додека 10% се идентификуваат со десницата. 4% од студентите одговориле дека се приврзаници на други идеологии, а најчесто наведувани се анархизмот и пацифизмот.




Вкрстувањето со полот на студентите изнесе на виделина скоро 20% разлика меѓу одговорот за припаѓање кон некоја политичка идеологија. 53.7% од девојките се изјасниле дека не ѝ припаѓаат на ниту една идеологија, додека кај момчињата овој процент е 34.6%. Околу 5% испитаници од двата пола се изјасниле дека не знаат што е тоа политичка идеологија. Најголем дел од машките и женските испитаници повторно го одбрале центарот, по што следуваат левицата и десницата. Сепак, од оние студенти кои идеолошки се позиционирале, машките испитаници двојно повеќе ја поддржуваат десницата (15.4%) од женските испитаници (7.5%). Левицата ја поддржуваат 17.7% од момчињата и 12% од девојките.

| | Центар | Левица | Десница | Друго | Ниту една | Не знам што е тоа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | 21.7% | 17.7% | 15.4% | 5.5% | 34.6% | 5.1% | 100% |
| **Женски** | 18.8% | 12% | 7.5% | 2.3% | 53.7% | 5.7% | 100% |

Статистички значајно на $p<0.01$

Прилично големи се разликите помеѓу студенитите и според нивната социјална положба. Најголем дел од студентите кои се позиционирале идеолошки ѝ припаѓаат на високата класа. Студентите од високата класа (донекаде неочекувано) ѝ припаѓаат најмногу на левицата (26.8%), по што следи центарот (23.2%), и значително помалку на десницата (12.5%). Припадниците на ниската класа скоро изедначено ги поддржуваат левицата (14.1%) и центарот (13%), но и поддршката за десницата не е драстично различна и изнесува 10%. Студентите од средната класа му припапаѓаат најмногу на центарот (20.7%), додека поддршката за левите и десните идеологии е помала и блиска- 12.8% и 10.1%, респективно.

| | Центар | Левица | Десница | Друго | Ниту една | Не знам што е тоа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниска** | 13% | 14.1% | 10.9% | 1.1% | 55.4% | 5.4% | 100% |
| **Средна** | 20.7% | 12.8% | 10.1% | 4.2% | 46.9% | 5.3% | 100% |
| **Висока** | 23.2% | 26.8% | 12.5% | 0% | 30.4% | 7.1% | 100% |

Статистички значајно на $p<0.05$

Во однос на етничката припадност, од оние испитаници кои идеолошки се позиционирале, Албанците во најголем дел се изјасниле дека му се блиски на центарот (23.4%), по што следува левицата (12.1%) и десницата (6.5%). И кај Македонците поддршката за различните идеологии го има истиот редослед, но разликата меѓу центарот, левицата и десницата е потесна, отколку кај Албанците: 18.3% се изјасниле дека му припаѓаат на центарот, 14.6% на левицата и 11.9% на десницата. Поголем процент на Албанци (8.2%) не знаат што се тоа политички идеологии во споредба со Македонците (3.9%), додека процентот на испитаници кои одговориле дека не им е блиска ниту една идеологија е многу сличен.

| | Центар | Левица | Десница | Друго | Ниту една | Не знам што е тоа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 18.3 | 14.6 | 11.9 | 3.4 | 47.9 | 3.9 | 100% |
| **Албанци** | 23.4 | 12.1 | 6.5 | 3 | 46.8 | 8.2 | 100% |

Статистички значајно на $p<0.05$

Студентите кои повеќе се интересираат за политика во поголем број се позиционирале идеолошки. Така, 19% од оние што одговориле дека многу се интересираат за политика, одговориле дека ниту една идеологија не е им е блиска. Овој процент е значително поголем меѓу студентите со делумен интерес за политика (47.8%) и меѓу оние кои воопшто не се интересираат за политика (61.4%)

## Членство во организации

Членството во доброволни асоцијации претставува еден од најзначајните показатели за политичката партиципација на граѓаните и јачината на цивилното општество, и е стандарден индиктор за степенот на развој на демократијата. Доброволните асоцијации (здруженија на граѓаните според нашето законодавство) во кои граѓаните добиваат знаење, вештини и искуство во непосредната политичка партиципација, се сметаат за школи на демократијата. Иако во литературата постојат поделби во врска со улогата на доброволните асоцијации и групи, особено оние кои бранат тесни или специфични интереси (Grant and Maloney, 2007: 1-40), тие се неодминлив дел од демократскиот живот на сите општества.

Со оглед на тоа дека се работи за студентска популација, односно популација која во најголем дел не е во работен однос, членството во определен тип на организации како професионални асоцијации или синдикати се очекува да биде мало. Членството во друг тип на организации како: младински, студентски, спортски, културни или уметнички, пак, се очекува да биде поголемо. Слободното време и можностите за волонтирање во разни организации можат да имаат позитивно влијание врз членството на младите во доброволни асоцијации. Според бројот на регистрирани граѓански организации во Р. Македонија, кој во 2013 година изнесува над 13 021, од кои 4574 се пререгистрирани според новиот Закон за здруженија и фондации од 2010 година, и кои се сметаат за во најголема мера активни (Нурединовска и Огненовска, 2014: 13), би требало младите да имаат големи можности за приклучување кон граѓанските организации, па дури и да формираат нови организации со оглед на либералната законска рамка. Всушност, младинските организации и дејствување во Р. Македононија се во подем во последните неколку години. Од друга страна, голем дел од поактивните невладини организации имаат скромно членство (Цекиќ, 2015), и не е познато колку се ориентирани кон привлекување на нови членови.

Членството на студентите од овој примерок во организации ги следи европските трендови во однос на типот на асоцијации во кои членството е најчесто, но големината на членството во истите е од една третина до една половина помало од европскиот просек (за повеќе информации во врска со европските земји види Flesh Eurobarometer 375). Најбројно е членството во спортски клубови (24.3%), по што следуваат студентски организации (22.7%), младински организации (12.7%) и културни или уметнички организации (12.6%). Помал, иако не и многу мал, е процентот на членство на студентите во хуманитарните организации (9.7%). Најмали се процентите за членство во религиозните или црковните организации (6.7%), како и членството во асоцијациите кои ги бранат поширокитe јавни цели: човекови права, женски права, мировните движења и организации за заштита на животната средина и животните. Од друга страна, процентот на членството во политичките партии е компаративно висок и изнесува 9.4%. За споредба, европскиот просек за младинска популација изнесува 5% (Flash Eurobarometer 375: 7).

31.4% од студентите се изјасниле дека не членуваат во ниту една организација, што не е голем процент, особено во споредба со европскиот просек- 44% (Flash Eurobarometer 375: 6).

**Табела:** Членство во доброволни асоцијации

| Тип на организација | Процент |
|---|---|
| **Културна или уметничка организација** | 12,6% |
| **Спортски клуб** | 24,3% |
| **Спортска организација или навивачка група** | 8,4% |
| **Младинска организација** | 12,7% |
| **Студентска организација** | 22,7% |
| **Реигиозна или црковна организација** | 6,7% |
| **Хуманитарни организации** | 9,7% |
| **Организации за човекови права** | 6,7% |
| **Женски организации** | 5,1% |
| **Мировни движења** | 2,4% |
| **Организации за заштита на животната средина** | 5% |
| **Организација за заштита на животните** | 3,9% |
| **Политичка партија** | 9,4% |
| **Друго** | 1,7% |
| **Не членувам во ниту една организација** | 31,4% |

Статистички значајни разлики помеѓу испитаниците се јавуваат при вкрстувањето со полот и етничката припадност. Во случајот со полот, членството на машките испитаници е поголемо во 4 видови на организации (спортски клуб, спортска организација, политичка партија и мировни движења), додека женските испитаници членуваат во поголем број во организациите за женски/родови прашања. Додека 23.6% од момчињата одговориле дека не членуваат во ниту една организација, тој процент кај девојките е поголем и изнесува 35.8%.

Според етничката припадност, се појавуваат неколку статистички значајни разлики меѓу студентите од македонската и од албанската етничка припадност. Така, додека 14.2% од Македонците членуваат во културна или уметничка организација, помеѓу Албанците овој процент е 8.9%. 20.5% од Македонците членуваат во студентска организација, додека кај Албанците овој процент е поголем и изнесува 28.6%. Албанците во поголем број членуваат и во организации за човекови права (10.6%) од Македонците (4.5%), и во организации специјализирани за женски/родови прашања- 8.5% наспроти 3.4%. Поголем број Македонци членуваат во организации за заштита на животните- 5.2% наспроти 0.9% од студентите Албанци. Најголема е разликата во однос на членството во религиозна организација- само 2.3% од испитаниците од македонска етничка припадност одговориле дека членуваат во ваква организација, додека овој процент меѓу Албанците изнесува 14.9%.

И местото на живеење на студентите се јавува како значаен фактор за членството во неколку видови на организации. Така, студентите од урбаните средини во поголем број членуваат во културна или уметничка организација во споредба со студените од руралните средини (14.3% наспроти 8.5%). Студентите кои потекнуваат од руралните средини пак, во поголем број членуваат во религиозна организација (12.1% наспроти 4.4% студенти од град), и во мировни движења (4.5% наспроти 1.6%). 40.2% од студентите од руралните средини одговориле дека не членуваат во ниту една организација, во споредба со 28% студенти од урбаните средини.

Интересот за политика не се покажа како многу важен факор за членството на студентите во различен тип на организации. Тој е од значење за членството во политички партии, мировни движења, и религиозни организации, при што студентите што многу се интересираат за политика се неколку пати повеќе склони да бидат членови во овие организаци во споредба со студентите со делумен и никаков интерес за политика. Разликите се малку помали кога станува збор за студентските организации, но се статистички значајни. Студентите со помал интерес за политика во поголем број одговориле дека не членуваат во ниту една организација, односно додека 19% од студените кои многу се интересираат за политика не членуваат во ниту една организација, тој процент кај студентите кои делумно се интересираат за политика изнесува 30.8%, а кај студените кои воопшто не се интересираат за политика изнесува 39.6%.

## Ставови кон некои форми на политичка партиципација

Според претходните истражувања за политичката култура на граѓаните во Р. Македонија, во македонското општество доминираат авторитарните вредности (Симоска, Габер и Бабунски, 2001; ФИООМ и ИСППИ, 2012; Петковски и Маричиќ, 2014). Во ваквите општества се очекува политичката партиципација на граѓаните да е релативно мала, односно мал број од граѓаните да земаат учество во разни активности за влијание врз политиката, и да се потпираат пред сé на политичките водачи. Во Република Македонија влијанието на граѓанските иницијативи врз политичкото одлучување сè уште се смета за недоволно, иако овој процес, почнувајќи од 2008 година и под влијание на процесот на Европската интеграција, е формализиран низ нови документи и правила за консултација на граѓанското општество од страна на институциите.

Следните неколку прашања имаа за цел да ги испитаат ставовите на младите кон неколку форми на партиципација во рамките на образовните институции, како и во поширокото општество, со цел на поставување на барања или заштита на своите интереси. Напоменуваме дека се работи за ставови за тоа дали овие форми на партиципација се прифатливи или неприфатливи начини на дејствување, а не се работи за тоа дали младите некогаш зеле учество во истите, односно нивното практикување.

Со првите три прашања од овој блок, студентите беа прашани дали за нив е прифатливо или не: да потпишат петиција во рамките на факултетот/универзитетот; да иницираат поставување на барања во рамките на факултетот/универзитетот; и да учествуваат во бојкот на наставата во рамките на факултетот/универзитетот.

Потпишувањето на петиција и иницирањето на барања се во голема мера прифатливи за студените: 60.7% и 62.3% респективно одговориле позитивно на овие прашања. Мал дел, или 13.1% и 14% од студентите одговориле дека овие активности за нив не се прифатливи. 26.3% и 23.6% од анкетираните одговориле со не знам/нема одговор во врска со потпишувањето петиција и иницирањето на барања, што е висок процент со оглед на тоа што овие форми на партиципација се легитимни и се едни од најпопуларните кои им стојат на располагање на младите. Ваквото изјаснување оди во прилог на понеповолните оценки за ставовите на младите во однос на политичката партиципација.

| | Прифатливо | Не е прифатливо | Не знам/нема одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Да потпишам петиција во рамките на факултетот/универзитетот | 60.7% | 13.1 % | 26.3% | 100% |
| Да иницирам поставување на барања во рамките на факултетот/универзитетот | 62.3% | 14% | 23.6% | 100% |
| Да учествувам во бојкот на наставата на факултетот/универзитетот | 36.7% | 31.2% | 32.1% | 100% |

Интересно е, исто така, што одговорите на испитаниците на овие две прашања имаат слична дистрибуција, иако карактерот на двете акции е различен, односно втората значи повисок квалитет на активност. Додека во првиот случај станува збор за приклучување кон веќе организирано барање само преку потпишување на истото (индивидуален тип на активност), во вториот случај се работи за поголем ангажман- организирање на барањето и мобилизација на други потписници, односно социјален ангажман и многу повеќе одвоено време.

Значително помал број на испитаници одговориле дека би учествувале во порадикалната форма на активност во рамките на образовната институција, односно би учествувале во бојкот на наставата на нивниот факултет/универзитет- 36.7%. За 31.2% оваа активност не е прифатлива, а висок е повторно процентот и на оние испитаници кои немаат став/одговор на ова прашање- 32.1%.

Според резултатите од биваријантната анализа, во однос на полот, статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците се јавуваат само во врска со потпишувањето на петиција, активност која е поприфатлива за момчињата, отколку за девојките ($p<0.01$).




Во однос на етничката припадност, статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците се јавуваат во однос на сите форми на активност. Имено, потпишувањето на петиција е поприфатливо за студентите Македонци (66.1%), отколку за студентите Албанци (49.8%), односно не е прифатлива само за 8.2% од студените Македонци во споредба со 22.7% од студентите Албанци ($p<0.01$).




Организирањето за поставување на барања е за неколку проценти поприфатливо за Македонците отколку за Албанците, но истовремено 25.6% од Македонците немаат став по ова прашање во споредба со 21.1% од студентите Албанци. Сепак, оваа форма на активност е неприфатлива за скоро 20% од Албанците, во споредба со 11.3% од Македонците ($p<0.05$).




Бојкотирање на наставата на факултетот/универзитетот е неприфатлива форма на активност за висок процент од студентите Албанци- 38.6%, во споредба со 27% од студентите Македонци ($p<0.01$).



Во однос на социјалната положба на испитаниците, повторно само кај прашањето за потпишување петиција се појавуваат статистички значајни разлики ($p<0.01$). Оваа форма на активност е поприфатлива за студентите од семејства со високи примања (70%), односно е најнеприфатлива за студените од семејства со средни примања (14.9%). Студентите од семејство со низок приход пак, во најголем процент немаат став по ова прашање (36.2%).




Следните неколку прашања имаа за цел да ги испитаат ставовите на студентите во врска со политичка активност надвор од рамките на факултетот/универзитетот вклучувајќи: потпишување на петиција за политички или општествени прашања; организирање за поставување на политички или општествени барања; учество во законски дозволени протести; учество во протести кои не се законски дозволени, но за кои сметаат дека се праведни.

И кај овие форми на активност, високи 28.9% до 33.4% од испитаниците немаат став во врска со тоа дали истите се прифатливи или неприфатливи. Кај оние што се изјасниле пак, бележиме околу 20% пад на согласноста во врска со сличните активности во рамките на образовните институции презентирани претходно. Така, петиција во врска со општествени или политички прашања е прифатлив начин на дејствување за 43.5% од студентите, а организирање за поставување на општествени или политички барања надвор од рамките на образовните институции е прифатлива форма на активност за 41.2% студенти. Околу една третина од испитаниците воопшто немаат оформено став за овие прашања (33.4% и 32.9% респективно за двете форми на партиципација), додека за 23.1% и 25.9% од испитаниците истите не се прифатливи.

| | Прифатливо | Не е прифатливо | Не знам/нема одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Да потпишам петиција за опшествени или политички прашања надвор од рамките на факултетот/универзитетот | 43,5% | 23,1% | 33,4% | 100% |
| Да се организирам за поставување на опшествени или политички барања надвор од рамките на факултетот/универзитетот | 41,2% | 25,9% | 32,9% | 100% |
| Да учествувам во политички и општествени протести кои се законски дозволени, надвор од рамките на факултетот/универзитетот | 42,5% | 28,6% | 28,9% | 100% |
| Да учествувам во политички и општествени протести кои не се законски дозволени, но за кои сметам дека се праведни | 27,7% | 40,4% | 31,9% | 100% |

Во врска со учеството на протести, за 42.% од испитаниците учеството во законски дозволени протести е прифатлив начин на дејствување, додека процентот на испитаници за кои е прифатливо учеството во законски недозволени протести, но за кои сметаат дека се праведни, односно најрадикалната форма на активност, е најмал и изнесува 27.7%.

Биваријантната анализа на овие прашања покажа статистички значајни разлики кога испитаниците се групирани според полот и тоа однос на сите прашања од оваа група. Очекувано, сите форми на активност се поприфатливи за момчињата отколку за девојките. Потпишувањето на петиција за општествени и политички барања е прифатлив начин на делување за 56.7% од момчињата, во споредба со 35.9% од девојките. Дополнително, скоро 40% од девојките немаат став во врска со ова прашање ($p<0.01$). Организирањето за поставување на општествени и политички барања е прифатлива форма на дејствување за 52.2% од момчињата, во споредба со 35% од девојките ($p<0.01$). Учеството во протести кои се законски дозволени е прифатливо за 60% од момчињата во споредба со само 33% од девојките ($p<0.01$). Учеството, пак, во протести кои не се законски, но за кои сметаат дека се праведни, се прифатлив начин на делување за 38.2% од момчињата, во споредба со 21.6% од девојките ($p<0.01$).



## Интерес за политика и политичка партиципација

Вкрстувањето на варјаблата „интерес за политика" со веројатноста да се учествува во испитуваните форми на политичка партиципација, покажа дека студентите кои се повеќе заинтересирани за политика, се посклони да земат учество во разни облици на политичка партиципација. Делумен исклучок е учеството во бојкот на наставата на факултетите/универзитетите како начин на несогласување, што е поприфатливо за студентите кои воопшто не се заинтересирани за политика од оние кои имаат делумен интерес за политика. Втор важен заклучок од добиените податоци е следниот. Додека за студентите кои многу се заинтересирани за политика разликите во веројатноста за политичката партиципација во рамките на универзитетот или во поширокиот општествен контекст се занемарливи, во случајот со студентите без интерес за политика, тие разлики се поизразени. За нив поприфатливо е да се активни во рамките на образовните институции за проблеми што подиректно ги засегаат, отколку за прашања од поширокиот општествен контекст. Слични на нив се и студентите со делумен интерес за политика.



## Заклучок

Студентите од овој примерок покажуваат релативно високо ниво на интерес за политика и релативно често разговараат за политички и општествени теми со своите врсници и пријатели. Од друга страна тие се малку запознаени со политичките идеологии и во помал број можат да се позиционираат на идеолошкиот спектар лево-десно. Интересот за политика и политичкото знаење се поголеми кај машките во споредба со женските испитаници. Студентите Албанци, како и испитаниците кои потекнуваат од семејства со висок или низок приход, се позаинтересирани за политика и почесто дискутираат за политички и општествени теми отколку студентите Македонци и студентите од семејства со среден приход.

За мнозинството испитаници поприфатливи се поумерените форми на политичка партиципација, и активностите за поставување на барања во своите образовни институции, отколку во поширокото општество. Разните форми на политичка партиципација без исклучок се поприфатливи за машките испитаници, како и за испитаниците од македонска етничка припадност, но само во случајот со активноста во рамките на образовните институции. Кога станува збор за поширокиот општествен контекст разликите меѓу етничките групи не се статистички значајни. Студентите кои се повеќе заинтересирани за политика, се посклони да земат учество во разните форми на политичка партиципација.

Членството во разни видови на организации, според типот на организација е очекувано со оглед на возраста. Младите членуваат во организации чија главна област се спортските/рекреативните или културните активности, но и во младински и студентски организации. Компаративно високо е членството во политички партии.

## Користена литература

Bernhagen P., and Maloney W., (2010) Civil society organizations as ‘Little Democracies’? In Maloney W. and Van Deth Jan W. (eds.) *Civil society and activism in Europe: contextualizing engagement and political orientations,* Rutledge.

Dolenjec, D (2013) *Democratic institutions and authoritarian rule in Southeast Europe.* ECPR Press.

Grant J., and Maloney W., (2007) *Democracy and interest groups: enhancing participation?* Palgrave Macmillan.

Flash Eurobarometer 375 (2013) European Youth: Participation in democratic life. Report.

Henn, Matt and Foar, Nick (2012) Young people, political participation and trust in Britain. *Parliamentary affairs* Vol. 65 (1), 47-67.

Howard, M. (2002), ‘Post-communist Civil Society in Comparative Perspective’. *Democtatyzacia: The Journal of Post-Soviet Democratisation* 10 (3): 284-305

Kriesi H., Koopmans, R., Willem D., Guigni MG, (1995) *New Social Movements in Western Europe.* University College London Press.

Lane, David (2010) ‘Civil Society in the Old and New Member States’. *European Societies* 12 (3): 293-315.

Loomis BA and Cigler AJ (1998) Introduction: The Changing nature of interest groups politics. In Cigler A. J., Loomis Burget, A (eds.) *Interest Groups Politics 5th edition,* Congressional Quarterly Inc, Washington DC.,1998.

Morales, Laura (2009) *Joining political organizations: institutions, mobilization and participation in Western democracies.* ECPR Press.

Norris, Pippa (2003) Young People and Political Activism: From the Politics of Loyalties to the Politics of Choice? Report for the Council of Europe Symposium: „Young people and democratic institutions: from disillusionment to participation.” Strasbourg, 27-28th November 2003.

Нурединовска Е., и Огненовска С., (2014) *Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор во Македонија.* МЦМС, Скопје.

Portney, Kent E., Eichenberg, Richard C. and Niemi, Richard G.(2009) *Gender differences in political and civic engagement among young people,* Paper prepared for presentation at the annual meeting of the American Political Science Association, Toronto, Canada, September 3-6, 2009.

Sissenich, B., (2010), ‘Weak States, Weak Societies: Europe’s East-West Gap’. *Acta Politica* 45 (1/2): 11-40.

Taleski D., Reimbold, H., and Hurrelmann K. (2015) *Building democracies in South East Europe: Youth as an Unwilling Agent*. In Hurrelmann K., and Weichert M., (eds.) *Lost in Democratic Transition? Political challenges and perspectives for young people in South East Europe. Results of representative studies in eight countries*. Friedrich Ebert Stiftung office, Sarajevo.

Van Deth J.W. (2014) A conceptual map of political participation. *Acta Politica,* Vol. 49 (3), pp. 349-367.

ФИООМ и ИСППИ (2012) *Политичката култура и идентитетите*. Фондација институт отворено општество, Скопје и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.

Христова Л. (2011), Вредносните и политички ориентации на граѓаните на Република Македонија. Во Христова Л., (ур.) *Политичките идентитети во Р. Македонија*, УКИМ и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, стр. 187-206.

Маричиќ Б., Петковски Љ., (2014) *Политичката култура, европеизацијата и ставовите во Македонија: извештај од анкетното истражување „Еврометар“ за 2014.* Македонски центар за европско образование.

Симоска Е., Габер Н., Бабунски К., (2001) *Политичката култура на граѓаните во Р. Македонија.* Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.

Топузовска-Латковиќ М., Борота-Поповска М., Серафимовска Е., Цекиќ А., (2013) *Студија за младите во Р. Македонија,* Канцеларија Фрифрих Еберт, Скопје и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.

Цекиќ А., (2014) Ставови за политичката партиципација на младите. Во Јаќимовски Ј. И др. *Истражување за младински трендови во Р. Македонија,* Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2014.

Цекиќ А., (2015) *Анкета на интересни групи и граѓански организации во Македонија, Црна Гора и Србија.* Истражувачки извештај.

Проф. д-р Ганка Цветанова

# РЕЛИГИЈАТА И СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА

## Вовед

Во делот насловен како *Религијата и студентската популација во Р. Македонија,* целта беше да се истражи местото и улогата на религијата кај студентите, притоа осврнувајќи се на следниве аспекти: верската (религиска) припадност, улогата на религијата во нивните семејства и секојдневниот живот, како и степенот на нивната религиозност.

Во рамките на овој дел од истражувањето, поимот верска или религиска припадност се однесува на припадноста или членувањето во определена религиска институција, додека, пак, под поимот верско или религиско убедување подразбираме систем на идеи.

При изготвувањето на прашалникот, а со цел да се утврди степенот на религиозноста на студентите во Република Македонија, како индикатори, покрај религиската припадност и религиското убедување, беа земени во предвид и религиските практики и нивната примена од страна на испитаниците (присуството на верски служби), како и познавањето на религијата на којашто ѝ припаѓаат.

Основната хипотеза во овој дел од истражувањето претпоставуваше дека најголемиот број студенти, особено оние кои припаѓаат на македонското мнозинство, иако себеси се перципираат како исклучително религиозни, религијата ја доживуваат единствено како дел од нивната културна традиција.

## Религија

### *Дефинирање на поимот религија*

Религијата претставува еден од најкомплексните феномени во историјата на човештвото. Во својата основа таа е мултидимензионлна, вклучувајќи во себе повеќе аспекти: индивидуалниот, културниот, општествениот, организацискиот. Оттука, религијата претставува предмет на истражување на многу научни дисциплини, како: теологијата, филозофијата, социологијата на религијата, историјата на културата, историјата на уметноста, антропологијата, психологијата, демографијата, политичките науки, правото, па дури и меѓународните односи. Во научна смисла, поточно во зависност од научната дисциплина која ја истражува религијата, таа се третира од различни аспекти: од аспект на нејзиното религиско учење, од аспект на нејзината филозофска димензија, од аспект на дефинирање и утврдување на односите во рамките на заедницата. Во таа смисла, социологијата на религијата се занимава со откривање и проучување на обрасците (моделите) на општественото живеење поврзани со религијата и нејзините различни појавни форми, како и изнаоѓање на одговори и толкувања на податоците произлезени од овој вид на истражувања. Со други зборови,

социологијата не се занимава со верските убедувања и верувања на верниците, или пак, со *„вечната вистина“*. Овие прашања спаѓаат во сферата на теологијата која претставува релативно модерна дисциплина во рамките на религиските студии.

Според Јингер (1979), религијата претставува систем на верувања и практики преку кои секоја група луѓе се бори со ултимативните проблеми на човечкиот живот. Религиозните верувања и убедувања не се подлежни на дополнителни проверки од страна на човекот, туку како така дадени, се сметаат за вистинити и вечни. Во рамките на тие верувања и т.н. „*вечни вистини*”, човекот ја гради свеста за самиот себе, за неговото постоење и за светот во кој тој живее.

Начелно, постојат два пристапи при дефинирањето на религијата, особено кога станува збор за нејзината врска со општеството. Првиот е т.н. *суштински (суштествен)* пристап и истиот се занимава со она што во суштина *е* религијата, вклучувајќи ги верувањата и практиките, кои од друга страна, претпоставуваат и постоење на *натприродни суштества.*

Вториот пристап е *функционалниот* и тој се занимава со она што религијата го *прави* и како тоа влијае на општеството. На пример, дали религијата дава одговор на оние прашања за кои не постои одговор (што се случува по нашата смрт) или, пак, религијата е таа која ги поврзува луѓето во специфична форма на заедничко дејствување. Тензијата помеѓу овие два типа на дефиниции постои уште од најраните денови на социологијата. Макс Вебер ја толкувал религијата од суштествениот (суштинскиот) аспект, додека пак Емил Диркем ја развил т.н. функционална перспектива (Davie, 2007: 19)

Во духот на суштинската или суштествената дефиниција, најголемиот број на антрополози и социолози го потенцираат *верувањето* како основа или суштина на секоја религија. Оттука, верувањето го сметаат за нејзиниот најважен аспект.

Од друга страна, пак, согласно функционалната перспектива, Диркем ја дефинира религијата како унифициран систем на верувања, но и во однос практики на светите нешта, нешта издвоени и забранети - верувања и кои се о практики бединуваат во една единствена морална заедница наречена црква, сите оние кои се придржуваат до нив (Durkheim, 1976: 47).

Клифорд Гирц (2000: 93) ја дефинира религијата како систем на симболи коишто дејствуваат така за кај луѓето да воспостави силни, проникливи расположенија и мотивации со тоа што ги формулира поимите за општиот поредок на егзистенцијата и ги обвиткува тие поими со таква аура на фактуелност за расположенијата и мотивациите да се чинат како единствено реалистични.

Религијата претпоставува и определен кодекс на однесување кој произлегува токму од верувањата и чувствата. Сфатена како систем на верувања, практики и симболи, религијата неминовно станува дел од човековата култура.

Иако станува збор за два различни феномена, сепак, културата и религијата се тесно поврзани на многу начини. Културата и религијата длабоко навлегуваат во голем број на идентични сфери на човековото живеење и на тој начин меѓусебно си влијаат и се надополнуваат во многу нешта. Религијата имала влијателна улога при формирањето на културните и вредносните системи, моралните убедувања и практики. Нејзината улога, во рамките на различни култури, имала различно влијание и значење. Од друга страна пак, културата влијаела на начинот на кој се доживува религијата, формата на одржувањето на религиозните обичаи, па дури и при определувањето на нејзиното место и важност во општеството. Како пример можеме да ги

посочиме големите разлики кои постојат помеѓу индиската, иранската и алжирската форма на исламот, како и помеѓу кинеската, египетската и американската форма на христијанството. Имено, овие разлики произлегуваат како резултат на различните културни традиции на заедниците. Зборувајќи за нивната заемна поврзаност, може да констатиреме дека ниту една религија не е независна во однос на културата или, како што вели Парек (2000), Исус Христос можеби е божество, но христијанството е сепак, културен феномен.

За некои од културите, пак, може да се каже дека произлегуваат од религијата и на неа ги темелат своите вредности. Токму онака како што и Ерих Фром (2013: 28) ќе забележи во неговото дело *Психпанализа и религија* дека не постои култура во минатото, а најверојатно ќе нема ниту во иднина, без религија сфатена во широката дефиниција на самиот поим. Сепак, ниту една култура целосно не почива на религијата иако нејзиното влијание при формирањето на културните вредносни системи и практики е очигледно во многу нешта и на различни нивоа.

Во таа смисла, Сара Сонг потенцира дека либералната теорија прави концептуална разлика помеѓу културата и религијата. Имено, иако и културната припадност и верското убедување можеби претставуваат клучни компоненти на човековиот идентитет, сепак, верските потреби, за разлика од културните, се темелат на совесност и се доживуваат како обврзувачки етички заложби. Според толкувањето на либералната теорија, моралните, религиозните и филозофските ставови се експлицитен извор на нормативни авторитет. Кога луѓето ќе прифатат определен збир на морални или религиозни убедувања како вистинити, тогаш тие ги прифаќаат овие верувања како причина за акција. Културите не се извор на нормативен авторитет во таа смисла.

Таа смета дека со употребата на изразите „културните норми" и „културни вредности", се опишува она што членовите на групата веќе го прават, но не и позадината, односно авторитетот од кој произлегува она што тие го прават. Голем број од вредностите, карактеристични за определена култура, всушност се произлезени како резултат на верските или моралните доктрини. Клучната поента е дека религијата е извор на нормативен авторитет на начин на кој културниот идентитет не е (Сонг, 2007: 3).

## *Интегративната функција на религијата*

Покрај тоа што религијата претставува систем на верувања и вредности, таа има и интегративна функција која може да се однесува на поединецот или општеството, поточно, на општеството во целина или на неговите посебни нивоа – индивидуалното, културното и социјалното.

Барбара Харгроув (1989) ја има согледано интегративната функција на религијата и во нејзината дефиниција, надоврзувајќи се на функционалното гледиште, за овој општествен феномен вели дека е религијата човечки феномен, кој функционира за да ги обедини културните, социјалните и персоналните системи во осмислена целина. Нејзините компоненти генерално вклучуваат: 1) заедница на верници коишто споделуваат 2) заеднички мит, кој ги интерпретира апстракциите на културните вредности во историската реалност преку 3) ритуално однесување кое ја прави нивната можна партиципација во 4) димензијата на искуството препознаено како вклучувачко за нешто што е повеќе од секојдневната реалност - за светот (Ташева, 1998: 25).

Имајќи ја предвид интегративната функција на религијата, Парек (2000) посочува дека некој можеби оди во црква и верува во Господ бидејќи тоа е дел од неговото

религиозно убедување, некој затоа што тоа е интегрален дел на неговата култура и составен дел на културата на заедницата на која ѝ припаѓа, или, пак, затоа што на тој начин ќе го зацврсти својот општествен статус. Некој го прославува Божиќ заради неговото длабоко религиозно значење, некој затоа што тоа за него претставува важен културен момент од неговата историја, некој можеби затоа што тоа е добар начин да ја потврди својата припадност во општеството, или, пак, единствено за да не предизвика непотребно, критички настроено внимание од средината во која што живее.

Практикувањето на определени религиозни обичаи, без разлика дали станува збор за нечие лично убедување или затоа што тоа е дел од нечија културна традиција, е еден од елементите којшто ја определува интегративната функција на религијата во рамките на општеството и истовремено, на поединецот му дава чувство на припадност кон определена заедница.

## *Религија, наспроти религиозност*

Говорејќи за местото и улогата на религијата, особено во истражувањата на оваа тема, треба да се направи јасна дистинкција помеѓу поимот религиска припадност и религиозност. За некои луѓе, верската или религиската припадност е чисто номинална, или поточно, ја доживуваат единствено како идентификатор кој ги разликува или одвојува од членовите на некоја друга религиска група. Некои други, пак, на религијата ѝ пристапуваат со голема посветеност. Во таа смисла, од една страна, науката тежи кон истражување на религиозната припадност, односно верскиот идентитет, а од друга страна, пак, на степенот на религиозната посветеност наречен „религиозност". Религиозноста се поврзува со ставовите, однесувањето и вредностите. Додека верската припадност е нешто што наликува на етничка припадност. Нешто кое што за повеќето е дел од нивната семејна и културна традиција, поточно дел од културното наследство на заедницата на којашто и припаѓаат.

Иако квантификацијата на религиозноста, поточно мерењето на степенот на религиозноста, е возможно (за што говорат голем број на истражувања во постоечката релевентна научна литература), сепак, не постојат јасни стандарди за конкретните аспекти кои би требало да се мерат. Како најчести и најрелевантни се споменуваат следниве апсекти: верувањето, практиката, формалното членство, неформалната припадност, ритуалите, доктрината на знаење, моралнта смисла и основните вредности.

Американскиот истражувач Чарлс Глок (1964, 1965), кој во шеесеттите години на дваесеттиот век ја дефинираше религиозноста, ги посочува нејзините пет основни димензии: верувањето, знаењето, искуствата, практиките и последиците.

Оттогаш, истражувајќи ја и проучувајќи ја религиозноста, социолозите вообичаено се фокусираат на нејзините три аспекти: верувањето, практиката и припадноста. Верувањето во Бога и задгробниот живот се втемелени во основата на многу религии. Од друга страна, практиката, односно молитвата и присуството на верските служби, бараат голема посветеност од страна на верниците. Во таа смисла, верувањето и практиката најчесто кореспондираат едно со друго. Сепак, не е мал бројот на оние поединци кај кои религијата претставува значаен аспект од нивниот личен идентитет, иако истите не се активно инволвирани, формално не припаѓаат на некоја верска заедница, ниту пак се согласуваат со основните принципи на определената вера (McAndrew, Voas, 2011 :3).

Оттука, иако неодамнешните истражувања укажуваат на фактот дека степенот на религиозноста може да се измери, сепак, имајќи во предвид дека религијата е повеќес-

лојна и мултидимензионална - не смее да се пренебрегне фактот дека освен религиозноста, кај религијата можат да се истражат и нејзините останати аспекти. Со други зборови, религијата може да биде поединечно анализирана преку сите нејзини аспекти.

## Истражувачка методологија и резултати

Прашањата, срочени во логична целина, имаа за цел да го утврдат местото и улогата на религијата во семејството и секојдневниот живот на испитаниците, начинот на кој тие себеси се доживуваат како верници, но и степенот на нивната религиозност. Во таа смисла, како индикатори за религиозноста во истражувањето беа земени во предвид верските практики и познавањето од областа на религијата на испитаниците, како на пример:

- Дали религијата има значајна улога во семејството на испитаниците?
- Како испитаниците себеси се доживуваат од аспект на религиозноста?
- Колку често присуствуваат на верски служби?
- Колку често ја читаат *Светата книга*?
- Дали познаваат делови од *Светата книга*?
- Како верското убедување влијае на нивниот секојдневен живот?

Одговорите на испитаниците беа анализирани од аспект на нивната етничка и полова припадност, како и според местото на живеење – село и град. Анализата на податоците со проверка на Хи квадратот, со кростабулација според етничката припадност на испитаниците, покажа, речиси, кај сите прашања, статистички значајни разлики, на ниво на доверливост 95% ($p<0,05$). Статистички значајни разлики се јавуваат и кај одговорите на испитаниците според местото на живеење. Со понатамошната анализа на овој модалитет (место на живеење), беше дојдено до сознанието дека оваа разлика се должи првенствено на одговорите на испитаниците од албанската етничка заедница.

**Слика бр. 1:** Одговор на прашењето: *Дали во твоето семејство религијата има значајна улога?*




На прашањето: *Дали во твоето семејство религијата има значајно место,* дури 70,6% од испитаниците одговориле со *Да, а со* Не 19,5%, а 10,0% со *Не знам.*

**Слика бр. 2:** Одговор на прашењето: *Дали во твоето семејство религијата има значајна улога според етничка припадност (според етничка припадност)?*




Од аспект на етничката припадност на испитаниците, постои статистички значајна разлика (p<0,05) во одговорите, односно 90,3% од испитаниците кои припаѓаат на албанската етничка заедница одговориле со *Да*, наспроти 60,0% од Македонците.

**Слика бр.3:** Одговор на прашењето: *Како се доживувате себеси?*




На прашањето: Како себеси се доживуваат, испитаниците имаа можност да се определат за следниве одговори: 1) Како вистински верник; 2) Религијата ја почитувам само затоа што е дел од мојата културна и семејна традиција; 3) Воопшто не обрнувам внимание на религијата.

Дистрибуцијата на одговорите укажува дека 59,2% од испитаниците се доживуваат како вистински верници, наспроти 6,6% кои воопшто не обрнуваат внимание на религијата.

Сепак, резултатите анализирани од аспект на етничката припадност на испитаниците укажуваат на постоење на статистички значајна разлика (p<0,05) во одговорите.

**Слика бр. 4:** Одговор на прашањето според етничка припадност: *Како се доживувате себеси?*




Имено, 88,4% од испитаниците припадници на албанската етничка заедница се изјасниле дека се вистински верници наспроти 0,4% кои не обрнуваат воопшто внимание на религијата. Од друга страна, процентот на студентите Македонци кои се доживуваат како вистински верници и оние кои ја почитуваат религијата единствено како дел од нивната културна и семејна традиција е речиси идентичен: 44,2% наспроти 46,2%.

**Слика бр. 5:** Одговор на прашањето: *Како се доживувате себеси* (според пол, кај испитаници од македонска припадност)?



Од аспект на половата припадност кај студентите Македонци, процентот на женските студенти кои се изјасниле дека се вистински верници (47,5%) е нешто повисок од машките студенти (38,5%). Додека пак, и кај двете групи кои религијата ја почитуваат само затоа што е дел од културната и семејната традиција, процентот е, речиси, идентичен: 45,3% кај женските и 46,8% кај машките студенти.

**Слика бр. 6:** Одговор на прашењето: *Како се доживувате себеси* (според место на живеење, кај испитаници од албанска етничка припадност)?




Процентот на оние кои себеси се доживуваат како вистински верници според местото на живеење кај припадниците на албанската етничка заедница е исклучително висок и кај двете категории на испитаници. Дури 92,5% од испитаниците кои живеат во село се изјасниле како вистински верници, а 85,5% од оние кои живеат во град. Разлика постои кај испитаниците кои религијата ја почитуваат само затоа што е дел од нивната културна и семејна традиција. Кај оние кои живеат во град тој процент изнесува 14,5%, наспроти оние кои живеат во село каде процентот е 6,6%.

Еден од клучните индикатори при квантификацијата на религиозноста се токму верските практики и нивната примена. Во таа смисла, а со цел да се утврди религиозноста на студентите во Р. Македонија, беше поставено прашањето: Колку често присуствуваат на верските служби?

**Слика бр. 7:** Одговор на прашањето: *Колку често присуствувате на верски служби?*




Повеќе од половина од испитаниците (57,3%) присуствуваат на верски служби само на значајни верски празници. Од фрекфенцијата на процентите на одговорите на ова прашање, првично може да заклучиме дека повеќе од половината испитаници не би можеле да ги категоризираме како религиозни, имајќи во предвид дека нивното присуство на верските служби е сведено најчесто на значајни верски празници, поточно, неколку пати во годината.

Сепак, ако одговорите ги разложиме и ги анализираме од аспект на етничката припадност на испитаниците, добиваме сосема поинаква слика, што може да се види и од следнава слика:

**Слика бр. 8:** Одговор на прашањето: *Колку често присуствувате на верски служби* (според етничка припадност)?



Од Сликата бр. 8 може да се заклучи дека, според конкретниот индикаторите на религиозноста (присуството на верски служби), повеќе од половината испитаници припадници на албанската етничка заедница се вистински религиозни, имајќи во предвид дека дури 52,4% присуствуваат на верски служби еднаш и повеќе пати неделно. За разлика од нив, 68,3% од Македонците присуствуваат на верски служби само на значајни верски празници, слично како и испитаниците припадници на останатите етнички заедници (56,0%).

**Слика бр. 9:** Одговор на прашањето: *Колку често присуствувате на верски служби* (според пол, кај испитаници од албанска етничка припадност)?




Процентот на машките испитаници припадници на албанската етничка заедница кои еднаш неделно присуствуваат на верски служби, (79,7%) е значително поголем од процентот на женските испитаници (35,7%). Иако присуството на верските служби е еден од индикаторите на религиозноста, познавајќи го контекстот, во овоја случај не би можеле да заклучиме дека женската популација кај албанската етничка заедница е помалку религиозна од машката. Иако според принципите на Исламот и мажите и жените можат подеднакво да посетуваат верски објекти и да присуствуваат на верски служби, во конкретниов случај треба да се има во предвид традицијата во примената на религиските практики на овие простори. Имено, долговековната традиција на овие простори наложува единствено мажите да присуствуваат на верски служби. Оттука, помалиот процент на женската популација која присуствува на верски служби, не индицира помала религиозност, туку почитување и негување на традиционалните вредности.

**Слика бр. 10:** Одговор на прашањето: *Колку често присуствувате на верски служби* (според место на живеење , кај испитаници од албанска етничка припадност)?




Анализата на податоците за ова прашање според местото на живеење (село и град) кај испитаниците од албанската етничка заедница покажа статистички значајна разлика ($p<0{,}05$). Имено, иако процентот на оние кои посетуваат верска служба еднаш неделно е висок и кај двете категории на испитаници. Сепак, кај оние кои живеат во село тој процент изнесува 57,5%, наспроти 44,8% кај оние кои живеат во град. Овој податок укажува на поголема посветеност кон религијата од страна на категоријата испитаници од албанската етничка заедница кои живеат во село.

Интересен е податокот кој го добивме како резултат при вкрстувањето на прашањата: *Како себеси се доживувате* и *Колку често присуствувате на верски служби* и тоа кај одговорите само на испитаниците Македонци.

**Слика бр. 11:** Одговори од кростабулацијата на прашањата: *Како себеси се доживувате и Колку често присуствувате на верски служби* (Само Македонци)?

| | Еднаш неделно % | Еднаш месечно % | Само на значајни верски празници % | Никогаш % | Повеќе пати неделно % | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вистински верник** | 8,2 | 28,4 | 62,4 | 1,0 | 0,0 | 100 |
| **Религијата ја почитувам како традиција** | 0,0 | 9,9 | 79,3 | 10,8 | 0,0 | 100 |
| **Не обрнувам внимание** | 0,0 | 0,0 | 41,5 | 58,5 | 0,0 | 100 |

Може да се заклучи дека од оние 44,1% испитаници Македонци кои се изјасниле како вистински верници (види Табела бр.4), само 8,2% редовно присуствуваат на верски служби, наспроти 62,4% од испитаниците кои на верските служби присуствуваат само на значајни верски празници. Оттука, без разлика на високиот процент на испитаници Македонци кои себеси се доживуваат како вистински верници, со исклучок на оние 8,2% кои еднаш неделно присуствуваат на верски служби, не би можеле да кажеме дека станува збор за вистинска религиозност. Што се однесува до оние испитаници кои се изјасниле дека религијата ја почитуваат само затоа што е дел од нивното културно и семејно наследство, дури 79,3% од нив присуствуваат на верски служби само на значајни верски празници и 9,9% еднаш месечно. Овој податок, од една страна, ја потврдува хипотезата дека религијата за Македонците претставува првенствено дел од нивната културна традиција.

**Слика бр. 12:** Одговор на прашањето:*Колку често ја читаш Светата книга?*




На прашањето: *Колку често ја читаат Светата книга,* нешто повеќе од половина од испитаниците (52,7%) често и ретко ја читаат Светата книга, додека пак 35,7% никогаш не ја читаат.

**Слика бр. 13:** Одговор на прашањето: *Колку често ја читаш Светата книга* (според етничка припадност)?




Анализата на податоците, според етничката припадност на испитаниците, укажа на постоење на статистички значајна разлика ($p<0,05$) помеѓу одговорите на испитаниците Македонци и припадниците на албанската етничка заедница. Имено, само 1,1% од Македонците редовно ја читаат *Светата книга*, за разлика од испитаниците припадници на албанската етничка заедница каде овој процент изнесува дури 31, 5%. И кај одговорите *Никогаш не ја читам Светата книга,* постои статистички значајна разлика ($p<0,05$). Кај Македонците студенти тој процент изнесува 51,8%, наспроти 3,4% кај студентите од албанската етничка заедница.

**Слика бр. 14:** Одговор на прашањето: *Колку често ја читаш Светата книга* (според место на живеење, кај испитаници од албанска етничка припадност)?




Во однос на прашањето колку често ја читаат *Светата книга*, утврдена е статистички значајна разлика (p<0,05) помеѓу испитаниците кои живеат во село и во град и тоа кај припадниците на албанската етничка заедница. Имено, 36,4% од испитаниците кои живеат во село редовно ја читаат *Светата книга*, наспроти 27,0% кои живеат во град. Процентот на оние, пак, кои живеат во село и ретко или никогаш не ја читаат *Светата книга* изнесува 26,2% наспроти 35,0% кои живеат во град.

Со цел да ја утврдиме религиозноста на студентите, беше направено вкрстување на следниве прашања: *Како себеси се доживуваш* и *Колку често ја читаш Светата книга?*

**Слика бр. 15:** Одговори од кростабулацијата на прашањата: *Како себеси се доживуваш и Колку често ја читаш Светата книга* (само кај Македонци)?

| | Редовно % | Често % | Ретко % | Никогаш % | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вистински верник** | 2,1 | 8,8 | 56,0 | 33,1 | 100 |
| **Религијата ја почитувам како традиција** | 0,0 | 1,4 | 35,5 | 63,1 | 100 |
| **Не обрнувам внимание** | 2,4 | 2,4 | 14,2 | 81,0 | 100 |

Добиените одговори нудат интересен податок особено кај Македонските испитаниците Македонци. Имено, од оние 44,1% испитаници Македонци кои се изјасниле како вистински верници (види Слика бр.4), дури 89,1% ретко или никогаш не ја читаат *Светата книга*. Оттука, без ралика што, речиси, половина од испитаниците Македонци себеси се доживуваат како вистински верници, имајќи во предвид дека само 2,1% од нив редовно ја читаат *Светата книга*, може да заклучиме дека не станува збор за категорија на испитаници кои вистински се посветени на религијата, или, со други зборови, категорија на религиозни или вистински верници.

Имајќи во предвид дека еден од индикаторите за религиозноста е познавање на религијата, на испотаниците им беше поставено прашањето: Дали познаваат делови од *Светата книга*.

**Слика бр. 16:** Одговор на прашењето: *Дали познаваш делови од Светата книга?*




На прашањето: *Дали познаваат делови од Светата книга,* 76,3% од испитаниците се изјасниле позитивно.

**Слика бр. 17:** Одговор на прашењето според етничката припадност: *Дали познаваш делови од Светата книга?*




Анализирано од аспект на етничката припадност, процентот на Македонците студенти (70%) и студентите припадници на останатите етнички заедници (72%) е речиси идентичен. Кај припадниците на албанската етничка заедница, процентот на оние кои познаваат делови од *Светата книга* е уште поголем и изнесува 87,2%.

**Слика бр. 18:** Одговор на прашањето: *Дали познаваш делови од Светата книга* (според место на живеење, кај испитаници од албанска етничка пеипадност)?



Дистрибуцијата на одговорите на прашањето: *Дали познаваш делови од Светата книга* и тоа според местото на живеење на испитаниците припадници на албанската етничка заедница ги даде следниве резултати: Имено, иако дури 73,8% од испитаниците кои живееат во село редовно и често ја читаат *Светата книга* (види Слика бр. 14), 17,6% од оваа категорија се изјасниле дека не познаваат делови од Светата книга. Спротивно на очекувањата, дури 92,9% од испитаниците кои живеат во град познаваат делови од *Светата книга*, наспроти нешто помалиот процент од 82,4% кои живеат во село.

**Слика бр. 19:** Одговор на прашањето: *Како твоето верско убедување влијае на твојот секојдневен живот?*




Кај 21,7% од вкупните испитаници верското убедување целосно влијае на нивниот секојдневен живот, 24,1% многу влијае, 25,3% средно влијае, 17,8% малку влијае и кај 11,1% воопшто не влијае.

**Слика бр. 20:** Одговор на прашањето: *Како твоето верско убедување влијае на твојот секојдневен живот* (според етничка припадност)?




Анализата на податоците, според етничката припадност на испитаниците, укажува на статистички значајна разлика ($p<0,05$). Во таа смисла, кај 80,2% од испитаниците припадници на албанската етничка заедница, верското убедување целосно или многу влијае на нивниот секојдневен живот. Кај нешто повеќе од половина од испитаниците Македонци (56,2%) верското убедување средно или малку влијае на нивниот секојдневен живот.

## Заклучни согледувања

Делот насловен како *Религијата и студентската популација во Р. Македонија,* имаше за цел да го истражи местото и улогата на религијата кај студентите, притоа осврнувајќи се на следниве аспекти: верската (религиска) припадност, улогата на религијата во нивните семејства и секојдневниот живот, начинот на кој тие себеси се доживуваат, како и степенот на нивната религиозност.

Во рамките на овој дел од истражувањето, поимот верска или религиска припадност се однесуваше на припадноста или членувањето во определена религиска институција, додека пак, под поимот верско или религиско убедување подразбиравме систем на идеи.

При изготвувањето на прашалникот, а со цел да се утврди степенот на религиозноста на студентите во Република Македонија, како индикатори, покрај религиската припадност и религиското убедување, беа земени во предвид и религиските практики и нивната примена од страна на испитаниците, како и познавањето на религијата на којашто и припаѓаат (присуството на верски служби, односно читањето и познавањето на делови од *Светата книга*).

Одговорите на испитаниците беа анализирани од аспект на нивната етничка и полова припадност, како и според местото на живеење – село и град. Во однос на факторите кои влијаат на религиозноста на студенстката популација, со анализа на резултатите како значајни варијабли се покажаа следниве: *етничката припадност, местото на живеење и полот*. Со понатамошната анализа на резултатите беше дојдено до сознанието дека варијаблата *место на живеење* игра улога првенствено кај испитаниците од албанската етничка заедница.

Појдовната хипотеза во истражувањето претпоставуваше дека студентите Македонците ја доживуваат религијата како дел од нивната културна традиција. додека, пак, од друга страна. Резултатите од истражувањето ја потврдија појдовната хипотеза дека студентите Македонци не би можеле да се категоризираат како вистински верници и религиозни, туку дека за нив религијата претставува дел од нивната културна и семејна традиција.

Од друга страна, резултатите од одговорите покажаа дека за испитаниците припадници на албанската етничка заедница, религијата има многу поголемо значење и влијание во нивниот секојдневен живот и истите, според индикаторите на религиозноста (примената на религиските прктики и познавањето на религијата), би можеле да ги вброиме во категоријата на верници или религиозни. Како генерални заклучоци од истражувањето би можеле да ги издвоиме следниве:

Религијата има значајна улога во семејствата на студентската популација во Република Македонија. Сепак, кај припадниците на албанската етничка заедница овој процент е за една третина поголем во однос на процентот кај македонските испитаници.

Најголемиот број на испитаниците припадници на албанската етничка заедница се изјасниле дека се вистински верници, односно два пати повеќе од студентите Македонци.

Нешто повеќе од половина од испитаниците често и ретко ја читаат *Светата книга.*

Имајќи во предвид дека дистрибуцијата на одговорите на испитаниците според нивната етничката припадност покажа статистички значајна разлика, речиси, кај

сите прашања, определени заклучоци би можеле да ги групираме и генерализираме од аспект на етницитетот. Во таа смисла, генералните заклучоци во однос на испитаниците Македонци би биле следниве:

Во семејствата на две третини од испитаниците Македонци религијата има значајна улога. Половината од испитаниците -студенти Македонци, себеси се доживуваат како вистински верници, а останата половина религијата ја почитуваат единствено како дел од нивната културна и семејна традиција. Најголемиот број на испитаници Македонци, па дури и оние кои себеси се опишале како вистински верници, присуствуваат на верски служби само на значајни верски празници.

Македонсците испитаници, па дури и најголемиот број од оние кои себеси се опишале како вистински верници, ретко или никогаш не ја читаат *Светата книга*. Кај нешто повеќе од половина од испитаниците Македонци верското убедување средно или малку влијае на нивниот секојдневен живот.

Резултатите од истражувањето ја потврдија појдовната хипотеза дека, ценејќи според индикаторите на религиозноста, студентите Македонци не би можеле да ги категоризираме како вистински верници и религиозни. Во таа смисла би можело да се констатира дека за нив религијата претставува дел од нивната културна и семејна традиција. Имајќи во предвид дека најголемиот број од испитаниците се изјасниле дека на верски служби присуствуваат само на значајни верски празници, фактот укажува дека тие религијата ја доживуваат, но и ја почитуваат како дел од својата културна традиција, како и тоа дека покажуваат доследност во негувањето на истата. Причините за начинот на кој Македонците ја доживуваат религијата може да се бара во улогата на православната црква која и била дадена во минатото. Имено, во периодот на Отоманската империја и теократскиот систем на уредување, црквата и свештените лица биле задолжени за вршење на активности во световната сфера (административни, образовни, јурисдискциски), па оттука и нивниот намален ангажман и посветеност во сферата на духовноста.

Генералните заклучоци во односн на испитаниците-припадници на албанската етничка заедница би биле следниве:

Најголемиот број од испитаниците припадници на албанската етничка заедница, одговориле дека религијата има значајна улога во нивното семејството и дека себеси се доживуваат како вистински верници. Според еден од идикаторите на религиозноста – присуството на верски служби, може да се заклучи дека припадниците на албанската етничка заедница се вистински религиозни, имајќи во предвид дека повеќе од половината испитаници присуствуваат на верски служби еднаш и повеќе пати неделно.

Податокот дека женските испитаници од албанската етничка заедница присуствуваат на верски служби во многу помал процент од машките, во овој случај не би можел да се доведе во корелација со религиозноста, туку пред сè со традиционалниот начин на примената на религиските практики на овие простори. Имено, во согласност со традиционалното практикување на Исламот на овие простори, мажите се тие кои присуствуваат на верски служби.

Според модалитетот ~~*место на живеење*~~, процентот на оние кои посетуваат верска служба еднаш неделно е висок и кај двете категории на испитаници. Повеќе од половината испитаници кои живеат во село присуствуваат на верски служби еднаш или повеќе пати неделно. Процентот на испитаниците кои живеат во село е малку поголем во однос на процентот на оние кои живеат во град. Овој податок укажува

на поголема посветеност на религијата од страна на категоријата на испитаници од албанската етничка заедница кои живеат во село.

Истражувањето покажа одредени недоследности во начинот на примената на различните религиски практики, односно дека различните индикатори на религиозноста не кореспондираат меѓу себе:

Имено, процентот и кај двете категории на испитаници кои се изјасниле дека редовно ја читаат Светата книга не кореспондира, односно е далеку помал од процентот на оние кои се изјасниле дека присустваат на верски служби еднаш неделно. Од друга страна, пак, процентот на оние кои познаваат делови од Светата книга е значително повисок од процентот на оние кои присуствуваат на верски служби еднаш неделно. Иако испитаниците кои живеат во град - споредбено со оние кои живеат во село - во помал процент се изјасниле дека присуствуваат на верски служби еднаш неделно и редовно ја читаат Светата книга, речиси сите испитаници од истата категорија познаваат делови од Светата книга.

Прашањата кои во овој контекст сами по себе се наметнуваат, би требало да бидат предмет на дополнително истражување и анализа.

Резултатите и главните наоди од истражувањето имаа за цел да обезбедатподетални сознанија за улогата и влијанието на религијата кај студентската популација во Република Македонија, за начинот на кои тие ја доживуваат ралигијата, како и за степенот на нивната религиозност. Овие сознанија можат да бидат ставени во функција на изградба на граѓанскиот идентите кај младите во Република Македонија како и за развој и унапредување на демократско општество.

## Литература


Davie, G. (2007), *The Sociology of Religion*, SAGE Publications.

Durkheim, E. (1965), *The Elementary Forms of the Religious Life*, New York: Free Press.

Glock, C. Y. (1964), *Toward a Typology of Religious Orientation,* Columbia University Press, New York.

Glock, C. Y. (1965), *Religion and Society in Tension*, Rand Mac-Nally, Chicago.

Hargrove, B. (1989), *The Sociology of Religion: Classical and Contemporary Approaches"*, Harlan Davidson, 2 Sub edition.

McAndrew, S., and Voas, D. *Measuring Religiosity using Surveys* (U of Manchester) SQB Topic Overview 4 (Feb 2011).

Parekh, B. (2000), *Rethinking Multiculturalism - Cultural Diversity and Political Theory*, Massachusetts: Harvard University Press Cambridge.

Song S., *The Subject of Multiculturalism: Culture, Religion, Language, Ethnicity, Nationality, and Race?,* Draft for presentation at the Stanford Political Theory Workshop, Nov. 2007.

Yinger, J. M. (1979), *The Scientific Study of Religion,* New York: Macmillan Publishing Co.

Гирц, К. (2007), *Толкување на културите,* Магор, Скопје.

Ташева, М. (1998), *Етничките групи во Македонија - Современи состојби,* Филозофски факултет, Скопје.

Фром, Е. (2013), *Психоанализа и религија,* Ѓурѓа, Скопје.

Вон. проф. д-р Мријана Марковиќ
вон. проф. д-р Елеонора Серафимовска

# САМОПЕРЦЕПЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ЗА НИВНАТА ЛИЧНОСТ - ФАКТОРИ И ПОСЛЕДИЦИ

Овој дел од истражувањето *Реални и виртуелни идентитети* насловен како *Самоперцепција на младите за нивната личност, фактори и последици,* имаше за цел да истражи како младите се перципират себеси, со кои карактеристики се опишуваат себеси, како и да дознае кои се факторите кои ја определуваат таа самоперцепција. Овој дел од истражувањето, всушност, е во доменот на психологијата на личноста и се базира на циркуларниот модел на интерперсонално однесување (оригинално circumplex model of interpersonal behavior). Основната хипотеза во овој сегмент на истражувањето претпоставуваше дека определени социодемографски фактори влијаат врз себе-перцепцијата на младите, и дека истата има свое влијание во неколку сегменти од нивното општествено-политичкото живеење.

## Циркуларен модел на интерперсонално однесување

### *Историјат на моделот*

Тековните децении во психологијата на личноста се карактеризираат со обновениот интерес за двата  структурни модели кои биле воспоставени во изминатите, речиси, 40 години: петто-факторскиот модел на личноста и циркуларниот модел на интерперсонално однесување.

Ова истражување се базира на циркуларниот модел на интерперсоналното однесување и за таа цел беше употребен соодветен инструмент.

Интерперсоналниот кружен модел е модел за конципирање, организирање и за оценување на интерперсоналното однесување, персоналните карактеристики и мотиви (Wiggins, 2003). Интерперсоналниот кружен модел е дефиниран од две ортогонални оски: вертикална оска (оска на статус, доминација, моќ или контрола) и хоризонтална оска (оска на солидарноста, пријателството, грижата, топлината, љубовта).

Првично е наречен Лириев кружен модел (по Тимоти Лири /Timothy Leary/) и е всушност модел дефиниран како „дводимензионална репрезентација на личноста организирана околу двете главни оски". [1]

**Слика бр.1:** Графички приказ на двете димензии кои го определуваат циркуларниот модел на личноста (според Trapnell and Wiggins, 1990).




Во текот на дваесеттиот век постоеле голем број на напори од страна на психолозите да создадат сеопфатна таксономија за да ги опишат најважните и основните карактеристики на човековата природа. Лириевиот кружен модел, развиен во 1950 година, е кружен континуум на личноста, формиран од пресекот на две базни оски: Оска на Моќта (оригинално Power) и Оска на Љубовта (оригинално Love). Спротивставените страни на Оската на моќта се доминација и потчинување (submission), додека спротивставените страни на Оската на љубовта се љубовта и омразата (Wiggins, 1996).

Лири тврдел дека сите други димензии на личноста можат да се гледаат како комбинација на овие две оски. На пример, лице кое е тврдоглаво и нефлексибилно во своите лични контакти со другите може да ја „смести" својата личност некаде на лакот помеѓу доминацијата и љубовта. Додека, пак, човек кој пројавува пасивно-агресивни тенденции може најдобро да се опише себеси на лакот меѓу субмисивноста и омразата. Основната идеја на Лиривиот кружниот модел на е дека секоја човечка особина може да биде мапирана како вектор координиран во овој круг (Wiggins, 1996).

## *Опис на моделот*

Циркуларниот модел на интерперсонално однесување е составен од осум интерперсонални променливи димензии, кои ги опишуваат следниве типови на личност: *Самоуверен /уверлив/ доминантен* тип (оригинално Assured Dominant); *Друштвен/ екстроверт* (оригинално Grerarious Extraverted); *Топол/ соработник* (оригинално Warm Agreeable), *Непретенциозно искрен /отворен/* тип (оригинално Unassuming/ ingenious....); *Несамоуверено субмисивен* тип (оригинално Unassured

submissive), *Резервиран интроверт* (оригинално Aloof introverted), *Ладнокрвен / со студено срце/* тип (орг. Cold hearted); *Арогантно пресметлив* (од оригиналот Arrogant Calculating (Trapnell and Wiggins, 1990).

Овие осум променливи димензии, кои ги определуваат наведените типови на личност се наредени во круг околу основните координати: *доминација* и *љубов*. Овие променливи димензии се идентификувани со код букви: (PA за Самоуверено доминантниот тип, NO за Друштвениот екстроверт, LM за Топлиот соработник, JK за Непретенциозно искрениот тип, HI за Несамоуверено субмисивниот тип, FG за Резервираниот интроверт, DE за Ладнокрвниот тип и BC за Арогантно пресметливиот), и секоја од нив се претпоставува дека претставува различна „мешавина" на двете основни координати. Така, на пример, арогантно-пресметливото однесување е мешавина на *доминација* и *непријателство*; резервираното-интровертно однесување е мешавина на *субмисивност* и *непријателство*... Овој модел со свое потекло во работата на Лири, но и Фридман, Осорио и Кофи (Fridman, Ossorio and Coffey,1951), бил рафиниран од Лири (1957), и бил проширен од страна на истражувачите како што Лор и Мекнеир (Lorr and McNair, 1965). Последни суштински промени и подобрувања на циркуларниот модел можат е да се најдат во работата на Бенјамин (Benjamin, 1974), Кајслер (Kiesler, 1983), и Вигинс (Wiggins, 1979).

Со цел полесно следење на понатамошниот дел од текстот, оригиналните називи на осумте променливи /димезии/ се скратени и ќе бидат означувани на следниов начин:

Самоуверено доминантниот тип накратко ќе биде именуван како *доминантен*, Друштвениот екстроверт едностано како *друштвен*, Топлиот соработник како *соработлив*, Непретенциозно искрениот тип само како *непретнциозен*, Несамоуверено субмисивниот тип ќе биде именуван како *потчинет*, Резервираниот интроверт само како *интровертен*, Ладнокрвниот тип како *ладнокрвен* и Арогантно пресметливиот како *пресметлив*. Ќе бидат задржани само оригиналните кратенки со латинични букви.

## *Опис на инструментот кој ја опишува личноста согласно циркуларниот модел*

Врз основа на овој модел на личност е изготвена скалата IASR-B5 (Interpersonal Adjective Scale Revisited). Интерперсонална скала на придавки ја сочинуваат осум димензии и две координати (доминантност и грижа). Осумте димензии се распоредени на координатен систем сочинет од ординатата ДОМ (доминантност) и апцисата ЛОВ (нега, грижа). Оваа скала за првпат беше зададена на македонска популација во февруари 2012 година во рамките на проектот финансиран од Министерството за информатичко општество и администрација за проверка на валидноста и релијабилноста на петофакторскиот тест на личност. Беа испитани вкупно 562 испитаници. Примерокот беше намерен и се состоеше од два подпримероци: вработени во државна администрација и просветни работници, вработени наставници во основните и во средните училишта низ целата територија на РМ. Добините податоци за интерната конзистестност на скалите во овој инструмент се претставени на Табелата бр.1.

**Табела бр.1:** Интерна конзистентност на скалите во IASR-B5

| IASR-B5 скала на интерперсонални придавки | Кронбах алфа |
|---|---|
| PA (Доминантен) | .68 |
| HI (Потчинет) | .71 |
| BC (Пресметлив) | .50 |
| JK (Непретенциозен) | .61 |
| DE (Ладнокрвен) | .70 |
| LM (Соработлив) | .71 |
| FG (Интровертен) | .61 |
| NO (Друштвен) | .72 |

Прикажаните коефициенти покажуваат релативно висока интерна конзистентност на сите скали што би значело дека сите скали би можеле да се користат во македонски услови.

Првиот чекор во анализата, пред да сѐ пристапи кон тестирање на главната хипотеза, беше пресметување на поврзаноста помеѓу осумте димензии што ги мерат осумте скали на инструментот ИАСР б5, како и двете главни координати ДОМ и ЛОВ.

Во табелата која следи е даден приказ на пирсоновите коефициенти на линеарна корелација помеѓу секоја од осумте димении и двете координати.

**Табела бр.2:** Корелација помеѓу осумте димензии на личност според кружниот модел на интерперсоналниот профил и двете координати (ДОМ и ЛОВ)

| | PA | HI | BC | JK | DE | LM | FG | NO | DOM | LOV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **PA** | 1 | -,29** | ,48** | -,06 | ,23** | ,16** | ,08 | ,49** | ,49** | -,08 |
| **HI** | -,29** | 1 | -,07 | ,50** | ,06 | ,18** | ,38** | -,28** | -,56** | -,01 |
| **BC** | ,48** | -,07 | 1 | ,01 | ,44** | -,13** | ,43** | ,07 | ,32** | -,67** |
| **JK** | -,06 | ,50** | ,01 | 1 | ,16** | ,18** | ,35** | -,04 | -,67** | ,26** |
| **DE** | ,23** | ,06 | ,44** | ,16** | 1 | -,32** | ,46** | -,16** | -,12* | -,45** |
| **LM** | ,16** | ,18** | -,13** | ,18** | -,32** | 1 | -,14** | ,43** | ,11* | ,43** |
| **FG** | ,08 | ,38** | ,43** | ,35** | ,46** | -,14** | 1 | -,39** | -,58** | -,67** |
| **NO** | ,49** | -,28** | ,07 | -,04 | -,16** | ,43** | -,39** | 1 | ,68** | ,56** |
| **DOM** | ,49** | -,56** | ,32** | -,67** | -,12* | ,11* | -,58** | ,68** | 1 | 0,10 |
| **LOV** | -,08 | -,01 | -,67** | ,26** | -,45** | ,43** | -,67** | ,56** | 0,10 | 1 |

Анализата на корелационата матрица ги потврдува основните поставки на кружниот модел. Имено, добиените корелации точно ја отсликуваат поставеноста на осумте димензии во кружниот модел: Димензијата *доминантност (PA)* корелира позитивно со координатата DOM, но не корелира со LOV со оглед дека оваа димензија е сместена на горниот крај на DOM и во средината на LOV; Димензијата *потчинетост* (HI) корелира негативно со координатата DOM, но не корелира со LOV со оглед дека оваа димензија е сместена на долниот крај на DOM и во средината на LOV итн.

## Тестирање на хипотезата

### *Просечен профил на личност на студентите во РМ*

Со примената на осумфакторскиот кружен модел на интерперсонални релации се доби просечен профил на личност на студентската популација во РМ.

Во табелата која следи, даден е приказ на осумте димензии и нивните соодветни аритметички средини и стандардни отстапувања.

**Табела бр.3:** Аритметички средини и стандардни отстапувања на димензиите од осум-димензионалниот кружен интерперсонален модел на личност

| | Ознаки | Диемзии | Аритметичка средина | Стандардно отстапување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | PA | Доминантност | 22,86 | 4,01 |
| 2. | HI | Потчинетост | 19,30 | 4,24 |
| 3. | BC | Пресметливост | 18,24 | 3,97 |
| 4. | JK | Непретенциозност | 18,80 | 4,09 |
| 5. | DE | Ладнокрвност | 14,15 | 5,26 |
| 6. | LM | Соработливост | 27,20 | 3,92 |
| 7. | FG | Интровертност | 16,00 | 4,02 |
| 8. | NO | Друштвеност | 26,16 | 3,76 |

Најниска аритметичка средина е добиена на димензијата DE (ладнокрвност), а највисока на димензијата LM (соработливост).

**Слика бр.2:** Просечен профил на осумте димензии од кружниот модел на личност кај студентската популација во РМ




Од просечниот профил како најистакнати можат да се издвојат две димензии: LM (соработливост) и NO (Друштевеност), а нив ги следи PA (доминатност). Како најмалку изразени димензии кај студентите се јавуваат: DE (ладнокрвност)

и FG (интровертност). Па, кога би требало да се даде општ опис на нашите млади би можело да се каже дека тие повеќе се перципираат себеси како соработливи и друштвени, а помалку како ладнокрвни и интровертни (затворени)

## Демографски варијабли кои ја определуваат самоперцепцијата на младите согласно интерперсоналниот осумдимензионален модел на личност

### *1. Пол*

Во табелата која следи, даден е приказ на аритметичките средини на вредностите, добиени кај осумте димензии на личност согласно полот на испитаниците.

**Табела бр.4:** Аритметички средини на осумте димензии според полот

| Димензии | Аритметичка средина (машки) | Аритметичка средина (женски) |
|---|---|---|
| PA Доминантност | 23,34 | 22,55 |
| HI Потчинетост | 19,36 | 19,27 |
| BC Пресметливост | 19,03 | 17,74 |
| JK Непретенциозност | 19,05 | 18,64 |
| DE Ладнокрвност | 15,21 | 13,50 |
| LM Соработливост | 26,67 | 27,53 |
| FG Интровертност | 16,81 | 15,49 |
| NO Друштвеност | 26,02 | 26,24 |

Кај женските (со 27,53), како и кај машките (со 26,67), највисока аритметичка средина е добиена на скалата која ја мери димензијата LM (соработливост), а најниска кај димензијата (DE) ладнокрвност (кај женските изнесува 13.50, а кај машките 15.21).

Следи графички приказ на двата профили (машки и женски) во однос на осумте димензии.

**Слика бр.3:** Приказ на просечните профили на осумте димензии според полот



Со цел да се утврди дали постојат статистички значајни разлики помеѓу аритметичките средини добиени на осумте скали на машките и женските, применет е статистикот Манн Витни, а добиените резултати се прикажани на Табелата 5.

**Табела бр.5:** Значајност на разлики на аритметичките средини на осумте димензии на личност согласно полот

| | PA | HI | BC | JK | DE | LM | FG | NO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ман Витни статистик | 28244.5 | 33404.5 | 23088.0 | 28030.5 | 26086.5 | 29967.0 | 23940.0 | 33315.0 |
| Ниво на значајност | .027 | .971 | .000 | .248 | .000 | .034 | .000 | .888 |

Анализата покажа дека постои статистички значајна разлика помеѓу машките и женските во однос на следниве димезии: PA (доминантност), BC (пресметливост), DE (ладнокрвност), LM (соработливост) и FG (интровертност), па ќе се каже дека мажите, со поголем интензитет во споредба со жените, се перцепираат себеси како доминантни, пресметливи, ладнокрвни и интровертни. Додека жените со поголем интензитет во споредба со мажите, се перцепираат себеси како соработливи.

## *2. Етничка припадност*

Вредностите на аритметичките средини на осумте димензии кај Македонците и Албанците се прикажани на Табелата бр. 6.

**Табела бр.6:** Вредности на аритметичките средини на осумте димензии кај Македонците и Албанците

| Димензии | Македонец | Албанец |
|---|---|---|
| PA Доминантност | 22,56 | 23,56 |
| HI Потчинетост | 19,42 | 19,17 |
| BC Пресметливост | 17,42 | 20,15 |
| JK Непретенциозност | 18,79 | 18,76 |
| DE Ладнокрвност | 13,80 | 14,71 |
| LM Соработливост | 27,46 | 26,53 |
| FG Интровертност | 15,15 | 18,16 |
| NO Друштвеност | 26,40 | 25,40 |

За да се стекне увид во разликите на вредностите на артитметичките средини на осумте скали помеѓу припадниците на двете етнички заедници, прво е даден графички приказ на самоперципираните профили, а потоа и анализа од применетиот статистик за значајност на разлики.

**Слика бр.4:** Приказ на просечните профили на македонците и албанците




Како што може да се види од Графикот, генерално постои иста тенденција кај просечниот самоперципиран профил на Македонците и Албанците. Поголемо отстапување се забележува во однос на димензијата пресметливост (BC).

**Табела бр.7.** Значајност на разлики на аритметички средини според етникум согласно осумте димензии на личност

| | PA | HI | BC | JK | DE | LM | FG | NO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ман Витни | 21493,0 | 24192,000 | 13112,0 | 23614,5 | 23649,0 | 21427,5 | 12587,5 | 21761,0 |
| Ниво на значајност | ,014 | ,257 | ,000 | ,990 | ,041 | ,003 | ,000 | ,003 |

Статистички значајна разлика помеѓу аритметичките средини на осумте димензии кај Македонците и Албанците е утврдена кај димензиите: доминантност (PA); пресметливост (BC), ладнокрвност (DE), соработливост (LM); интровертност (FG) и друштвеност (NO).

Албанците, во споредба со Македонците, во описот на самите себе повеќе ја истакнуваат: доминатноста, пресметливоста, ладнокрвноста и интровертноста, додека Македонците пак, повеќе ја истакнуваат соработливоста и друштвеноста.

### *3. Населено место*

На Табелата бр.8 е даден приказ на аритметичките средини на испитаниците според местото на живеење (село/град) согласно осумте димензии.

**Табела бр.8:** Аритметички средини на осумте димензии според местото на живеење (село/град)

| Димензии на личност | Место на живеење | Аритметичка средина |
|---|---|---|
| PA Доминантност | Село | 22,51 |
| | Град | 22,99 |
| HI Потчинетост | Село | 19,86 |
| | Град | 19,10 |
| BC Пресметливост | Село | 18,52 |
| | Град | 18,13 |
| JK Непретенциозност | Село | 18,84 |
| | Град | 18,79 |
| DE Ладнокрвност | Село | 14,02 |
| | Град | 14,22 |
| LM Соработливост | Село | 27,23 |
| | Град | 27,18 |
| FG Интровертност | Село | 17,38 |
| | Град | 15,47 |
| NO Друштвеност | Село | 25,27 |
| | Град | 26,51 |

Следи графички приказ на самоперципираните профили на ипитаниците од селска и градска средина.

**Слика бр.5:** Приказ на просечните профили на осумте димензии во однос на населено место (село/град)




Примената на статистикот Манн Витни покажа дека постои статистички значајна разлика помеѓу аритметичките средини кај испитаниците кои живеат во село

и оние кои живеат во град во однос на само две димензии: интровертност FG) и друштвеност (NO).

**Табела бр.9:** Значајност на разлики на аритметички средини според место на живеење во однос на осумте димензии

| | PA | HI | BC | JK | DE | LM | FG | NO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Манн Витни | 25366,5 | 25770,50 | 22237,0 | 25791,50 | 26800,50 | 26907,0 | 18021,0 | 22393,0 |
| Ниво на значајност | ,349 | ,060 | ,180 | ,990 | ,309 | ,492 | ,000 | ,000 |

Податоците покажуваат дека испитаниците кои живеат во село во поголем степен се опишуваат себеси како интровертни (во споредба со оние кои живеат во град), а оние кои живеат во град, споредено со оние кои живеат во село повеќе се перципираат себеси како друштвени .

## Влијание на самоперцепцијата на личноста врз мислењата за различните сфери од нивното општествено-политичко живеење.

### *1. Поврзаност помеѓу изразеноста на димензиите на личноста и значајноста која се припишува на различните сегменти на идентитетот*

Од испитаниците беше побарано на тростепена скала (не се согласувам, делумно се согласувам, целосно се согласувам) да одговорат колку различните видови (аспекти) на идентитетот се важни за нив. Како релевантни беа земени: личниот идентитет, државниот, граѓанскиот, етничкиот и верскиот идентитет. Со цел да се утврди поврзаноста на перцепцијата на сопствената личност и важноста на различните видови на идентитет беше применет Пирсоновиот коефициент на корелација. На Табелата бр. 10 е даден приказ на Пирсоновите коефициенти на корелација.

**Табела бр.10:** Коефициенти на корелација помеѓу варијаблите: значајност на идентитет и осумте димензии на личност

| | Димензии на личност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид (аспект) на идентитет | PA Доминантност | HI Потчинетост | BC Пресметливост | JK Непретнциозност | DE Ладнокрвност | LM Соработливост | FG Интровретност | NOДуштвеностр |
| Личен | ,000 | -,057 | -,060 | -,053 | -,148** | ,028 | -,093 | ,054 |
| Граѓански | ,096* | ,070 | ,029 | ,053 | ,000 | ,100* | -,031 | ,129** |
| Етнички | ,113* | ,043 | ,127** | ,044 | ,054 | ,123** | ,164** | ,010 |
| Верски | -,061 | -,096* | -,133** | -018 | -,081 | -,133** | -187** | ,020 |

****p<0.01, *p<0**

Од податоците коишто се дадени можеме да видиме дека постои:

- Поврзаност помеѓу димензијата DE (ладнокрвност) и значајноста на личниот идентитет (r=-0.148, p<0.01) што би значело тоа дека оние млади кои имаат пониски скорови на оваа димензија му придаваат и поголемо значење на личниот идентитет.
- Поврзаност помеѓу димензиите LM (соработливост) и NO (друштвеност) и значајноста на граѓанскиот идентитет, што би значело и тоа дека оние млади кои имаат повисоки скорови на оваа димензија му придаваат и поголемо значење на граѓанскот идентитет (за Соработливоста r=0.100, p<0.05, а за Друштвеноста r=0.129, p<0.01).
- Поврзаност помеѓу димензиите PA (доминантност), BC (пресметливост) LM (соработливост) и FG (интровертност) и значајноста на етничкиот идентитет, што би значело и тоа дека оние млади кои имаат повисоки скорови на овие димензи му придаваат и поголемо значење на етникиот идентитет (за димезијата PA, r=0.113, p<0.05; за димезијата BC, r=0.127, p<0.01; за димензијата LM, r=0.123, p<0.01 за димензијата FG, r=0.164, p<0.01).
- Поврзаност помеѓу димензиите HI (потчинетост), BC (пресметливост) LM (соработливост) и FG (интровертност) и значајноста на верскиот идентитет, што би значело и тоа дека оние млади кои имаат повисоки скорови на овие димензии им придаваат помало значење на верскиот идентитет ( за диемзијата HI, r=-0.096, p<0.05, за димезнијата BC, r=-0.133, p<0.01, за димензијата LM, r=-0.133, p<0.01 и за димензијата FG, r=-0.187, p<0.01).

Не е забележана значајна корелција кај одговорите на испитаниците за важноста на државниот идентитет и димензиите на личност.

## *2. Поврзаност помеѓу самоперцепцијата за сопствените личносни карактеристики и отвореноста кон определени општествени случувања и појави*

Во овој сегмент се претпостави дека можно е да има поврзаност помеѓу перцепцијата на димензиите на личноста и отвореноста на младите, поточно нивната спремност да прифатат определени општествени настани, случувања, појави како: учество во дебати и јавно говорење, отвореност за спротивни мислења и аргументи, прифатливост на различни стилови на живот и право на абортус како законско право.

**Табела бр.11:** Корелација помеѓу димензиите на личност и индикаторите за отвореност

| | PA | HI | BC | JK | DE | LM | FG | NO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дебати | ,310** | -,211** | -,211** | -,066 | ,054 | -,025 | -,005 | ,235** |
| Спротивни мислења | ,193** | -,149** | ,068 | -,061 | -,024 | ,060 | -,136** | ,299** |
| Стил | ,045 | ,036 | -,042 | ,034 | -067 | ,128** | -,119** | ,123** |
| Хомосексуалност | -,030 | ,035 | -,032 | ,082 | ,067 | -,046 | -,044 | -0,26 |
| Абортус | -,052 | ,050 | -,073 | ,060 | ,008 | -017 | -,106* | ,031 |

**p<0.01, *p<0.05

Испитаниците кои *сакаат да учествуваат во дебати и јавно да говорат* имаат поизразена димензија на доминантност и друштвеност, но затоа кај нив слабо се изразени димензиите на личност: потчинетост и пресметливост.

Оние кои се *отворени за спротивни мислења и аргументи* се поизразено доминатни и друштвени, додека кај нив се слабо изразени димензиите: потчинетост и интровертност.

*Различните стилови на живот* се прифатливи кај испитаниците кај кои се изразени соработливоста и друштвеноста, додека пак за интровертите различните стилови на живот се помалку прифатливи.

Дека правото на абортус треба да биде законско право, се согласуваат оние испитаници каде е слабо изразена димензијата интровертност.

## *3. Поврзаност помеѓу самоперцепцијата на димензиите на личност и самодовербата и довербата во другите луѓе*

Во овој дел од анализата се претпостави дека е можна поврзаност помеѓу самодовербата на младите и определените димензии на личност, па се пресмета корелација помеѓу овие две променливи. Значајните коефициенти на корелација се претставени во табелелите кои следат.

**Табела бр.12:** Приказ на статистички значајните коефициенти на корелација помеѓу димензиите на личност и самодовербата

| | PA | HI | BC | JK | FG | NO |
|---|---|---|---|---|---|---|
| самодоверба | ,334** | -,316** | ,201** | -,148** | ,096* | ,320** |

**p<0.01, *p<0.05

Колку повеќе се изразени димензиите: доминантност, пресметливост, друштвеност, па во определена (помала) мера и интровертност, толку личноста има поголема самодоверба. Самодовербата опаѓа како што расте интензитетот на изразеност на дименазијата потчинетост.

**Табела бр.13:** Приказ на статистички значајните коефициенти на корелација помеѓу димензиите на личност и довербата во други

| | DE | LM |
|---|---|---|
| Доверба во други | -,144** | ,120** |

**p<0.01, *p<0.05

Да се има доверба во другите е во голем степен својствено за оние кај кои е поизразена димензијата топлина, а помалку изразена димензијата ладнокрвност.

## *4. Поврзаност помеѓу самоперцепцијата на димензиите на личност и спремноста да се остане да се живее во државата или да се напушти истата*

Во овој дел што следи се испитуваше поврзаноста на самоперцепцијата на димензиите на личноста и подготвеноста на младите да останат или да ја напуштат Македонија.

**Табела бр.14:** Корелација помеѓу димензиите на личност и спремноста да се остане да се живее во државата

| | FG |
|---|---|
| Секогаш ќе останам | ,163** |

**p<0.01, *p<0.05

Единствена значајна повраност е утврдена меѓу димензијата на личност интровертност и ставот на младите дека секогаш ќе останат во државата, па така, секогаш ќе останат да живеат во државата се изјаснуваат оние испитаници кај кои поизразено себе се перципираат како интровертни (FG).

**Табела бр.15:** Корелација помеѓу димензиите на личност и спремноста да се остане да се живее во државата

| | DE |
|---|---|
| Напуштање на државата при прва прилика | ,138 |

**p<0.01, *p<0.05

При првата прилика државата ќе ја напуштат оние кои себе си  поизразено се перципираат како ладнокрвни (DE).

## *5. Поврзаност на самоперцепцијата на димензиите на личност со општествената ангажираност на младите*

Во овој сегмент од анализата беше разгледуван односот помеѓу димензиите на личност и подготвеноста на младите да бидат ангажирани во современите општествени случувања и активности. Ваквата спремност беше испитувана преку ставовите на младите за тоа колку би биле спремни за следново:

1. Да потпишат петиција во рамки на факултетот/ универзитетот;
2. Да иницираат поставување на барања во рамките на факултетот /универзитетот;
3. Да  учествуваат во бојкот на наставата во рамките на факултетот/ универзитетот;
4. Да потпишат петиција за општествени или политички прашања надвор од факултетот/ универзитетот;
5. Да се организираат за поставување на општествени или политички барања надвор од рамките на факултетот/ универзитетот;

6. Да учествуваат во општествени или политички протести кои се законски дозволени надвор од факултетот/ универзитетот;
7. Да учествуваат во политички и општествени протести кои не се законски дозволени, но за кои сметаат дека се праведни.

Со цел да биде прегледен табеларниот приказ, ставовите се прикажани како бројки кои соодветствуваат на нивното погоре дадено во набројување.

**Табела бр.16:** Корелација помеѓу димензиите на личност и општествена ангажираност

| | Ставови на млади за општествена ангажираност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **PA** | ,004 | ,007 | ,018 | ,113* | ,199** | ,141** | ,057 |
| **HI** | -,032 | -,046 | -,019 | -,067 | -,070 | -,044 | -,004 |
| **BC** | -,155* | -,120* | ,036 | ,033 | ,063 | -,011 | ,125* |
| **JK** | ,008 | -,046 | ,049 | -,039 | -,011 | ,074 | ,062 |
| **DE** | -,131** | -,176** | ,030 | -,066 | ,019 | -,024 | ,131* |
| **LM** | ,026 | ,015 | -,082 | ,037 | -,024 | -,043 | -,090 |
| **FG** | -,217** | -,095 | -,073 | -,098 | -,021 | -,037 | ,030 |
| **NO** | ,163** | ,104* | ,092** | ,179** | ,188** | ,093 | ,024 |

**p<0.01, *p<0.05

Оние кои имаат поизразена димензија на доминантност (PA) би се одлучиле да *потпишат петиција за општествени или политички прашања надвор од рамките на факултетот;* би *организирале поставување на политички или општествени прашања надвор од факултетот* и *би учествувале во политички и општествени законски дозволени протести.*

Оние кај кои е изразена димензијата потчинетост (HI), не би се вклучиле во ниеден вид на активност кој има значење на промена на некаков постоечки општествен систем.

Поизразените димензии: пресметливост (BC) и ладнокрвност (DE) позитивно корелираат со учество во општествено политички протести законски не дозволени, но кои индивидуата ги смета за праведни. Тие не би потпишале петиција и не би се вклучиле во поставување барања во рамките на факултетот.

Оние кои се непретециозни (JK) и соработливи (LM), не би се одлучиле за ниеден од наведените видови на општествена активност.

Интровертите никако не би се вклучиле во потпишување на петиција во рамките на факултетот, додека друштвените (NO) би потпишале петиција, би иницирале барање, би учествувале во бојкот во рамките на факултетот, но би се организирале и за поставување на општествени или политички барања надвор од рамките на факултетот.

## Заклучни согледувања

Овој дел од истражувањето *Реални и виртуелни идентитети* насловен како *Самоперцепција на младите за нивната личност, фактори и последици* имаше за цел да истражи како младите се перципират себеси, со кои карактеристики се опишуваат себеси, како и да дознае кои се факторите кои ја определуваат таа самоперцепција, но и консеквентите од истата. Основната хипотеза во овој сегмент на истражувањето претпоставуваше дека младите ќе се перципираат себеси на свој специфичен начин и дека тој истиот ќе биде определен од неколку социодемографски фактори и ќе има свое влијание во неколку сегменти од општествено-политичкото живеење на младите.

Со примената на осумфакторскиот кружен модел на интерперсонални релации се доби просечен профил на личност на студентската популација во РМ, при што, кога би требало да се даде општ опис на нашите млади, би можело да се каже дека тие повеќе се перципираат себеси како соработливи и друштвени, а помалку како ладнокрвни и интровертни (затворени).

Во однос на факторите кои ја определуваат таа самоперцепција на младите, резултатите покажаа дека значајни варијабли за самоперцпеција се: полот, националноста и местото на живеење. Имено, машките со поголем интензитет во споредба со жените, се перцепираат себеси како доминантни, пресметливи, ладнокрвни и интровертни. Додека жените, со поголем интензитет во споредба со мажите, се перцепираат себеси како соработливи; Албанците, во споредба со Македонците, во описот на самите себе, повеќе ја истакнуваат: доминатноста, пресметливоста, ладнокрвноста и интровертноста, а Македонците пак, повеќе ја истакнуваат соработливоста и друштвеноста; испитаниците кои живеат во село во поголем степен се опишуваат себеси како интровертни, како помалку доминантни, во споредба со испитаниците кои живеат во град. Оние кои живеат во град, споредено со оние кои живеат во село повеќе се перципираат себеси како друштвени.

Што се однесува до консеквентите, последиците од определената самоперцпеција на младите, резултатите ги истакнаа следниве важни моменти:

- Определени димензии на личност се повразни со определено ниво на значајност што се препишува на различните видови на идентитет, па ќе се каже дека значајноста на личниот идентитет оди заедно со димензијата *ладнокрвност*, значајноста на граѓанскиот идентитет оди заедно со димензиите соработливост и друштвеност), значајноста на етничкиот идентитет оди заедно со димензиите: доминантност, пресметливост, соработливост и интровертност; значајноста на верскиот идентитет оди заедно со димензиите: потчинетост, пресметливост, соработливост и интровертност. Не е забележана значајна корелција кај одговорите на испитаниците за важноста на државниот идентитет и димензиите на личност.
- Определени димензии на личност се поврзани со спремноста на младите да прифатат определени општествени настани, случувања, појави како: учество во дебати и јавно говорење, прифаќање на спротивни мислења и аргументи, различни стилови на живот и право на абортус како законско право. Накратко, отвореноста кон различни општествени настани, случувања и појави, најчесто е повразана со димезниите како друштвеност, соработливост, па и доминантност, а негативно се порзани со интровертноста, па и потчинетоста.

- Определени димензии на личност се поврзани со самодовербата и довербата во другите кај младите, па ќе се каже дека колку повеќе се изразени димензиите: доминантност, пресметливост, друштвеност, па во определена (помала) мера и интровертност, толку личноста има поголема самодоверба. Самодовербата опаѓа како што расте интензитетот на изразеност на дименазијата потчинетост. Понатаму, да се има доверба во другите е во голем степен својствено за оние кај кои е поизразена димензијата топлина, а помалку изразена димензијата ладнокрвност.
- Определени димензии на личност се поврзани со спремноста на младите да останат да живеат или да ја напуштат државата, па анализите покажаа дека секогаш ќе останат да живеат во државата оние испитаници кај кои е поизразена димензијата интровертност, а дека при првата прилика државата ќе ја напуштат оние кај кои е поизразена димензијата ладнокрвност.
- Определени димензии на личност се поврзани со општествената ангажираност на младите, поточно ставовите на младите за нивната спремност да покажат спремност за општествена ангажираност.

Во овој сегмент анализите покажаа дека оние кои имаат поизразена димензија на доминантност, а поретко и пресметливост и ладнокрвност, би биле поспремни за прифаќање на голем дел од наведедните активности што значат општествена ангажираност; оние кои кај кои е изразена димензијата потчинетост не би се вклучиле во ниеден вид на активност кои има значење на промена на некаков постоечки општествен систем, а оние кои се непретенциозни и соработливи не би се одлучиле за ниеден од наведените видови на општествена активност.

Ова се главните наоди од сегментот на истражувањето што се однесуваше на самоперцепцијата на младите, причините и последиците од истата и би требало да имаат големи импликации во напорите за креирање на квалитетни образовни програми, програми кои имаат за цел развој и креирање на една млада, општествено активна личност, личност со голема самодоверба и доверба во другите, личност која ќе прави напори да гради граѓански идентитет.

## Користена литература


Hatcher, R.L., & Rogers, D.T. (2009). Development and validation of a measure of interpersonal strengths: The Inventory of Interpersonal Strengths. *Psychological Assessment, 21*, 544-569.

Horowitz, L.M. (2004). *Interpersonal foundations of psychopathology*. Washington, DC: American Psychological Association.

Horowitz, L.M., Alden, L.E., Wiggins, J.S., & Pincus, A.L. (2000). *Inventory of Interpersonal Problems Manual*. Odessa, FL: The Psychological Corporation.

Kiesler, D.J. (1996). *Contemporary interpersonal theory and research: Personality, psychopathology and psychotherapy*. New York: Wiley.

Kiesler, D.J., Schmidt, J.A. & Wagner, C.C. (1997). A circumplex inventory of impact messages: An operational bridge between emotional and interpersonal behavior. In R. Plutchik & H.R. Conte (Eds.), *Circumplex models of personality and emotions* (pp. 221–244). Washington, DC: American Psychological Association.

Leary, T. (1957). *Interpersonal diagnosis of personality*. New York: Ronald Press.

Locke, K.D. (2000). Circumplex Scales of Interpersonal Values: Reliability, validity, and applicability to interpersonal problems and personality disorders. *Journal of Personality Assessment, 75*, 249–267.

Locke, K.D. (2006). Interpersonal circumplex measures. In S. Strack (Ed.), *Differentiating normal and abnormal personality* (2nd Ed., pp. 383–400). New York: Springer.

Trapnell, P.D, and Wiggins, J.S. (1990). Extension of the Interpersonal Adjective Scales to Include the Big Five Dimensions of Personality. *Journal of Personality and Social Psychology*. Vol. 59 (4) October, pp. 781-790.

Wiggins, J. S., (1996). An informal history of the interpersonal circumplex tradition. *Journal of Personality Assessment, 66,*217-233

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Овој дел од истражувањето *Реални и виртуелни идентитети* насловен како *Самоперцепција на младите за нивната личност, фактори и последици* имаше за цел да истражи како младите се перципират себеси, со кои карактеристики се опишуваат себеси, како и да дознае кои се факторите кои ја определуваат таа самоперцепција, но и консеквентите од истата. Основната хипотеза во овој сегмент на истражувањето претпоставуваше дека младите ќе се перципираат себеси на свој специфичен начин и дека тој истиот ќе биде определен од неколку социодемографски фактори и ќе има свое влијание во неколку сегменти од општествено-политичкото живеење на младите.

Со примената на осумфакторскиот кружен модел на интерперсонални релации се доби просечен профил на личност на студентската популација во РМ, при што, кога би требало да се даде општ опис на нашите млади, би можело да се каже дека тие повеќе се перципираат себеси како соработливи и друштвени, а помалку како ладнокрвни и интровертни (затворени).

Во однос на факторите кои ја определуваат таа самоперцепција на младите, резултатите покажаа дека значајни варијабли за самоперцпеција се: полот, националноста и местото на живеење. Имено, машките со поголем интензитет во споредба со жените, се перцепираат себеси како доминантни, пресметливи, ладнокрвни и интровертни. Додека жените, со поголем интензитет во споредба со мажите, се перцепираат себеси како соработливи; Албанците, во споредба со Македонците, во описот на самите себе, повеќе ја истакнуваат: доминатноста, пресметливоста, ладнокрвноста, интровертноста, а Македонците пак, повеќе ја истакнуваат соработливоста и друштвеноста; испитаниците кои живеат во село во поголем степен се опишуваат себеси како интровертни, како помалку доминантни, во споредба со испитаниците кои живеат во град. Оние кои живеат во град, споредено со оние кои живеат во село повеќе се перципираат себеси како друштвени.

Што се однесува до консеквентите, последиците од определената самоперцпеција на младите, резултатите ги истакнаа следниве важни моменти:

- Определени димензии на личност се поврзни со определено ниво на значајност што се препишува на различните видови на идентитет, па ќе се каже дека значајноста на личниот идентитет оди заедно со димензијата *ладнокрвност*, значајноста на граѓанскиот идентитет оди заедно со димензиите соработливост и друштвеност), значајноста на етничкиот идентитет оди заедно со димензиите: доминантност, пресметливост, соработливост и интровертност; значајноста на верскиот идентитет оди заедно со димензиите: потчинетост, пресметливост, соработливост и интровертност. Не е забележана значајна корелција кај одговорите на испитаниците за важноста на државниот идентитет и димензиите на личност.

- Определени димензии на личност се поврзани со спремноста на младите да прифатат определени општествени настани, случувања, појави како: учество во дебати и јавно говорење, прифаќање на спротивни мислења и аргументи, различните стилови на живот и право на абортус како законско право. Накратко, отвореноста кон различни општетсвени настани, случувања и појави, најчесто е повразана со димезниите како друштвеност, соработливост, па и доминантност, а негативно се порзани со интровертноста, па и потчинетоста.
- Определени димензии на личност се поврзани со самодовербата и довербата во другите кај младите, па ќе се каже дека колку повеќе се изразени димензиите: доминантност, пресметливост, друштвеност, па во определена (помала) мера и интровертност, толку личноста има поголема самодоверба. Самодовербата опаѓа како што расте интензитетот на изразеност на дименазијата потчинетост. Понатаму, да се има доверба во другите е во голем степен својствено за оние кај кои е поизразена димензијата топлина, а помалку изразена димензијата ладнокрвност.
- Определени димензии на личност се поврзани со спремноста на младите да останат да живеат или да ја напуштат државата, па анализите покажаа дека секогаш ќе останат да живеат во државата оние испитаници кај кои е поизразена димензијата интровертност, а дека при првата прилика државата ќе ја напуштат оние кај кои е поизразена димензијата ладнокрвност
- Определени димензии на личност се поврзани со општествената ангажираност на младите, поточно ставовите на младите за нивната спремност да покажат спремност за општествена ангажираност.

Во овој сегмент анализите покажаа дека оние кои имаат поизразена димензија на доминантност, а поретко и пресметливост и ладнокрвност, би биле поспремни за прифаќање на голем дел од навеведните активности што значат општестевна ангажираност; оние кои кај кои е изразена димензијата потчинетост  не би се вклучиле во ниеден вид на активност кои имаат значење на промена на некаков постоечки општествен систем, а оние кои се непретенциозни и соработливи не би се одлучиле за ниеден од наведените видови на општествена активност.

Ова се главните наоди од сегментот на истражувањето што се донесуваше на самоперцепцијата на младите, причини и последици и би требало да имаат големи импликации во напорите за креирање на квалитетни образовни програми кои имаат за цел развој и креирање на една млада, општествено активна личност, со голема самодоверба и доверба во другите и која ќе прави напори да гради граѓански идентитет.

## Користена литература

Wiggins, J. S., (1996). An informal history of the interpersonal circumplex tradition. *Journal of Personality Assessment, 66,*217-233

Hatcher, R.L., & Rogers, D.T. (2009). Development and validation of a measure of interpersonal strengths: The Inventory of Interpersonal Strengths. *Psychological Assessment, 21*, 544-569.

Horowitz, L.M. (2004). *Interpersonal foundations of psychopathology*. Washington, DC: American Psychological Association.

Horowitz, L.M., Alden, L.E., Wiggins, J.S., & Pincus, A.L. (2000). *Inventory of Interpersonal Problems Manual*. Odessa, FL: The Psychological Corporation.

Kiesler, D.J. (1996). *Contemporary interpersonal theory and research: Personality, psychopathology and psychotherapy*. New York: Wiley.

Kiesler, D.J., Schmidt, J.A. & Wagner, C.C. (1997). A circumplex inventory of impact messages: An operational bridge between emotional and interpersonal behavior. In R. Plutchik & H.R. Conte (Eds.), *Circumplex models of personality and emotions* (pp. 221–244). Washington, DC: American Psychological Association.

Leary, T. (1957). *Interpersonal diagnosis of personality*. New York: Ronald Press.

Locke, K.D. (2000). Circumplex Scales of Interpersonal Values: Reliability, validity, and applicability to interpersonal problems and personality disorders. *Journal of Personality Assessment, 75*, 249–267.

Locke, K.D. (2006). Interpersonal circumplex measures. In S. Strack (Ed.), *Differentiating normal and abnormal personality* (2nd Ed., pp. 383–400). New York: Springer.

Trapnell, P.D, and Wiggins, J.S. (1990). Extension of the Interpersonal Adjective Scales to Include the Big Five Dimensions of Personality. *Journal of Personality and Social Psychology*. Vol. 59 (4) October, pp. 781-790.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во монографијава „Идентитетите на студентската популација во Република Македонија” се претставени дел од резултатите добиени во текот на истражувањето, спроведено во рамките  на поширокиот проект наречен „Реални и виртуелни идентитети кај студентската популација во Република Македонија” спроведено од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) во Скопје.

Основната цел на авторите на оваа монографија е да се прикажат состојбите во однос на идентитеската определба на студентската популација во Република Македонија како и нивните ставови поврзани со граѓанските и политичките активности во услови на актуелните општесвени констелации.

Монографијата содржи 5 (пет) тематски целини во кои авторите кај студентската популација во Република Македонија се осврнуваат на следниве аспекти: студентите помеѓу колективните идентитети и индивидуализацијата; студентите како локалци или граѓани на светот; ставовите на студентите во врска со нивната политичка партиципација; студентите и нивниот однос кон религијата, како и самоперцепцијата на студентите за нивната личност.

Анализата на добиените резултати од податоците добиени во текот на истражувањето ни овозможи да направиме увид во општествената реалност и актуелните трендови и идентитетската определба кај студентската популција во Република Македонија. Истовремено, сметаме дека стекнатите сознанија можат да бидат ставени во функција на изградба на граѓанскиот идентите кај младите во Република Македонија, како и за развој и унапредување на онака кревкото демократско општество.